СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата  и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 1995 година

Скопје, декември 1995 година

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА (34) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДЖАНА НА 27. XII. 1995** год.


1.АНДОВ СТОЈАН – 1
2. АТАНАСОВ ЃОРЃИ – 70
3. АБДИ ФАИК - 70
4. АРСОВСКИ БРАНКО – 93, 170, 172
5. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 106, 107, 156
6. БИЈКОВ ИВАН - 22
7. БИЊАЛИ МЕРСЕЛ – 36, 39
8. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ – 16, 19
9. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 19
10. ЖУТА БЕЌИР - 157
11. ИБРАИМИ САЛИ - 79
12. ИВАНОВ РИСТО - 122
13. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 41
14. КАРОВ ИЛИЈА - 47
15. КАДРИУ ЗЕЌИР - 63
16. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 81, 82
17. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 106, 159
18. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 43
19. МИЌОВСКИ ЈАНЕ – 10, 124, 136, 146, 151, 153
20. МЕШКОВ ЉУПЧО – 33, 35
21. МИНОВ ПАНЧО - 78
22. НИКОЛОВСКИ ДУШАН – 67, 110, 113, 119
23. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 92 Т.13-стр.177
24. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 114
25. ОСМАНИ РУФИ – 72, 75
26. ПАУНОВ ТОДОСИЈА – 60, 167
27. ПАВЛОВ БОРИС - 105
28. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА – 146, 155
29. РАМАДАНИ ХИСЕН – 145, 161
30. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 3, 26, 28, 99
31. СТОЈАНОВСКИ ЗДРАВКО - 39
32. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 77
33. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 84
34. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 102
35. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР – 109, 116
36. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 134
37. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ – 7, 88, 90
38. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 22
39. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 51, 60, 104, 107, 150, 160, 161
40. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 3, 4
41. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 154
42. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 112. 115

ДНЕВЕН РЕД СЕ НАОЃА НА СТР. 5
Т.1-стр.8
Т.2-стр.9 (за БУЏЕТ)
ПРОДОЛЖУВА СТР.123
Т.8-стр.118
Т.3-стр.126
Т.4-стр.131
Т.5-стр.143
Т.6-стр.143
Т.7-стр.144
Т.9-стр.163
Т.10-стр.165
Т.11-стр.174
Т.12-стр.175
Т.13-стр.177
Т.14-стр.178
Т.15-стр.179
Т.16-стр.180
Т.17-стр.180
Т.18-стр.181
Т.19-стр.181
Т.20-стр.181


КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27.12.1995 год.

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 34-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Љупчо Беличев и Рами Туда ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од 29-та седница на Собранието на Република Македонија, Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?(не)

Констатирам дека записникот од 29-та седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Пратеникот Томислав Стојановски, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со информација на Владата на Република Македонија во врска со најновите активности на Параунивезитетот во Тетово.

I/2.-ДВ/0М

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија.

До денес Владата на Република Македонија не достави информација по ова прашање.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ме информираат од Владата дека информација Владата ќе достави дополнително.

Кој е за предлогот на пратеникот Томислав Стојановски, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека предлогот на пратеникот Томислав Стојановски не е усвоен.

Пратеникот Томислав Стојановски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со информација на Владата во врска со меѓународните активности поврзани со континуитетот, самостојноста и сукцесијата на ново настанатите држави, со распаѓањето на поранешна СФРЈ, особено од аспект на сегашната и идната позиција на Република Македонија. Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија.

До денес Владата не достави информација.

Ме информираа од Владата дека информација ќе достави дополнително.

Кој е за предлогот на г-динот Стојановски да крене рака?(2)

Констатирам дека предлогот на пратеникот Томислав Стојановски не е усвоен.

Г-динот Стојановски бара да постави процедурално прашање.

I/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, со оглед на дневниот ред и на фактот дека Владата не ги разгледувала овие две барања за информации, барам од Владата изјаснување дали ќе може за првата наредна седница овие информации да ни бидат доставени на разгледување во Собранието, за да го дополниме дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е барање кое може да се постави тогаш, на наредна седница и не повлекува никакви известувања сега.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за гаранција на Република Македонија по договорот за заем, за проектот - кредитна линија, за мали и средни претпријатија.

Предлогот на законот, Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната неодложна потреба од донесување на овој закон.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи не се работи за сложен закон, а од друга страна се работи за средства за ко сметаме дека треба што побргу да се стават во функција, предлагаме законот да се разгледа по итна постапка на денешната седница.

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се разгледа по итна постапка, молам да крене рака? (87).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заем, за набавка на опрема за Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија, погон РЕК "Осломеј".

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од донесување на овој закон.

Има збор претседателот на Владата Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Од исти причини како и за претходниот закон, се работи за закон кој не содржи сложена материја, а од друга страна на нашето електростопанство му е битно час поскоро да се ефектуира. Се работи за набавка на багери за откривање на раскрифка во Осломеј.

Бидејќи целисходноста не е спорна, сметаме дека може и на денешната седница по итна постапка да се гледа и донесе овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка? (92)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага да се разгледа предлогот на одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1996 година.

Предлогот на одлуката, Ви е поделен.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака? (80)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави предлози на одлуки за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, за дополнување на одлуките за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието и за именување на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје и за членови на Посебната комисија за утврдување предлог за именување индивидуален работоводен орган декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје и предлага со нив да биде дополнет дневниот ред за оваа седница.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (85

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на Буџет на Република Македонија за 1996 година;

3. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1996 година, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон аз ограничување изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1996 година, со Предлог на закон;

5. Предлог ан закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем за проектот кредитна линија за мали и средни претпријатија;

6. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем за набавка на опрема за Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија, погон РЕК - Осломеј;

7. Предлог аз донесување на закон за претворање на краткорочните кредити во долгорочни кредити,со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинска тарифа, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните кредитни влогови на граѓаните и за обезбедување на средствата и начин на исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година, со Предлог на закон;

11. Предлог аз донесување на закон за дополнување на Законот за станбените односи, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште;

15. Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1996 година;

16. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно - кредитната политика за 1996 година;

17. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

18. Предлог на .одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата на Собранието на Република Македонија;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје;

20. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган, декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Дали има предлог аз изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Предлогот на закон што го доставив за оваа седница, го повлекувам за една од

наредните седници, бидејќи немаме изјаснување од Владата. До наредната седница се надевам дека Владата ќе достави свое видување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некое друго видување односно друг предлог, неврзан за оваа точка? (Нема)

Со оглед на повлекувањето на точка 13, сите останати точки после оваа точка се повлекуваат напред.

Бидејќи нема други предлози , предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(96)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на **<u>Првата точка</u>** - <u>избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.</u>

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави предлог на кандидатот за потпретседател на Собранието на Република Македонија, во форма на Предлог на одлука кој Ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот на кандидатот за потпретседател на Собранието.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседател со мнозинство гласови од вкупните број пратеници.

Кој е за предлогот пратеникот Блаже Филиповски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (99)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека пратеникот Блаже Филиповски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Го повикувам избраниот потпретседател да даде свечена изјава.

Го молам избраниот потпретседател да ја чита изјавата после мене.

"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам потпретседателот на Собранието,Блаже Филиповски да ја потпише свечената изјава

Потпретседателот Блаже Филиповски, ја потпишува свечената изјава.

На потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-динот Блаже Филиповски му го честитам изборот и му пожелувам успешна работа во вршењето на функцијата (аплауз)

Минуваме на **Втората точка** од дневниот ред - Предлог на Буџет на Република Македонија за 1996 година.

Предлогот на Буџетот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Го молам, министерот за финансии г-динот Јане Мивовски да го презентира предлогот.

II/1.-CJ/МЛ

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и госпдоа.

Пред Вас се наоѓа Буџетот за 1996 година. Тоа е втор Буџет што оваа Влада го презентира пред Вас. Условите во кои овој Буџет треба да се извршува се сосема поинакви од оние од минатата година кога го предложивме првиот Буџет. Сепак и овогодишниот Буџет има големи сличности со оној за што го имавме и за кој гласавте Вие минатата година. Причините за сличноста, но и за разликите меѓу двата буџети ќе ги образложам подоцна.

Најнапред сакам да Ве потсетам дека Буџетот е резултат на повеќе месечна работа на Владата и на повеќе нејзини министерства. Оваа работа се одвиваше низ низа документи кои се подготвија, прво како наша платформа за разговорите со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Свој конзервиран израз елементите на макроекономската политика имаат во писмото на намери кој што Владата на Република Македонија го усвои и го испрати до директорот на ММФ. Таа политика, исто така, по опстојно е разработена во макроекономската политика на Република Македонија за 1996 година, што ја подготви Министерството за развој и која исто така е на денешната седница пред Вас.

Буџетот кој што почива на таа макроекономска политика, разработена во сите овие документи, всушност е одреден план за трошење на средствата кои државата ги прибира со јавните давачки. Од тука појдовна основа на секој Буџет е претпоставениот ниво на приходи во годината.

II/2.-

Покрај приходите основна претпоставка за логично изразување на Буџетот се: макроекономските ефекти кои сака една земја да ги постигне во следниот период. Тоа значи дека со Буџетот се поставуваат рамките во кои ќе се одвива економскиот живот на одредена земја.  Она што влијаеше на Буџетот за 1996 година, да биде таков каков што е, се случките кои што се случија оваа година, кои што на извесен начин го одредуваат и она што ќе се случи во 1996 година, се разбира заедно до нашите прогнози. Овде, веднаш морам да кажам, дека во конципирањето на Буџетот ние одиме со таканаречен конзервативен пристап, кој практично се состои во тоа, Буџетот да се формира на основа на она што се случило во изминатиот период, со јасна определба дека нашите навистина пооптимистички очекувања во идната година, евентуално да бидат вградени во еден ребаланс, а не во Предлогот на буџетот сега. Оттука, значи, очекувањата ни се пооптимистички од она што ви го нудиме во Буџетот, меѓутоа ќе почекаме тоа навистина да се оствари.

Појдовна основа за Буџетот во 1996 година е определбата јавната потрошувачка да остане на реално исто ниво како и минатата година. Потребата од задржување на потрошувачката на исто ниво како во 19 9 5 година е диктирана од потребата за продолжување и стабилизирање на економската рамнотежа која успеавме, морам да кажам, со огромни напори да ја воспоставиме во 1995 година. Битните постигања на економски план кои што ги постигнавме во 19 9 5 година, а кои што ќе делуваат во 1996 година се: постигната контрола на инфлацијата, стабилен курс на денарот, постепен но континуиран раст на девизните резерви, воспоставена контрола на монетарните агрегати и делумна консолидација на фискалниот сектор.

Оттука, задржувајќи ја реалната потрошувачка на исто ниво како во 19 95 година, беше нужно да се предложи буџет кој ќе биде ист како и овогодишниот, коригиран со стапката на очекуваната инфлација за 1996 година. Инфлацијата која што ја очекуваме во 1996 година изнесува 6% на годишно ниво.

Исто така како основна појдовна точка на макроекономската политика во 1996 година или како еден основен елемент за таа политика е фактички задржување на курсот на денарот спрема германската марка на 27 денари за една марка.

Останати елементи врз база на кои сто се потпира Буџетот се: проценка за пораст на општествениот производ од 2% годишно, ние минатата година имавме еден благ оптимизам за 0,8%, тој не се оствари, меѓутоа сега сметаме дека овие 2% имаме реална шанса да ги оствариме во идната година, намалување на државниот долг преку отплата на обврските кои што достасуваат во 19S6 година, продолжување на реформите во банкарскиот систем, измени во фискалната политика, како и довршување на процесот на реорганизација и консолидација на Службата за јавни приходи што треба да доведе до зголемување на ефикасноста во наплатата на јавните приходи, завршување на реформата на царинскиот систем заедно со одредени промени и во организацијата на работењето на Управата за царина, завршување на доработка на постојниот систем на даноци со цел негово поедноставување и смалување на можностите за избегнување на плаќање на данок, потоа сметаме дека во следната година ќе биде донесен законот за трговски друштва, ќе биде донесен закон за денационализација и ќе биде донесен законот за јавни претпријатија.

Буџетот на Република Македонија за 1996 година се предлага во износ од 46 милијарди и 364 милиони денари и тоа 42,9 милијарди се изворни приходи, 400 милиони се донации од странство а три милијарди

се кредити од меѓународните финансиски институции. Оттука, она што ќе го видите на првата страна што ви е прикажано како дефицит, фактички се работи за отплата на долговите преку надворешно финансирање. Значи, од меѓународните финансиски институти добиваме средства и со нив ги плаќаме старите долгови, додека она што државата нето ќе го потроши во оваа година, не покажува дефицит. Значи, дефицит, е чисто книговодствен во она што ви го прикажуваме.

Со Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1996 година изворните приходи на Буџетот се утврдени во износ од 42,9 милијарди или тоа претставува 23,5% од проценетиот општествен производ за 1996 година или некаде за 0,8% помалку учествува овогодишниот буџет во општествениот производ од минатогодишниот.

Како резултат на сите движења во економијата на нашето стопанство, како и на резултат на падот на порастот на производството т.е. почнување на извесно растење на производството, меѓутоа и спроведување на програмата на загубарите, зголемување на бројот на претпријатијата што отидоа под стечај, дојде до одредено опаѓање на планираните приходи на Буџетот, поради што беше изготвен ребаланс во функција на намалување на Буџетот за 7 милијарди, односно намалување од 16,8%. Вака ребалансираниот Буџет претставува основица за ова што сега ви го предлагаме.

Во Буџетот за 1996 година во функција на намалување на буџетските трошоци ќе се врши натамошна рационализација на трошоците, при што за одбележување се следните трошоци: замрзнување на платите на ниво на исплатените плати за месец август 1995 година исплата на надоместок за општествена исхрана и

надоместок за превоз во износи нешто пониски отколку колективнкот договор, ова се однесува за буџетските корисници,-не се однесува на приватизираните претпријатија. Потоа, укинување на надоместок за регрес за годишен одмор; понатаму, преку објективизирање иа критериумите за стекнување на право за социјална помош, да се намали бројот на домаќинствата кои што ќе ги користат овие надоместоци; потоа, укинување на регресот од камата за кредитирање на земјоделството; преоценување на субвенциите на земјоделските производи, односно да се изврши измена на листата на производи кои ќе бидат субвенционирани со што ќе се намалат средствата на државата по овој основ, меѓутоа спротивно на смалување на средствата за субвенции предложено ви е зголемување на средства за изградба на агроберза; потоа, поддршка на инвестициите особено во инфраструктурата и тоа за изградба на железничка пруга, пругата кон Бугарија, водоводите, патиштата, електрификација на селата и инвестиции во областа на здравството.

Исто така во овој Буџет се предвидува да се задржат средствата што беа предвидени за санација на банките, да се изврши ревизија на воспоставениот систем за финансирање на стоковните резерви, при што односите на Дирекцијата за стоковни резерви ќе се уредат на начин кој што ќе овозможи работење на овој орган во вистински пазарни услови. Потоа, да се обезбедат средства за реализација на програмата за социјална заштита на загрозеното население како месечна исплата на депонирани штедни влогови на штедачите кои имаат потреба од социјална помош, при што ќе се донесе програма за заштита на социјално загрозеното население. И, одлука за критериумите, начинот и постапката за остварување на ова право, а со цел успешно да се трансформира програмата за социјална заштита во системот на праведно и ефикасно егзактно селектирање на сиромашни лица.

Истовремено, ќе се утврди границата за сиромаштија на ниво на семејството базирана на минимум потрошувачка кошница и ќе се изострат критериумите и ќе Се потрудиме да обезбедиме реигорозна контрола на сите овие домаќинства кои што потпаѓаат во оваа категорија.

Почитувани пратеници, јас не би навлегувал во детали на Буџетот, Буџетот едноставно е кај вас, вие може да видите напред кои приходи ги планираме, може да видите и кои расходи ги планира- ме. Меѓутоа, би сакал да потсетам, да укажам, само на некои основ- ни елементи кои што ќе ги најдете во овој буџет пред да завршам.

Ако ги земете трите власти, судската, извршната и законодавната власт, ќе утврдите дека во овој Буџет нивните меѓусебни односи остануваат речиси исти со минимално покачување на учеството во Буџетот на законодавната власт. Потоа, учеството на групацијата каде што со образованието, детската заштита, социјална заштита, култура, наука, физичка култура, здравство, минатата година забележи пораст наспрема 1994 година кога учествувала со 35% во вкупните давачки на 41% во 1995 година и ние мислиме тоа ниво да го задржиме и во оваа година. Понатаму, групацијата на потрошувачи на Буџетот Одбрана, внатрешни работи е горе долу на исто ниво со еден минимален пад во вкупниот буџет.

Почитувани дами и господа, јас предлагајќи во име на Владата овој буџет пред вас, се надевам дека ќе дадете поддршка и ќе разберете дека и кај нас во Владата беше извонредно тешко да се дојде до овој текст или до овие бројки што ви ги презентираме. Се разбира, секој министер се трудеше за својот ресор да обезбеди што повеќе средства за да може да спроведува реформи кои што добро би дошле во секоја поединечна област на нашето живеење.

На крајот, сепак се согласивме дека општиот интерес на Републиката е да се оди со Буџет кој што истовремено ќе биде и рестриктивен за да продолжи политиката на стабилизација, меѓутоа и реформски бидејќи во него остануваат речиси во непроменет износ оние средства кои што се планираат да се наменат за ст панските реформи.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? Има збор Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри, премиере.

Најпрвин сакам да изразам негодување поради толку задоцнување со Буџетот за 19 9 6 година како еден значаен акт заслужува подетално разгледување од сите структури во парламентот, а тоа бара доста време. Сега ние, сакајќи или не, сме пред свршен чин.

Во повеќе земји на ова прашање му се посветуваат неколку недели каде доаѓа во предвид креативноста на сите структури од Парламентот. Тоа што го изнесе господинот министер намерно или ненамерно, не може да се смета за целосно образложение за овој толку важен акт, меѓутоа верувам дека министерот пак ќе се вклучи во расправа да ни објасни некои работи.

Во однос на предвидените приходи на Буџетот за 19 96 година а имајќи во предвид трендот на реализацијата на Буџетот за 1995 година,

направениот ребаланс, токовите во производството и прометот, како и реализацијата на поедини изворни приходи на Буџетот, на мислење сум па, и предлагам:

Предвидените приходи од персоналниот данок на доход во износ искажан во Буџетот предлагам да се намали за 10% од причина што постојано е во пораст бројот на отпуштените работници, а новите вработувања се во помал број, помал пораст, поради што ќе дојде до немоќ на редовна исплата на плата, а со тоа и на персоналниот данок на доход.

Освен ова во 1995 година имаше постојано фултивно плаќање на оваа давачка од страна на даночните обврзници. Со новото сопственичко трансформирање, т.е. со преструктуирање на општествената сопственост во приватна и поради рационализацијата и продуктивноста нормално ќе дојде до одредено напуштање на работници, бидејќи светот се смени, претераното вештачко вработување во однос на потребата.

Истовремено предлагам зголемување на приходите од данокот на добивка од 25% од предвидената ставка, значи околу 500 милиони денари кое реално може да се очекува под услов да се намали даночната стапка од сегашната 30% на 10 или најмногу до 15%. Сето ова поради следното: со пониска даночна стапка интересот за прикривање на данокот од добивка ќе биде помал. Постојниот пресметковен систем, Законот за сметководство, Законот за финансиско работење, кои се донесени во 1993 година овозможува утврдување на различни резултати од работењето во однос на саканите ефекти или пожелните ефекти. Ако се гледа во блиска ретроспектива кога имавме пониска даночна стапка реализиравме поголеми приходи од овој вид, од проста причина што постојано треба да се настојува поголем данок да се прибере од тие што

искажуваат добивка, т.е. од појакиот економски слој како што е на пример во развиениот Запад особено во САД каде што претежно буџетските приходи се остваруваат од овој вид на данок. Со зајакнување на царината и даночната дисциплина постојано ќе дојде до зголемување на приходите од царината и данокот на промет па и акцизите како основни столбови на буџетските приходи и тоа околу 60% од предвидениот Буџет, што се покажа во последните месеци од 1995 година, и со определба по истиот тренд да се продолжи сигурно ќе дојде до поуспешна буџетска година.

Зголемувањето на овие приходи предлагам да биде како расходи исклучиво за регресирање на комерцијалните камати, значи за обртните средства и инвестициони кредити во производните гтрограми. Со зголемување на инвестициите се зголемува можноста за нови вработувања, во стопанската спирала ќе дојде до заживување на производното стопанство и пораст на општествениот производ, кој за жал во последниве години е во опаѓање.

За сето она што го изнесов горе е и правилното толкување и примена на позитивните законски даночни прописи и правила и ќе дојде до соодветно прибирање на давачките.

На крај во однос на законот за извршување на Буџетот за 1996 година,мислам дека треба да се извршат одредени корекции во смисла на можноста за пробивање на лимитираните износи на буџетските расходи, по пат на користење на кредити и заеми како и камата за одреден вид на расход.

Исто така сум на размислување за потребата за дефинирање на динамиката на реализацијата на буџетските расходи кај поедини буџетски ставки. Со ова пред се мислам на ставката Тековни трансфери која по основ на големина претставува 1/3 од вкупните буџетски расходи.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ** : (Продолжение)

Како и по основ на намената за социјална заштита, така и по основ на субвенции, дотации, премии и тн. Заради правилна динамика и хронологија на овие видови на буџетски расходи, потребно е од страна на Министерството за финансии да се изготви план, а кој ќе го усвои Владата со кој ќе се предвиди динамиката на распределба на овие буџетски расходи. Со ова истовремено би се избегнала и можноста за елиминирање на субјективните елементи при распределба на средствата за соодветните буџетски корисници.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и почитувани министри.

Ист амбиент, иста слика. Она што го кажуваше министерот за финансии потсеќа на ланското искажување, така да не беше доволно убедително со тоа што кажува дека ќе се повтори истиот епилог, резултатот се знае, односот на силите се знае, ако треба до полноќ ќе седиме, Буџетот мора да се донесе. Кажувањето на министерот беше добро, но не е баш така. Но што провејуваше ова прашање низ целата тековна година, беше прашањето што е и хендикеп на сите пратеници, тоа е ММФ и Светската банка. На ова прашање не добивме никаков одговор. Што е хендикеп од сега тука на пратениците. Било која иницијатива да дојде, било која заложба ^а дојде од било кој пратеник, ќе се излезе на говорница и министерот ќе каже не, ова не е договорено со ММФ. Ние ќе ја пробиеме, со ова се дефинирани односите. Дали е така,

не е баш така. Не ја кажа платформата со меѓународниот монетарен фонд и со Светската банка. Ние како пратеници ако е -соа строго доверлива тајна мора да имаме информации што е договорено и кои се правилата на играта. Ние не знаеме и сега сме хендикепирани, на самиот почеток ќе расправаме за Буџетот, а не ги знаеме правилата на играта. Се другото, додека не стане министерот да каже што е договорено со ММФ е чиста заблуда. Од оваа говорница истиот министер ги направи малку недесиденти стопанствениците. Имаме доста стопанственици. Ги направи дека тие сакаат да го растурат стопанството, не ја разбираат политиката, не е ова добро, не треба така, зошто? Бидејќи кравата што дава млеко ќе ја уништиме, тоа е стопанството. Нема никакви стимулации. И оваа година нема ништо за стопанството. Јас не сум стопанственик, подобро ќе кажат стопанствениците во стопанството. И оваа година нема стимулации. Стопанството е пак оставено. Се повторува истата приказна. Она што нас не загрижува е тоа изразено во УСА долари во вкупната маса излегува дека Македонија е релативно богата земја. Излегува како национален доход 2,5 долари по глава. Тука некој пратеник кажуваше дека ние сме бурунди, со 690 долари национални по глава. Сега на кого да веруваме. На министерот или на некој информации или дезинформации. Сигурно дека ќе образложи министерот дека земен е тековниот курс на доларот и дека направено вака, направено така, ова во уводното излагање министерот не го образложи. Дека постојат многу фалени во самиот Буџет, постојат. Би било секако, тешко да се анализираат сите оддели, но постојат и реални прашања дали овој Буџет е со дефицит. Постои таму на страна 6 оддел 4, 2 и средства за извори. Кој се тие извори што ги предвидена Владата?

Знаеме дека оваа година не се предвидени извори, ако се предвидени за претседателски избори или ако некој предвидел оваа година да има претседателски избори, мислам дека тоа е многу прерано, мислам дека претседателот Глигоров ќе се врати и на ова прашање министерот треба да даде одговор. Ако рековме дека постои 6% инфлација, сите зголемувања на капитални трошоци и сите други раздели треба да одат пропорционално со 6%. Некаде имаме зголемување до 100%. Таму има некоја ставка која останува под енигма договорени услови. Кој се тие договорени услови? Дали сите законски проекти кои ги пишуваат министрите, т.е. на Правниот факултет почитуваните професори, дали се тоа тие договорени услуги. И на ова прашање треба да се даде одговор, бидејќи ние ќе ги разгледуваме по разделни оддели и министерот за финансии ќе каже друга работа е спомната таму на страна 23, кога станува збор за железницата има зголемување на 100%, некаде изразено во денари милијарда и осумсто милиони нови денари. Се поставува сега прашањето што е со железницата. Ако знаеме дека ни доаѓаат информации и од Германија и кредиторите дека оваа железница не го положи испитот, бидејќи не ги задоволува условите, направена е една омашка, сите се декларираме за пазарно стопанство, направена е договорна економија, понудено е без тендер, без никаква лицитација на четирите најголеми фирми и направени се на самиот старт капитални грешки, затоа што тука се кажуваше дека железницата ќе чини 120 милиони американски долари, а првичните проценки се некаде 220 милиони долари, значи дека направена е голема грешка. Дали постои економска оправданост за железницата, сега ќе се постави прашањето. Инвеститорите од Запад не ја прифаќаат оваа работа и тешко ќе не исфинансираат со тоа што

договорна економија не признаваат. Признаат тендер и лицитација. Не би се задржувал со поедини позиции кога ќе дојде.^време сигурно ќе дискутираме по одделни позиции.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Само процедурално мислам дека не е коректно кога дискутираме денеска за Буџетот да се изјаснуваме во име на пратениците што ни е јасно, што не ни е јасно, што знаеме, што не знаеме, бидејќи голем дел од нас добро го проучиле Буџетот и полно работи ги осознале, а денеска што не наеме самите за себе ќе поставиме прашање и што не ни е јасно. Вака да анализираме ние пратениците, знаеме, не знаеме, не сме известени, мислам дека не е коректно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема на процедурално укажување реплика. Тоа е процедурално укажување, секој ќе си сфати дали се однесува на него, колку и како.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуванипратеници, господин премиер, почитувани министри, јас имав прилика на повеќе комисии да се искажам да ги изнесам сопсдтвените гледања и сигурно еден дел најдоа свое мислење. Се согласувам дека овој Буџет е усовршен и дека може да се видат паралелно три години какви се претходните две остварувања и предвидувањата за наредната година. Сигурно веднаш ќе го поставам

прашањето дека овој Буџет е равен на десетомесечниот од минатата година со 6% зголемување, сметано на инфлацијата за 1996 година. Сигурно ќе се запрашаме дали и во 199 6 година ќе има укинување на дел на дејностите што ги предвидуваат одредени министерства.

Сепак, ако се погледне во образложението од првата алинеја ќе стане уште појасно на одредени прашања и далеку и, предлагач јасно ни става до знаење дека овој документ базира на претходно усогласување. Јас го прифаќам тоа, бидејќи усогласувања секогаш се потребни. Сепак ми се чини дека некои работи треба да бидат анализирани од друг аспект. Имено, планираниот Буџет тргнува од стапка на инфлација 6% на општествен производ од 10%, индустриско производство од 2%. Овие бројки не одат едни со други, по мое размислување. Ние како пратеници сигурно, јас не, а вие не знам не располагаме со аналитички проценки врз основа на кои се прогнозираат овие проценки, но сепак може да се каже дека спроведувањето на номиналниот раст на општествениот производ од 10% со инфлација од 6%, не е баш реално. Ако се одбијат свие бројки за разлика од инфлацијата, произлегува дека номинално некаде во предлогот што е во образложението не се оперира со реален раст. Општествениот раст би бил 4%, што пак не е изводливо при раст на производство за 2%. Ако овие две бројки не се добро компонирани, тогаш и проценките за остварување на приходите не можат да бидат до крај прецизни. Па може да ни се случи ако и оваа година и до година да констатираме дека заради одредени и неостварувања на приходите треба да се укине еден дел од активиста, да се смали ова или слично на тоа. Не очекувам дека ќе ги нема сите работи сигурно е дека ќе имаме

ние Ребаланс и за наредната година. Понатаму, предлогот оди со идеа да се обезбедат средства за отплата на обврските кои стасуваат во 1996 година, кон кредиторите, поготово за камати и за главница на отплатата. Не можам да погодам дали е размислувано дел од овие средства да се намена за откуп на долговите на Република Македонија на меѓународниот пазар, на долговите кој што се со смален процент би се постигнал поголем ефект, од употребата на овој капитал во неговата намена. Тоа би било мошне корисно, ако се земе предвид искуството што го применија одделни држави настанати од поранешната федерација кој со мошне низок процент си ги откупија своите долгови и со тоа го смалија својот долг кон странските кредити.

Второ, се предвидува дека Буџетот ќе има дефицит од 3 милиони денари. Не можам да видам во извршувањето на приход на Буџетот по основ на овие кредити што ќе се добијат 3 милиони и 40 денари, а за камати во наредната година ќе се платат милион и пол и за главницата на кредити милион и пол, или вкупно кон странство ќе бидат платени 3 милиони денари. Салдото е негативен за 9 милиони денари, но во основа се изедначени овие позиции што значи по основ на овие задолжувања ќе се покриваат само од плати и парите и парите кај нив. Оттаму и идејата да се размисли, овие средства да бидат наменети за откуп на долгот на меѓународниот пазар, на долгови за која намена би било корисно да се активираат од делот на девизните резерви.

Ова беше општо во однос на можноста за инфлацијата и разликите во гледањето. Три конкретни работи. Ние претходната седница донесовме закон за плати. Овде со Буџетот кажуваме дека платите остануваат на ниво од минатата година. Нема да хи замерите што ќе к

кажам бидејќи јас не работам во нестопанство, туку во стопанство, замрзнувањето на платите на корисниците од Буџетот се чини дека ќе може да доведе до загрозување на ефикасноста и вршење во функција на државата, со оглед дека тотално се демотивираат одредени структури од овој сегмент.

Министерот Миљовски ми одговори на една собраниска комисија, делот го прифатив, но е извесно до кога ќе продолжи овој тренд на вакво усогласување, бидејќи личните доходи во полицијата, во судството, во управата се замрзнати на ниво од 1993 година. Исто така, укинувањето на средствата за регрес за годишен одмор има една терминолошка грешка, не се укинува надоместокот, туку само средствата во Буџетот. Сигурно е тоа дека не базира на пропис, бидејќи тоа право е утврдено со Законот за плати и потпишано во колективните договори со Синдикатот и другите чинители во оваа држава. Сигурно ќе се согласите дека Буџетот не може да укинува други прописи, треба јавно да се каже дека утврдените права со Буџетот се алиментираат додека тие права постојат. Ако се оцени дека тие права треба да се укинат, треба тоа Владата да го предложи, а не да ги доведува пратениците во позиција да гласаат или да прегласуваат што одреден пропис би бил претходно утврден.

И на крајот, во воведното излагање на министерот се заложи за минимум потрошувачка торба, бидејќи треба да се утврди границата на сиромаштијата. Во образложението стои дека овие лимити ќе бидат утврдени, вие исто така го потврдивте, но јас поставувам прашање како се планираат средствата за оваа намена ако не е утврдена таа граница на сиромаштија и кој треба да ја утврди. Дали ова прашање исто така е

во оптек на преговорите со меѓународните институции и со другите органи заинтересирани во оваа сфера. Ова беше од сферата на нашата социјална политика и партиска определба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почнувани членови на Владата, почитувани колеги, денеска сме почестени што Владата е во комплетен состав и треба да претставува за нас една посебна инспирација и задоволство за да можеме пред најкомпетентните луѓе на државата да подискутираме за најважниот документ на тековната година која што веќе очигледно е присутна и со атмосферата и со расположението кое што треба да претставува само едно задоволство во секој случај.

Донесувањето на Буџетот е акт, чин кој што има две димензии. Првата е една многу комплицирана материја, многу тешко многу непредвидлива, со низа претпоставки, втората ако се изгласа сигурно нема да донесе поинаква одлука, претставува едно задоволство дека имаме една проекција, дека имаме мерила и критериуми за кој што треба сите да се најдеме во идната година. Од сето она што го слушаме овие; денови, особено од ресорниот министер, г-дин Јане Миљовски, согласен со многу констатации и ќе бидам најсреќен ако најголем дел од тие предвидувања бидат остварени. Но сметам дека има многу причини за една резерва, има причини кои што можат да не доведат во една заблуда, ако до овој момент и натаму искажуваме само задоволство кој што може да ни се врати како бумеранг или како една работа кој што не ги сакал никој од нас пратениците кој што ќе треба денеска да го дадеме

или да не го дадеме својот глас за овој Буџет. Пред се сметам дека во концептирањето на дневниот ред многу полесно ќе ни беше ако претходно подискутиравме за неколку други точки од дневниот ред сврзани со буџетот, пред се макроекономската политика, затоа што тоа се основите, тоа се агрегати кој што можат многу да ја олеснат нашата ориентација и нашето осознаваше што сакаме да постигнеме со Буџетот. Но што е тоа е, тоа се тие материјали одат во еден пакет, така да сигурно дискутирајќи за сето ова не ќе можеме а да не кажеме, можеби и несвесно нешто што таа макроекономска политика го предвидува и другите мерки.

IV/1.- ЈМ-ВБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Многу од дискутантите изнесоа работи со кои што и јас сум согласен дека најмалку посветуваме внимание на она што го создава доходот, или во најголема мерка, а тоа во основа се стопанството со сите свои дејности, се разбира вклучувајќи го и земјоделието и останатите дејности. Особено ние земјоделското производство во континуитет го занемаруваме. Дали конечно нашата свест ќе биде на висина, дури и на една Америка, дека без силно фармерско производство нема ниту индустрија, нема ниту прогрес. Можеби некому ќе биде чудна оваа констатација . Високо, квалитетно и се разбира евтино земјоделско производство претставува еден замајник, претставува еден акцелератор кој што ги покренува сите други дејности. Ние најчесто оваа работа ја оставаме како последна за да се втопиме во тоа дали ќе стимулираме оваа година пченица, идната година пченка, а некоја трета година млеко и млечни производи а заедно практично сите нив ги судруваме да ја делат, или да ја споделуваат сиромаштијата заеднички. Вториот, или првиот условно земено кој што го создава националниот доход, тоа е стопанството. Јас морам да искажам едно незадоволство дека сите овие прекрасни бројки, сите овие прекрасни совпаѓања на приходниот и расходниот дел треба практично да се базираат на изворните приходи кои што ни се и најсигурни. Без овие темелни носители на она што значи перспективи и развој на една држава сметам дека секогаш ќе се судруваме тука и ќе навлегуваме во интересите на она што значи мое, твое, или некое друго министерство. Нема наши, ваши и инакви, интересите ни се заеднички, интересите се напредокот и развојот на оваа држава.

Прашањето на стимулации, компензации и сл. веќе на некој начин го прифативме како едно понижување, како едно потценување дека со околу 300 милиони денари минатата година, оваа година 3 85 ќе можеме да стимулираме стопанство во проценти помеѓу 1,5 и 2%.

IV/2.-

За Ваша информација сите сме возбудени кога нашиот северен сосед воведе стимулации од 30%. Според тоа ние веќе во стартот не сме конкурентни, или тоа стопанство е конкурентно на тој поранешен пазар и во соседните држави за 28%. Каде е сега излезот, каде се нашите шанси. Искрено да ви кажам сите ние очекувавме огромни ефекти од укинувањето на санкциите кон СР Југославија и ембаргото кон Југ. Многу малку ефекти, дури во овие први моменти на отрезнување, дури и негативни ефекти и оправдани стравувања како понатаму ќе се одвиваат сите овие работи. Знаеме ние како и колкав дел од прометот остварувавме во овие да ги речам воени, или полувоени услови кои што владееа на Балканот.

Моите конкретни предлози не ги формулирам во амандмани затоа што имам доверие повеќе во креаторите на овој Буџет и мислам дека никогаш не е доцна, стимулациите за стопанството да бидат една милијарда денари, наместо 385 што не е којзнае каков скок затоа што тоа во стопанството ќе значи стимулации на извозот помеѓу 5 и 6%. Сосема скромни и нормални стимулации ако сакаме извоз. Ако сме свесни дека нашиот пазар е премал, а евидентно е дека е таков, сметам дека ова треба да биде едно базично прашање кое што брзо бара свое разрешување дотолку повеќе што можности за компензации во однос на толку убавите состојби со апресираниот денар и депресираните девизи, нас лично на сите ни годат, на сите ни е убаво, меѓутоа дали перспективно, дали подолгорочно тоа ќе донесе трајни резултати. Не сум сигурен , се плашам дека да не дојде понатаму овој цех да го платиме со некоја камата која што веќе не постои никаде, многу висока. Во сето ова сигурно дека образложението на министерот и документите кои што ги добивме не се доволно задоволувачки за многу сериозни и многу крупни позиции особено она што значи расходи немаме образложенија. Треба да прифатиме априори систојби. Воопшто никаде не се предвидуваат

средства, ќе бен среќен ако барем симболично предвидовме средства дека процесот на денационализација конечно идната година ќе треба да започне. Можевме ако не друго барем чисто како една политика дека и за тој процес ќе ни требаат некои минимални појдовни трошоци.

Прашањето на алоцираниот и неалоцираниот долг од поранешна Југославија за кој што се информираме само од средствата за информирање, моето второ барање за информација точно се однесуваше помеѓу другото дека ние заслужуваме да бидеме информирани кои се тие преговори, што значи тоа да ние во моментов отплаќаме долг алоциран кој што и припаѓа на Република Македонија во склопот на поранешна СФРЈ, а од друга страна дали можеме ние да сметаме на некој приход, на некој доход во форма на наследство кој што треба да ни припадне . Мислам дека треба да правиме една разлика, како член на овој Парламент не барам нечија одговорност, дури не барам ни консултации. Едноставно барам минимална информираност лично за мене, но и за граѓаните кои што ги застапувам. Не ми веруваат луѓето како и на повеќето од вас дека воопшто немаме информации од тоа што се случува со овие работи. Ги заблудуваме луѓето дека не преговараме со меѓународните институции на овој план, дека не преговараме со поранешните републики, дека не преговаравме со Грција. Јас тврдам спротивно Секое седнување на маса се преговори. Разговори се прават во кафеани

Земјоделието го апострофирав како прво за да не бидат навредени некои граѓани на оваа држава и од друга страна за да не ја префрламе таа топка само на поедини луѓе, многу непријатна и многу жешка топка. Во тој смисол сметам дека амандманот кој што ни пристигна, а сличен амандман има и Комисијата за стопанство дека во овој момент потребно е да останат стимулациите во земјоделството, а со агро-берзата може малку да се попричека.

IV/4.-

Загубарите и диригуваните стечаи една огромна армија на луѓе , многу непријатно се чувствувам овие денови кога правиме планови за дочек на Новата година во кругот на семејството и на пријателите, а практично нема ден да немаме незадоволство од низа граѓани за среќа, или за несреќа скоро во сите градови во државата. Мислам дека ова ние тука што ќе го донесеме не ќе задоволи еден голем дел од граѓаните на Република Македонија пред се пензионерите, стечајните работници, технолошкиот вишок, еден добар дел од загубарите, земјоделците ако останат без премии и регреси, субвенции и сл. и се разбира сигурно дека и корисниците на Буџетот имаат причина незадоволство, затоа што покрај дефинитивното укинување на К-15 веќе на еден начин се подготвуваме дека во скора иднина ќе треба да очекуваме значајни рестрикции и во оние стекнати права кои што практично веќе се и дел од нашите примања, а тоа се надокнадите за патни трошоци и за општествена исхрана. Дали ќе се враќаме на ситуациите кога ќе треба во најлон кесички да го носиме својот појадок, или ручек на прагот на XX1-век. Согласен сум дека не мора да се издвојува за овие надокнади, но тогаш нормално е секаде во современиот свет по тој основ да се зголемуваат личните доходи, тогаш не би имало проблеми за ниедна од овие трошоци, или давачки на државата. Сигурно дека времето кое го имавме се повторува, не можевме компетентно да се консултираме и да разговараме. И во сето ова јас сметам дека редно беше во образложението на Буџетот беа искажани неколку проблеми кои што директно не се вградени во Буџетот

Зошто гасификацијата не профункционира во оваа држава, за да почне да ги оправдува оправданите инвестиции. Затоа што можеме ние денеска со право и со една резерва да размислуваме за предложени

нови инвестиции во капиталните објекти, затоа што гасификацијата беше еден од капиталните објекти која што веќе доцни полни 2 години со нејзиното ефектуирање.

Во склопот на материјалите кои што ги добивме некои предвидувања, веројатно кои што ќе бидат понатаму вградени како законски одредби кај мене внесуваат едни недоумици и едни недоразбирања. А тоа е следното, на многу места провејува желбата за штедење што сосема потполно ја прифаќам. Меѓутоа, морам да укажам како што укажав на неколку пати, па ми замерија некои мои пријатели , колеги и другари зошто често пати давам некои споредби во она што значат буџетски корисници кои што директно се алиментираат од Републичкиот буџет и она што претставуваат единиците на локална самоуправа. Ќе бидам многу конкретен и јасен. Не можеме да дозволиме ограничувања од секаков вид, а тоа да не важи за единиците на локална самоуправа. Слушаме овие денови преку средствата за јавно информирање за трошење средства за луксузни автомобили. Знаеме дека сите овие корисници многу либерално, многу едноставно со надгласување си ги зголемуваат разните надокнади вклучувајќи ги и паушалите како одборници и сл. сите тие корисници си го добија надоместокот К-15 и мислам дека Владата особено што најверојатно во втората половина од оваа година Законот за локална самоуправа ќе профункционира со целата своја силина и тежина. Мислам дека овие работи мораат да бидат ставени на иста страна од вагата.

Само уште една работа, се обидов да ја продискутирам, не добив убедителни објаснувања. Во овие проекции и во законот со кој што се образлага Буџетот на две места, јас едното ќе го апострофирам, стои една многу рестриктивна определба која што од прилика гласи вака. Сите буџетски корисници кои што остваруваат и други приходи должни се да овие приходи ги уплатуваат во Републичкиот буџет. За мене една

многу проблематична одлука освен ако нема некое друго образложение и појаснување. Во прашање е целокупната наука со својата апликативна дејност, сите институти со својата научна дејност, елен добар дел на организации и институции и од средното образование. Сметам дека оваа одредба треба да не биде вградена во Буџетот, а да се решава во ресорните соодветни министерства. Сметам дека таму најкомпетентно, најцелисходно не ќе ги доведеме овие субјекти да практично и тие кои што работат и тие кои што се залагаат да ги оставиме без стимулација, или едноставно целата оваа сфера да ја претвориме само во табли и креди како пред 30 и повеќе години.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес дискутираме за донесување на Буџетот за 19 96 година како еден извонредно значаен документ кој во себе треба да ја содржи ако не целосно, но барем 80% од макроекономската политика. Меѓутоа веднаш се поставува прашањето колку овој Буџет со пропорциите што ги содржи ќе влијае на оживувањето и унапредувањето на националната економија и дади навистина се намалува неговото учество во општествениот производ. Буџетот за 19 95 година не ги исполни целите и задачите што резултираше и со неговиот ребаланс при крајот на годината. Такви стравувања постојат и сега и се поставува прашањето дали во 1996 година ќе се подобрат состојбите. Се чини дека е тешко да се очекува тоа покрај другото, заради тоа што добар дел од приходите во 1995 година се резултат на санкциите и истите во 1996 година веќе ќе ги нема, а на странскиот пазар ќе имаме извонредно јака конкуренција заради тоа што најголемиот дел на другите држави имаат многу постимудиран извоз. Ова може да доведе до драстично опаѓање на извозот што во крајна мера ќе влијае и на зголемување на невработеноста. Со овој Буџет во најголем дел се стимулираат капиталните трансфери и

купувањето на капитални средства, а за жал малку за стимулирање и надминување на проблемите присутни во стопанството, а особено во производството што нема да доведе до зголемување на производниот потенцијал. Проекциите на овој Буџет се направени без до крај да се имаат во предвид проценките за тоа како ќе се покрие трговскиот односно како ќе се покрива трговскиот дефицит. Доколку дојде до натамошно намалување на производството неминовно ќе дојде и до намалување на потрошувачката на нафтените деривати што ќе има и негативен ефект врз приходите по основ на акцизите.

Почитувани пратеници мене, а претпоставувам и вам не ви е позната платформата за разговорите. Го прифаќам она што беше од колегата Бојков, мене не ми е позната Платформата за разговорите со ММФ, не ни е познато кои наши предлози во тие разговори се прифатени. а кои не и од кои причини. Заради тоа ние пратениците сме ставени во улога да одлучуваме без да го знаеме тоа поради што и со резерва се одлучуваме да подготвиме одредени амандмани. Мојата оценка е дека не е добро што досега не се дадени на увид на пратениците Платформата извештаите од разговорите со ММФ. Дека навистина на понудените решенија во Буџетот му недостасуваат претходни анализи зборува и тоа во приходниот дел, кај приходите во данок на промет и акцизите предвидено е зголемување на овие средства од само 6% иако е познато дека во 1995 година државата не си ја изврши својата функција во делот на нивното собирање.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:** (продолжение)

Ако во таа смисла се предвидеше поефикасен пристап за решавање на ова прашање реално би било во 199 6 година да се очекува поголем прилив по овој основ од предвиденото.

Второ, средствата наменети за паричните надоместоци за лицата кои останаа без работа заради структурни промени се намалени во однос на 199 5 година, за околу 20 0 милиони денари. Мое мислење е дека овие средства во 1996 година ќе бидат недоволни за покривање на овие обврски и ќе недостасуваат околу 600 милиони денари од следните причини.

Во 1995 година без работа останаа над 36 илјади работници од кои 14 илјади се од загубарите. Овие 14 илјади се од март 1995 година па наваму и нивниот број во текот на годината постепено се зголемуваше Во оваа година обврската за нив ќе ја имаме од почетокот на 1996 година и за сите 12 месеци. Според проекциите на министерството за развој за 1996 година се предвидува натамошно зголемување на бројот на невработените, главно , како резултат на преструктуирањето и стечајните постапки за околу 10%. За нив ќе треба дополнителни средства. За овие лица максималното доцнење во исплатата на надоместокот треба да биде еден месец, колку што доцнат просечно платите во стопанскиот и нестопанскиот сектор, за разлика од денес кога тоа задоцнување е поголемо, меѓутоа, непосредно пред седницата сум информиран дека ова задоцнување е намалено односно дека не е такво какво што беше досега. Од овие причини сметам дека Владата ќе треба да смета на изнаоѓање на одредени дополнителни средства за покривање на овие обврски во 1996 година.

Би сакал во оваа прилика; да покажам дека е крајно време на пензионерите да им се каже дали треба да бидат задоволни со постигнатото во редовноста на исплатата на нивните пензиски примања,

со оглед дека од крајот на 199 3 година, до денес секој месец примаат пензии , или дека оваа држава ќе изнајде сили и можности за исплата барем на една заостаната пензија. Ветувањата дека излезни решенија ќе се бараат во Буџетот во 1996 година останаа неисполнети.

Почитувани пратеници, и оваа година, како и минатата Буџетот се дава на разгледување при самиот истек на годината, што не дава доволно простор за поголемо проучување и анализирање на состојбите. Меѓутоа, во атмосфера на новогодишните и божикните празници неговото донесување се чини неминовно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, јас нема да се задржам нормално стриктно во професионалните прашања од економски аспект, односно поврзани со Буџетот односно дали општествениот производ ќе биде како претпоставка за 10% исти инфлацијата за 6% или дали се остваруваат и како остваруваат насоките од ММФ и дали ќе се соберат тие средства од одделни извори и тн, сметам дека е тоа прашање на економистите, а јас сакав само накратко, начелно да изнела нешто од политички аспект, затоа што буџетот е и те како поврзан со политиката. Сосема е нормално дека парите и политиката секогаш одат и заедно.

За време на расправите пред комисиите и тн. претставниците на Владата изнесоа: дека Буџетот е реформски ориентиран и дека буџетот се базира врз меѓународни стандарди кои се применуваат во развиените земји, односно земјите со пазарна економија, развиена пазарна економија.

V/3

Ние мораме да признаеме дека меѓу тоа ниту сме развиена земја, а уште помалку имаме развиено стопанство, пазарно стопанство. Тоа се гради со години и веројатно ќе треба повеќе компоненти да се исполнат за да стигнеме до таму. Ние сме земја во транзиција со сите специфики што ги има транзицијата , со сите посебности и со сите објективи што ги има транзицијата и сметам дека социјалната компонента и тоа како е важен фактор во оваа транзиција и тоа никако не смее д се запоставува. Мое мислење е дека, меѓутоа дека требаше да се одржи баланс помеѓу начелата на пазарната економија и социјалата како специфика во рамките на состојбите во Македонија. Јас ќе изнесам некои забелешки, кои реков дека се од политички карактер и кои можат да бидат политички рефлекс во вкупните односи во Република Македонија.

Прво, предлогот предвидува средствата за социјалата радикално односно битно да се намалуваат во однос на буџетот од лани.

Мое мислење е дека тоа е во спротивност не само со Уставот на РМ кој ја дефинира Македонија како социјална држава, туку реално ако вршиме анализи, а јас сум свесен дека ние имаме такви анализи во севкупните состојби , расположението поврзано со социјалата , јас смета дека тоа може да предизвика одделни несакани последици, политички реперкусии.

Второ, радикално, исто така, се предвидува зголемување на средствата за армијата на РМ. Тука можат да се постават три прашања.

Прво, ние веќе декларативно во иднина имаме ориентација дека ќе се ангажираме за статус на демилитизирана земја. И тоа е во контрадикција со определбата да се одделат толкава сума средства за тоа. Исто така, сега треба да се има предвид реалните состојби во рамките на меѓународната политика во однос со Балканот, односно разоружувањето на Балканот, или поставување на одделен биланс на Балканот.

V/4

Второ, кога е во прашање сукцесијата од бивша СФРЈ некаде тоа се пресметува на 80 милијарди долари , од тие некаде 60 милијарди долари и припаѓаат на бившата Југословенска армија. Јас мислам дека треба да се организираме во координација со другите бивши републики, сегашни независни држави , меѓутоа, иако звучи утопистички, сметам дека нешто може да произлезе од тоа и дел од таа опрема да се врати од таа држава , која се покажа дека е милитантна држава.

Трето, суверенитетот и териториjалниот интегритет на една држава, независни само од воениот потенцијал и тн. туку зависи од внатрешните надворешните односи, од внатрешната, надворешната политика. Како што знаеме ние еден бивши ССР се распадна без оглед на тоа што тој имаше толкав воен потенцијал.

Трето, имаме, исто така, одделно зголемување на средствата на Министерството за внатрешни работи за опрема на полицијата и се знаме полицијата треба да се опреми:> затоа што треба да тепаат а ние знаеме дека реално имаме зголемување на криминалот во Македонија, а тоа е првенствено последица на севкупните економски состојби и социјал и состојби во Македонија. Ако мислиме дека на тие луѓе им треба работа вработување, сигурност и тн. со тепање ќе ги средиме тогаш прашањето го поставуваме како последици, а не причини.

Четврто, исто така, сметам дека имаме голема аномалија и контрадикторност во однос на распределбата на средствата. Еве еден пример, се предвидува за гориво, за масло, некаде 240 МИЛИОЕИ декари, а од другата страна имаме предвидувања , трансфери за научно истражувачка дејност од вредност од 200 милиони денари. Исто така, за издавачка дејност од Министерството за култура се предвидуваат некаде симболични 56; милиони денари. Ние кажуваме дека сепак, можеме да се пофалиме ...

V/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте го министерот за финансии, затоа што има интервенции од поедини пратеници да ја следи расправата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ние колку сакаме можеме да се пофалиме дека ги респектирам стандардите на развиените земји, меѓутоа сметам дека реалноста покажува дека ни одблиску не сме во согласност со тие стандарди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, геолошкине истражувања во РМ имаат традиција повеќе од 50 години и уште во 19 44 година на Президиумот на АСНОМ е донесено решение за формирање на Геолошки институт, кој подоцна прераснува во научна установа. Правците на тие рударско - геолошки истражувања тогаш се даваа од сојузниот геолошки завод о9д Белград.- Наскоро потоа се формира н фондот а потоа и совет. Некаде 80-тите години се расформира советот за геолошко - рударски истражувања при Извршниот совет на РМ отворено е одделение за рударство и геологија со Комисија за геолошки истражувања, која работеше волонтерски. Паралелно со овие институции работната организација вложуваше огромни средства за истражување, бидејќи важеше девизата за еден тон откопана руда ќе се истражат 2 тони. Во 1991. година, престана со работа и Комисијата и геолошките истражувања се во надлежност на Министерството за стопанство, се специјалисти, кои повеќе се занимаат со административни работи.

Имајќи го предвид ова, а и лошата финансиска состојба на организациите од оваа област, геолошките истражувања се сведени на нула. Ако во далечната 1991 година се издвоени средства за 31 илјада 720 метри долги длабински дупчотини во бивша Југославија тие средства

треба да бидат далеку поголеми за самостојна Македонија. Со предложената програма за 1996 година од Буџетот се предлага да се издвојат 23 милиони денари , што се доволни да се издлапчат околу само 4 илјади метри должина,, што е далеку од реалните потреби.

Во развиените земји со пазарна економија постојат државни институции кои што се занимаваат со фундаментални геолошки истражувања во различни геолошки сфери до степен на сознанија кои можат да се продава како концесии на одредени терени, а кај минералните суровини тие истражувања завршуваат до Ц-1 категорија геолошки резерви кои што претставуваат производ на истражувањата и се роба за пазар.

Имајќи го предвид значењето на минералните суровини за стопанството на РМ сега и во иднина, заинтересираноста на големите сметки компании се залагам на Владата на РМ, наместо одделение на министерството за стопанство да се формира подминистерство, или нешто повеќе од одделение за рударство и геологија и државен институт за геолошки истражувања. Средствата за истражувања треба во иднина да се финансираат најмалку од буџетот туку од продажба од концесии и:чод вложувања од странски капитал или домашен, а државниот институт за геолошки истражувања би имал и сопствени приходи од извршени услуги и работи,но би ја имал и контролната функција, која во овој момент не постои.

Мојот амандман за зголемување на стапката геолошки истражувања е само ублажување на состојбата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г -дин Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, многу може да се зборува по буџетот м меѓутоа, најефикасни ќе бидеме ако секој кажуваме од онаа област која најмногу ја познаваме. Главно, јас ќе се задржам на разделот 21 односно Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

На една од минатите седници го донесовме ребалансот на буџетот и ако се сеќавате беше ставена забелешка во однос на драстичното намалување на средствата токму во овој раздел. На седницата на Комисијата за; земјоделство од страна на пратениците од ресорсаното министерство беше образложено дека тоа намалување проселди, бидејќи во нашава држава, покрај другото, беше планирано многу поголемо земјоделско производство а е добиено и многу пониско. Па, од таму не можат да се опростат шчаморамоте средства. Веќе оваа 1995 година имавме зголемено производство но се уште неисплатено, како што е примерот со пченицата, тутунот, пченката, јачменот и други култури. Истовремено и драстично намалување на средствата од буџетот кои кај ова Министерство за разлика од другите раздели каде што скоро секаде има зголемување на буџетските средства. Имено, предлогот за 1996 година во:> однос на 1995 година во раздел 21 е помал за 6% односно за 28,5%, бидејќи стапката 441 каде што се наоѓа берзата на земјоделски производи сметам дека не е местото на ова министерство. Истовремено, го повикувам министерот по оваа област да даде појасно образложение околу замислата за правење на оваа берза, нејзината функција и местото каде ќе се прави. Бидејќи и по овој основ има доста амандмани поднесено, би било добро министерот малку повеќе и пошироко да објасни околу оваа берза.

V/8

Понатаму, ако се има некакво оправдување по однос на укинувањето на регресот на каматите за кредитирање на земјоделство бидејќи и овие кредити беа многу неповолни, тогаш несфатливо е не се предвидат некој друг вид на кредити со поповолни камати за кредитирање на земјоделството. Не ми е јасно како се размислува да се оди без поддршка на државата кон земјоделецот. Исто така несфатливо е зошто се определуваме за драстично намалување на ставка 444 каде што се опфатени субвенциите и, премиите за земјоделските изводи. Така, субвенциите во однос на 1995 година се намалени за а премиите на 44%. забелешка имам и средствата доделени на стапка 471 кои се на исто ниво како минатогодишното а се однесува на програмата на ревитализацијата на селото. Тие средства се минимални недостаточни за да се направи нешто повеќе за селото.

Почитувани пратеници и претставници на Владата, секо гордо кажуваме дека сме земјоделска држава. Се трудиме да ги средиме неповолните состојби во земјоделието. Направена е и стратегија за развојот за периодот од 2010 година , сето тоа е добро. Но за мене е несфатливо како сето тоа може да се оствари со една ваква политика прикажана со буџетот за 1996 година. Предвидено е укинување на премијата на пченицата. Не треба да се занесуваме дека и наредниве годи ни ќе имаме евтина пченица од страна, а во РМ веќе се намалени површините под пченица оваа сеидба дека година а сигурно како резултат во оваа и во изминативе години. На крај сепак мислам дека преку поднесените амандмани и прифаќање на министерот ќе бидат исправени овие неправди кон земјоделието а јас после тоа ќе се изјаснам за прифаќање за буџетот.

VI/1.- НН/ЈБР

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Овој пат го добивме текстот на Буџетот ена недела порано и можевме да го проучиме подетално. Како што прочитавме и како што слушнавме тој е проектиран на база на постојната состојба зголемен за 6%, колку се предвидува инфлацијата за наредната година. Знаеме дека ситуацијата со собирање на изворните приходи, и тоа оние најзначајните - данокот од промет на стоки и услуги и царините е незадоволителна, што ни беше посочено и од претставникот на Меѓународниот монетарен фонд. Оваа евазија е присутна како во приватниот сектор, а во последно време и во општествениот. Со тоа Владата, а со прифаќањето на Буџетот и Парламентот ја признаваат својата немоќ, а таа е пренесена и во проекцијата на Буџетот за наредната година.

Основна заложба на овој Парламент треба да биде намалување на даноците и царините на сметка на зголемената ефикасност на нивното собирање . Нема шанси ние да разговараме ни во наредната година, а се плашам и понатаму, за намалување на даноците ако не ја зголемиме ефикасноста на нивното собирање. Контролите се вршат само на официјалните документи, а тоа што поминало надвор од официјалната евиденција никој не се труди да го открие. Секојдневно сме сведоци на продажба на цигари, алкохолни пијалаци и други производи за многу пониски цени од официјалните. Тоа значи дека шлепери со овие и други артикли поминале надвор од официјалните евиденција.

Во поглед на одделни сектори односно министерства исто така е пресликана постојната состојба. Меѓутоа, единствено позитивно поместување внатре во дејноста е зголемување на средствата за наука од 20,6%. Со тоа средствата издвоени за наука ја преминаа фамозната

граница од 1%, сега се 0,2% од вкупните средства на Буџетот, меѓутоа би сакал оваа тенденција да продолжи и во наредните години, затоа што знаеме дека една Јужна Кореа, која има најголем развој има околу 7% издвојувања за науката.

Средствата издвоени за образованието бележат раст, од стандардни 6%. Можеби нешто друго паѓа во очи, а тоа е што од сите вработени кои се финансираат од Буџетот 50% се во образованието, а образованието учествува со 16,83% во масата на средствата. Значи тука има некоја распределба која се губи во некои други дејности во материјални средства, затоа што личните доходи ги знаеме во сите дејности какви им се, а образованието е оставено на она што било и досега.

За физичка култура е предвиден пораст од 5% што реално значи намалување на средствата од 1%. Бидејќи инфлацијата е 6% ние 5%предвидуваме реално ги намалуваме средствата, а тие се и онака бедни. Знаеме дека наредната година е олимписка година и се плашам како нашите спортисти ќе настапат на Олимпијадата ако средствата издвоени за учество на Олимписки игри и светски и европски првенства се идентични како во 1990-та година.

Исто така, забележав намалување на средствата за надомест на невработените поради структурни промени. Доколку тоа намалување е поради тоа што тие повторно ќе се вработат, тогаш тој тренд јас го поздравувам.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претреседеле, почитувани пратеници, во согласност со законските прописи секоја година во Буџетот на Републиката се предвидуваат средства за покривање на обврските на пензиското и инвалидското осигурување, што настануваат со признавањето и определувањето на пензиите под поповолни услови воените и

земјоделските пензии.

Посебно сакам да истакнам дека во текот на 1995-та година Владата на РМ која редовно ги исполнуваше сите обврски кон Фондот заедно со другите мерки преземени од државата и Фондот, се обезбеди рокот во доцнењето на исплатата на пензиите да не биде подолг од 2 месеци. Така и годинава пензионерите ќе добијат 12 пензии.

Во Буџетот на Републиката за 1996 година во Разделот 2202-Социјална заштита, позиција 44.301, предвидени се средства за обврските кон Фондот во износ од 309.000.000 денари, што е за 170.000.000 денари повеќе од средствата предвидени во 1995 година И покрај законската обврска овие средства да бидат предвидени во Буџетот и покрај нивното зголемување, моја оценка е дека тоа е недоволно во текот на 1996 година, ако не се предвидат посебни односи дополнителни средства над веќе предвидените не може да се создадат услови да се симне од дневен ред во последно време многу актуелното прашање за исплаќање на една заостаната пензија на пензионерите.

Според показателите кој што ги имаме во фондот, средствата што треба да се остварат од постојните извори на приходи првенствено придонесот и покрај лошите економски состојби се доволни само да го обезбедат одржувањето на постојното темпо на исплата на пензиите.

Јас сакам да потсетам дека за решавање на ова прашање потребни се некаде околу 1.500.000 милиони денари или околу 55.000.000 ДМ. тоа е огромна цифра но должен сум да кажам дека решение барем во Фондот гледаме првенствено во Буџетот на Републиката. И покрај многуте предлози во кој што се вклучени дури и раководствата на пензионерите, каде што се предлага на ова прашање се решава преку фондот за стоковни резерви преку заеми и сл. сепак останува можноста тоа да се реши преку Буџетот на државата.

Во рамките на тоа сакам да предложам и една можност која што не е предвидена во овој Буџет, меѓутоа апелирам да остане како отворена за 1996 година а тоа е да се предвидат средства за доплата на разликата помеѓу законскиот дел на пензијата и најнискиот износ на пензијата, таканаречената социјала, кои средства месечно изнесуваат околу 138.000.000 денари, или годишно 1.656.000.000 денари Доколку има можност и средствата по овој основ да се предвидат како обврска на Буџетот на Републиката ќе се создадат услови во текот на 1996 година фондот да отпочне со исплата на една заостаната пензија наместо да ги ангажира овие средства за доплата ка разликата помеѓу законскиот дел на пензијата и најнискиот износ на пензијата. Ваквото решение би било прифатено на општо задоволство на околу 250.000 корисници на пензија во Република Македонија.

Во врска со Буџетот исто така сакам да го истакнам и задоволството што во одредени ставки на Буџетот од 1996 година се предвидуваат извесни зголемувања, како што е во ставката за заштита на водите, реките и езерата, каде од 4.000.000 минимални кинатата година, оваа година се предвидуваат некаде околу 30.00 0.000 денари кои не се доволни меѓутоа сепак барем ја изразуваат волјата на Владата и на нас да ги решаваме овие проблеми.

Сакам да изразам разочарување што ставката ревитализација на село останува иста како минатата година. Ако ова прашање го гледаме во констатација со средствата кои што се обезбедени во Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја, мислам дека тој сооднос е многу мал имајќи го предвид колку малку неразвиени можат да користат 900.000.000 денари, а колку села можат да користат само 15.000.000 денари.

Исто така, мислам дека не е добро тоа што средствата за спортот, претходниот дискутант исто така зборуваше, остануваат на минатогодишното ниво и мислам дека во пресрет на донесувањето на законот за спорт и формирањето на советот за спорт и во пресрет на тековната година мислам дека тоа треба да биде многу поголемо.

На крајот сакам да дадам една мала реплика на дискусии на г-динот Стојановски, кој што веќе двапати овде зборува генерално за Собранијата на општините односно на локалните единици. Мислам дека можам да ја прифатам таа дискусија доколку се однесува на Собранието на општина Тетово, а никако доколку се однесува на Собранието на општина Гевгелија. Има тука други претседатели кои можат да кажат дали тоа се однесува на нивните собранија, но сакам да ја искористам оваа можност да кажам дека барем во Гевгелија не се додели годинава ниту К-15, нема никакви паушали, одборниците работат за обична дневница и нема никакви луксузни автомобили. Така да, генерално не ја прифаќам дисекцијата.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и г-до пратеници,

Мојата дискусија се однесува и овој пат на Разделот 2 Министерство за земјоделство, шумарство и водостппанство. Би сакал да ве потсетам дека и на минатата седница, пред два месеци кога се разгледуваше Ребалансот на Буџетот за 1995 година јас дискутирав токму по овој Раздел. Уште тогаш укажав дека со Ребалансот на Буџетот каде средствата за земјоделие беа намалени за 38,5%, практично и тогаш се определив судбината на аграрот за 1996 година. Еве сега вистината е пред нас и се предлага Буџет за 1996 година во кој издвојувањата за аграрот се помали за околу 38% во споредба со 1994 година. И тоа не е се.

Уште понеповолна е состојбата во распределбата на средствата по ставки и потставки. Не може да се прифати укинувањето на потставката 44402 - Регрес за дел од каматите по кредити во земјоделството. Би требало да има кредити и регресирани камати. Има потреба да остане и преостанатиот дел од оваа поставка, резерви за определени земјоделски производи. Јас не можам да прифатам намалување на средствата кај отстапката 44403 - Премии за одделни земјоделски производи каде што издвојувањата по овој основ во 1994 година беа 889.000.000 денари, а за 1996 година се предвидува намалување за повеќе од половина односно само 415.000.000 денари.

Почитувани г-да пратеници,

Да ве потсетам дека во РМ одамна се произведувало памук поради што била изградена и ф-ката "Македонка"во Штип, за преработка на истиот. Се произведуваше ориз со кој се обезбедуваа 50-60% од вкупните потреби од потрошувачката во поранешна Југославија и беа изградени повеќе од 30 фабрики за негова доработка,а сега и ориз ќе увезуваме. Се произведувало афион и многу други индустриски и фуражни култури. За Жал сите овие земјоделски култури тихо и срамно ги заборавивме, а многу индустриски капацитети останаа затворени, или пак ако работат користат увозни суровини за кои мора да се издвојуваа значајни девизни средства. Слична судбина ќе ги снајде и останатите стратешки земјоделски производи. Во овој момент недостасува квалитетна и долгорочна развојна стратегија за Аграрот во РМ, што би била и појдовна основа при изготвувањето на Буџетот.

Со новата макроекономска политика за 1996 голина се заговара воведување на втори култури во земјоделското производство, а не се стимулираат и првите земјоделски култури. Укинати се регресите за вештачки ѓубрива, за заштитни средства, укинати се сите видови кредити и регреси на каматите за земјоделството. Од каде средства за

вторите култури за земјоделските производители се прашувам. А и сега се предлага укинување на премијата за пченицата од родот 1996 година. Мислам дека е тоа нескромно. За овој став Владата на земјоделците требаше да им каже пред сеидбата на пченицата. Во време кога го разгледувавме ребалансот на Буџетот за 1995 година. Земјоделците инвестираа. Ја обработија земјата во обработка, инвестираа во вештачки ѓубрива, семиња и никој нема право, па ни Владата да се поигрува со судбината на земјоделците. Ние во голем дел овде станавме пратеници со поддршка на земјоделците и на измамените пензионери. Предлагам почитувани пратеници премијата за пченицата да остане за1996 година. Владата да издвои повеќе средства за развој на земјоделството да го стимулира земјоделецот со поволни кредити во развојот на сточарските фарми во приватен сектор. Да се произведува што повеќе храна,. Домашната храна е многу поевтина од увезената. Јас ве уверувам во тоа. А еве зошто.

Голем број на работници, земјоделци работно ќе се ангажираат во процесот на земјоделското производство, било да се стално или сезонски вработени, на нива или во сточарските фарми.

2. За голем број конзерви фабрики и други преработувачки капацитети ќе се произведат суровини за преработка, а со тоа и работно ангажирање на вработените кои што сега се прогласени како вишок на работници.

3. За произведената храна не се потребни девизни средства.

4. Вишокот на произведени земјоделски производи ќе може да се излезе. Ако создадеме услови за поголем развој на земјоделството, ве уверувам дека ќе имаме помалку социјални случаи,а многу повеќе земјоделци кои како даночни обврзници редовно ќе го плаќаат својот данок, односно ќе го полнат Буџетот, државната каса.

VI/8.-

Јас не сум против изградбата на агро берзата. Тоа секако е потребно на РМ. Но, не е логичен и потегот што тоа се прави наеднаш, со рестрикциите од средствата за стимулации на земјоделското производство. Бидејќи се знае агроберзата би била профитен центар и само за еден мал дел од земјоделското производство. (домати, краставици и пиперки) па би било пожелно изградбата на агроберзата да се врши во две фази, за кое што предложивме и амандман, а дел од тие средства што сега се предвидува за изградба на агроберза да се наменат за кредитирање во приватните сточарски фарми.

VII/1 .-ДВ/ОУ.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во целост ја поддржувам дискусијата на пратеникот Каров. Тој кажа една вистина од која денес не можеме да бегаме.

Еден пратеник рече дека како пратеници треба да дискутираме по Буџетот по областите од кој што овде доаѓам. Токму затоа и јас ќе зборувам за односот на Буџетот кон македонскиот аграр.

Поделбата на така наречената државна погача секогаш била и сигурно таму ќе биде повод за разни расправи меѓу корисниците на овој Буџет.

Во нашата држава во поделбата на Буџетот според овој документ учествуваат околу 160 субјекти од разни области на нашата држава. Меѓу нив се наоѓаат и околу 300 илјади земјоделски домаќинства и над 300 земјоделски задруги и комбинати. Некогаш по некоја случајна грешка и овие маченици во нашето стопанство добиле право на едно мало делче од Буџетот. Се знае дека тоа е направено со една цел. Преку една симболична буџетска помош што е крстена со 4 имиња: премии, регреси, субвенции и стимулации, да се залажат и за потребите на државата д произведуваа храна за нејзината трпеза и преку две програми програма за поттикнување на земјоделското производство и програма за ревитализација на македонското село,да се знае сепак дека нашата држава води некоја сметка за земјоделците и селаните. Меѓутоа овие две програми се малку доцна донесени затоа што веќе 300 села од нашата држава веќе се избришани од географската карта.

Ова делче од државниот Буџет, откако бившиот режим се откажа од домашниот аграр и тргна кон индустријализација на државата, а

храната почна да ја нарачува да му се произведува кај лажните браќа од Бивша Југославија, од година во година се намалување и сега при поделбата на Буџетот за 1996 година, тоа делче, не е срамота да кажеме за аграрот, дека стана и една мала ромка.

Во 1996 година од Буџетот кој ќе тежи околу 46 милијарди денари, на аграрот ќе му бидат доделени само 1 милијарда и 120 милиони денари. Овие средства, така како што пишува во разделот за Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе бидат наменети 415 милиони денари за премии, 210 милиони денари за семенска стока , 161 милион денари за програма за поттикнување на земјоделското производство, 3 0 милиони денари за пошумување, 300 милиони денари за изградба на агро берза, 15 милиони денари за ревитализација на селото и 1.200 .000 денари за уништување на штетен дивеч. Според тоа произлегува дека народната власт на своите земјоделци во 1996 година ќе им помогне во остварувањето на нивните производни планови за храна, само со близу 2% од овие, така наречени, народни пари.

А ко се има предвид намалувањето на Буџетот во 1994 и 1995 и сега во 1996 година, произлегува фактот дека нашата држава не мисли за нашиот аграр.

На Комисијата за земјоделство, шумарство и водсотопанство, еден наш член меѓу другото за овој Буџет вака рече: Буџетот го врза нашиот земјоделец со една бодликава жица од која не може никако да излезе и сега се бара , после толку години од загинувањето на Кочо Рацин,да се најде некој нов Рацин кој ќе пее за маките на земјоделците.

Господа пратеници и министри. Ако овој буџетски нокаут за нашиот аграр го удира она ММФ или Светската банка, овие се олемите адути на

VII/3.-

нашиот министер за финансии и другите министри кога треба нешто да се сече во аграрот, заради остваруваше на нивните пораки за побрзо излегување на Македонија од нејзината криза, што подолго време ја стега, тогаш да не губиме време околу Буџетот, да кренеме два прста и нека се донесе така како што е кроено од нашите министри. Меѓутоа, ако овој Буџет односно ако овој ММФ не се меша во распределбата на буџетските средства за аграрот, туку Буџетот е кроен според плановите и визиите на нашите ценети министри, тогаш министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и неговите соработници треба јавно да кажат дали со овие средства од Буџетот може да му се помогне на нашиот аграр. Можат ли нашите земјоделци со 625 милиони денари државна помош во 1996 година да произведуваат храна без која не може да се замисли ниту една богата ниту пребогата , ниту една најсиромашна трпеза во Македонија. Можат ли нашите земјоделци со 625 милиони денари државна помош да произведуваат околу 15 илјади вагони пазарни вишоци на пченица, 15 илјади вагони шеќерна репа, околу 4 илјади вагони сончоглед, 160 милиони литри млеко и разни други производи за кои велам не може да се замисли ниту една трпеза во нашата држава. Толку буџетски средства се планираат за премии и регреси за овие производи. Другите средства до 1.200.000 .000 се планирани за изградба на агро берза, за пошумување, ревитализација на селото и поттикнување на земјоделско производство и реков за уништување на штетен дивеч. Сметам дека оваа стапка за штетен дивеч треба малку да се зголеми за да го зголеми и уништување на земјоделците.

Г-дине министре за земјоделство! Вие во годината што мина бевте на гости кај многу европски министри. Мене ме интересира вака ли во Европа се помага земјоделството. Дали со вакви буџетски средства Европа произведува за своите потреби и за извоз што подолго време го пушта кај нас.

Во приказот за прашањето на буџетските средства, во областа на аграрот, меѓу другото се вели дека во 1996 година за премии и за стратегиски земјоделски култури има само 415.000.000 денари, а за регреси и за квалитетно семе ќе има околу 210.000.000 милиони денари. Досега во производството на овие култури државата делеше какви такви премии. Во листата на овие премии беше, шеќерната репа, маслодајната репа, млекото и др. За овие производи минатата година беа исплатени 800.000.000 денари, годинава 740.000.000 милиони денари» а во 1996 година за премии од Буџетот ќе биде само 415.000.000 денари, односно 100% помалку во однос на претходната година. Зошто се преполовени премиите за овие култури? Затоа што во 1996 година на Македонија не и треба пченица, млеко, шеќер и масло, или пак, бидејќи овие производи кај нас се многу "скапи", па со нив ќе се снабдуваме со увоз од Бугарија, Србија и другите страни на нашата граница. Од чија министерска глава доаѓа овој изум за укинување на премиите за аграрот. Знаете ли господа министри дека и најскапото домашно производство, како што рече г-динот Каров, секогаш е најевтино. Вие тоа добро го знаете. Сепак подобро е да дозволите увоз на пченица, шеќер, масло, млеко и месо отколку да имате главоболки со нивниот откуп , или пак со нивната исплата што долго време не може да се реализира во политиката. Меѓутоа терајте, господо, терајте со оваа политика додека имате сила и моќ и се е во вашите раце.

Почитувани пратеници во 1996 година, за премии за земјоделските култури кажав колку пари ќе бидат издвоени. Со овие средства нема стимулирање на домашното производство на пченица, млеко, шеќер и масло аз јадење. Овие пари во Буџетот не се ништо освен тотално напуштање на политиката за обезбедување на стратешка храна од домашните полиња и помагање на аграрот на нашиве комшии, затоа што

ние нашите девизи ќе ги носиме во Србија, Бугарија, па српските и бугарските земјоделци да произведуваат храна за нас.

Господа министри, со вашата политика за организирање на производството на сончоглед, шеќерна репа, млеко, во новата земјоделска година најавивте дека во 1996 година ќе има премии само за сончоглед, шеќерна репа, маслодајна репа и сега најнова вест за нашите земјоделци ќе има премија и за пченка. Значи се намалува премијата за лебот, воведуваме премија за зоб. Пченицата ја баталивте, се откажувате од премирање на оваа култура, барате идната година да нема премија за пченица. Предлагате премијата за пченица да се укине, а да се воведе премија за пченка. Не знам господа министри колку Ви ена место ова идеа. Ако немате и обврски кон увозот на пченицата, ќе морате да се откажете од овој потег за укинување на премијата на пченицата. Знаете зошто. Затоа што како прво во ова безредие во нашиот аграр што е предизвикано со увоз на секаква храна заради уништување на нашето домашно производство, само со премијата за пченицата можеше да се работи на новото производство на оваа култура, а до другите пари,знајте, тешко се доаѓа. Мелничарите, додека стојат дупките во Законот аз царината на увоз на пченица без плаќаше на царински давачки, што се прави заради тоа што некој ветува, се колне во партијата дека ќе произведи брашно и брзо ќе го продаде преку граница, или пак за увоз на пченица со која ќе се пондерира нашата пченица, бидејќи цената е многу скапа, или пак ќе даде некој министер дозвола да се увезе пченица во неограничени количини затоа што некој од нашиве бизнисмени ветил дека ќе купи толку и толку вагони пченица. Второ нашава држава ќе биде прва во Европа која нема, преку исплата на премии да го стимулира домашното производство на пченица. Ќе биде добро, ако господата министри кажат дека не е така.

VII/6.-

Податоците говорат дека годишните потреби за пченица во Македонија изнесуваат околу 30.000 вагони. Толку пченица ни треба за исхрана на населението од една до друга жетва. Нашите земјоделци во зависност од годината и агротехниката, на државата и нудат околу 15.000 вагони пченица. Недостигаа околу 12.000 до 15.000 вагони. И овој недостиг се подмирува од увоз. По укинувањето на премијата знато ќе се намали родот на пченицата и ќе се зголеми нејзиниот увоз. Лебот пак ќе се купува со девизи. Македонија , пак , како во стариот систем, ќе дава големи пари за увоз на пченица од Србија, Бугарија. меѓутоа,сметам дека шверцот со евтината пченица од Србија нема долго да векува. Некој во ова држава ќе се најде паметен и ќе види што се се прави со пченицата а и колку пченицата на некого му ги полни џебовите.

Во интерес на државата, на нејзината самостојност независност не треба да дозволиме бришење на мерките што се наменети за повеќе храна. Без сопствена храна тешко ќе се чуваат овие тешко спечалени благодети во нашава држава. Народот не рекол бадијала, една поговорка вели: "празна раница не чува граница". Ако е така тогаш не треба да има никакви дилеми околу предлогот на нашите министри за укинување на премијата на нашата пченица, посебно ако овој предлог доаѓа од министерот за земјоделство. За пченицата мора да има премија и во годината што доаѓа. Министрите што се против премијата на пченица, укинувањето на премијата требаше да го стопираат пред самата сеидба, како што рече Каров, тогаш требаше господа министри да кажете дека 1996 година нема да има премија па Вие ако сакате сејте пченица,ако не што сакате правете со Вашите површини, или пак ако некој во нашава држава увезува пченица, а никој на тој план не не заштитува, тогаш да увеземе и ние нешто друго.

VII/7.-

Покрај пченицата, на големо се зборува меѓу нашите земјоделци дека ќе биде укината и премијата за млеко. Јас знам дека премиите ги донесува Владата со посебни одлуки. За жал се донесуваат овие одлуки пред жетвата, пред бербата на шеќерната репка . Се надевам дека сепак премијата за млеко нема да биде укината. Тоа. не треба да се дозволи од многу причини затоа што, ние, ако некој смета дека ќе ја укинеме бидејќи имаме скапо млеко или затоа што имаме богати сточари, затоа што заради отсуство на развој на визија, како што рече Каров за аграрот, нашиве земјоделци се повеќе се свртуваат кон кравите и полека но со сигурни чекори се надминуваат проблемите што досега беа, ние да немаме млеко во нашата држава. Знаете добро колку цистерни од Битола и Скопје одеа кон соседна Србија и Бугарија со млеко. На Македонија, според еден податок и требаат околу 200.000.000 милиони литри млеко годишно. Ние произведуваме околу 170.000.000 милиони. Недостигот од 30.000.000 милиони литри што сигурно се подмирува преку млеко и млечни производи јас се надевам дека за година или две ќе биде надминат. Македонија има работни земјоделци, производни потенцијали, има врвни стручњаци од ветеринарската и сточарската наука и за кратко време сама ќе си го произведува млекото, само да нема вакви сопки. Ако се укине премијата на млекото, ќе оди во неповрат целото сточарство. Кравите ќе одат на кланица, а нашите млекарници повторно ќе мораат мака да мачат со увозот на млеко од Србија и Бугарија, или накратко речено нашиве млекари да ги градиме за потребите на сточарите надвор од нашата граница. Токму за тоа и оваа државна помош за млекото, се надевам дека ќе остане и нема да се укине.

Инаку напоредно со укинувањето на премиите за пченица, Министерството за земјоделие најавува воведување на премија на

пченка и зголемување на премиите за сончоглед, шеќерна репка, од 15 на 30%. Овој потег е добар и го поддржувам, но тоа да не биде на сметка на премијата на пченицата, а тоа значи да ја скинеме премијата на пченицата па да дадеме некој динар на оваа страна.

Меѓутоа, со воведувањето на премија со пченка, што сигурно ќе го зголеми домашното производство на оваа култура за што на нашиот пазар постои недостиг од околу 100.000 тони годишно, во програмата за поттикнување на земјоделското производство, треба да се предвидат повеќе средства за ширење на оваа култура, за производни опити за механизација на берба на пченката, за современи кошеви за сушење и чување на пченката. Без вложување на дополнителни средства за оваа намена, премијата за пченката нема да ги даде очекуваните резултати. Зошто? Затоа што во нашата држава нема ниту еден берач на пченка, нема организирана откупна цена на пченката и освен Комбинатот Пелагонија кој годинава има околу 20.000.000 кг. пченка и има своја сушара единствена во Македонија, на друго место нема никакви вакви објекти за еден ваков развој за производството на пченка во нашата држава. Инаку, ве повторам, добро е што нашето Министерство за земјоделие се реши преку воведување на премија за оваа култура да размислува за нејзиното вклучување во едно широко производство. Јас се плашам сега да не биде и пченката производ што на некого ќе му носи многу пари при увозот од Србија, да не се плаќа и за пченката како што плаќаме премии за пченицата што ја носиме тука. Од тоа мораме да бегаме.

На крајот би додал уште две работи:

Во Министерството за урбанизам за идната година се предвидуваат 190.000.000 денари аз изградба на водоводи по општини

VII/9.-

Сметам дека оваа бројка е мала и треба да направиме се во ова Министерство да се слејат повеќе пари за изградба на водоводи во нашата општина. Срамота е на три години пред влегувањето во 21-от век во многу села да нема ни капка вода. Сметам дека обврска е да се реши проблемот на вода за пиење во Македонија.

VIII/1.-CJ/МЛ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Понатаму, во Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја и пограничните места годинава се предвидува,идната година се предвидува да се вложат околу 900 милиони денари. Овие средства знаете каде одеа, одат за изградба на патишта, некаде за водоводи, за решавање на проблемите со струјата, бидејќи се уште ние во Македонија во сите села немаме струја, мора да признаеме, да не се фалиме, и тука треба повеќе средства.

За програмата за ревитализација зборуваа сите пратеници, сметам дека овие средства од 15 милиони денари се незнатни, добро е што минатата година тие, по нивното укинување, влегоа за Буџетот, меѓутоа ја сметам дека годинава од тие предвидени 15 милиони денари нема потрошено ниту еден денар затоа што во оваа ставка некој заборавил да ја внесе во Буџетот.

На крајот, се надевам дека нашиот амандман за премијата на пченицата да остане во 1996 година ќе биде поддржан за што ви благодариме однапред.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа,

Денес е на дневен ред донесување на државниот Буџет, Буџет на Република Македонија кој што базира, сепак можам да кажам на реалностите, на можностите што ги има Републикава со извесна неизвесност во оваа година како што беше и во изминатата година за остварувањето на овој буџет.

Јас не би давал повеќе непотребни фрази, туку би скратил само на проблеми кои што јас ги согледувам.

VIII/2.-

Прво, можеби требаше да претходи една политичка и економска програма за стопанството каде се наоѓаме, еден пресек во оваа положба и како ќе се најде&е во иднина, потоа една анализа, исцрпна на буџетската потрошувачка за 1995 година со критериуми за корисниците на буџетската резерва, на Буџетот, на Републичкиот буџет како и платен разред, односно закон за плати. Па, ние се уште работиме по инструментите од 1990 година, кои биле. Значи, време изминато. Закони недонесени. Па, се залагам за подобрување на состојбите на корисниците на Буџетот да ги знаат своите права, каде можат да се трошат средствата и колку, дека е неопходно донесување на закон за плат

и.

Во однос на приходниот дел многу малку би можел да дадам предлог од каде да се обезбедат средства. Мислам дека овој проблем и натаму како и досега останува на решавање, на изнајдуваше на Владата на Република Македонија.

Во расходниот дел се залагам, што беше укажано ние сакале или не неможеме да избегнеме од фактот што е присутен во обласга земјоделие и сите гранки од земјоделието, ние мораме да го развиваме, мораме да ги искористуваме природните и оние општествени богатства кои ги створивме во изминатото време, капацитети да ги искористиме, мора регреси, премии во земјоделието. Ставка- та треба да се зголеми, реков, средства, Владата би требало да најде.

Пензионерите кои што имаат толку ниски пензии, им е тежок животот, тежок опстанокот, не можеме да се потргнеме од нив, мораме на тие пензионери приближно нормален живот да им се овозможи. Се прашувам, пензионер со двајца или тројца члена како може со три илјади, пет илјади денари да ги плати сите обврски комунални кои што ги

има и да живее некако. Сигурно тешко. Бар една пензија да се предвиди ставка во Буџетот, да се исплати во 1996 година. Не сакам да образлагам, пензионерите тоа го образложија, докажаа и проблемот е присутен како таков.

Исто така на девизните штедачи им беше ветено дека на некој начин тие средства ќе им се исплатуваат, меѓутоа се одбегнува од овој проблем, што сметам дека исто така треба да има ставка за девизните штедачи во Буџетот. Од каде средства за девизните штедни влогови. Јас ви верувам, може да се види понатаму ако Владата и државата Македонија даде гаранција на граѓаните дека девизните штедни влогови ќе им бидат исплатувани по потреба кога нив им требаат, јас верувам дека ќе се дуплираат штедните влогови, нема да се чуваат по домаќинствата, дома, туку ќе се чуваат во банка и ќе бидат користени. Се залагам, Владата да направи програма како и на кој начин да се вратат, а потоа ќе бидат поново внесени во банката и ќе бидат користени штедните влогови.

А, што е најбитно, сега, овие денови, односно во почетокот на годината стечајните работници, работници кои останаа без работа, работници кои немаат никаква помош, гледајќи ги работниците на пример на "Чик" која беше угледна фабрика во каква положба се наоѓаат, овие денови, не е случајно да го сликаат на теле- визија работникот кој работел толку години и да се најде во та ва положба да мисли за неговата судбина, што станува од утре натаму. Мислам за вакви кои беа производно продуктивни фабрики треба интервенција да направи Владата од средства позајмени, земени кредити од странство, помош од странство, да им се помогне на овие продуктивни, добри кои биле работници и мислам само така ќе можеме, ако изградиме една програма,

ако направиме, од преминот од еден период во друг, од една во друга година, перспективна програма треба да се донесе во куси гранки ќе развиваме стопанство, до каде, и од каде ќе имаме приходи во Буџетот. Ако таква програма и такви насоки дадеме, гаранција на кредитни задржувања на индивидуални и приватни претпријатија и други во странство дека стопанството ќе има поголемо вработување, повеќе средства и другата година ќе ни биде полесно за донесување на Буџетот заради тоа што ќе се обезбедуваат повисок национален доход и ќе има од кого да се наплати данок.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Јас знам дека за оваа тема би требало поконкретно да се осврнат професионалците, меѓутоа и јас си давам на себе, си дозволувам да кажам во глобала некои зборови, за кои мислам дека за оваа точка треба да се кажат.

Годинава ни започна со загубарите, а по се изгледа и ќе заврши со нив. Би било добро кога политиката и економијата не би биле и не би оделе рака под рака, меѓутоа досегашната практика покажа дека кај нас тоа е неизодново. Парите се проблем за државната каса, особено ѕвездата го губи сјајот на анализата на податоците на финансиската позиција, на стопанството, конкретно во Македонија.

Деновиве се пеглаат решенијата за трансформирање на доловите на загубарите чие што организационо и финансиско реконструирање беше еден од носечките проекти во макроекономската политика за 1995 година, така да за 1996 година не може да се очекува никој друг вид на

Буџетот, јас би го нарекол освен дефицитарен буџет. Немојте да се зборува за дефицит екс Анте како што се кажува, дефицитот предизвикан од намерното зголемуваше на Буџетот и буџетската потрошувачка која треба да го компензира подот на глобалната потрошувачка кога во можност е за слабеење на економската активност. Но, исто така, не може да се каже за буџетски дефицит екс пост бидејќи не е резултат на нереалното планирање на приходите или расходите поради конјуктивниот дефицит што е платен од циклична криза или кога е тоа, да кажеме нон стоп сме или се наоѓаме во една криза.

Се разбира, современиот буџетски дефицит финансиски настанал како последица на експанзијата на расходите сврзани со државниот интервенционизам, во економски и социјален план. Елемент, нормално, без кој не може да остане меѓу живите, особено ако не се смета на парични инекции, народно речено, да ги поживи господ овие меѓународни кредити и други давачки за нашата држава и за нашите институции.

Одамна преовладува мислењето дека многу од мерките на економската политика не ги даваа очекуваните ефекти, главно поради нивната претерана нормативност. Се прашувам, дали финансиската политика за тие формирања, сите се залагаат да бидат на новина со формирањето на Управата за јавни приходи која воопшто не ги даде очекуваните резултати од ниеден аспект. Стопанството се принудува а се движи низ лавиринти зад кои стои моќниот движен службеник. Митото прерасна во вообичаена појава кај корумпираните извршители, да речам на законот.

Од горе изнесеното, намалувањето на порескиот приход е реалност, во сегашните пазарни услови на стопанисување, уште е да

речам модерно кај нас како се гледа и од кој аспект се гледа, дали си од Запад или си од Исток и према тоа односно према таа трка ќе биде платен данокот и понатаму. Царината и нормално другите давачки што потекнуваат од ова.

Така да, јас би рекол дека фирмите поконкретно, каде се Албанците основачи и раководители на тие фирми, мора да вработуваат "специјалисти" по можност исклучиво да бидат Македонци за контакти со кои одговорните, бидејќи во спротивно нема да добијат контингенти и нема да најдат работа.

Анализирајќи го Буџетот за 1996 година поконкретно билансот на трошоците на ставката 45 - Каматни плаќања, потставката 452 - Каматни, на ставки кредити, се планирани милион петстотини педесет и една илјада денари или подставката 492 - Отплата на надворешен долг во износ од милијарда четиристотини деведесет и осум милијарди, прашувам, зошто споменатите ставки не се исплатени од средствата за приватизација на општествениот капитал. Дали некој платил или се ефективно, трансформацијата на општествениот капитал, да не речам дека е поклон бидејќи нема ринвесија во стопанството нема и плаќаше на долговите и на каматите.

Компаративно на горе изнесеното во Раздел 23 Министерството за образование и физичка култура има планирани минимални средства во износ од 71 и 131 илјада денари, што по мое мислење е многу малку. Таа ставка значи дека и понатаму нашето образование ќе биде на тоа ниво на кое што беше, а се знае дека овој сегмент на животот е еден од најчувствителните сегменти за кои треба сите ние да се дружиме.

Во Раздел 25 Министерство за наука планира исто така еден број на средства, на пример тука се забележани 329.049 илјади колку

стипендии се таму и према тоа ако се гледа досега нема една рационализација бидејќи како се гледа конкретно, тука, еден број на стопанственици и на државјани, да речам, конкретно Албанци во Република Македонија вложуваат пари, а од овој аспект од Министерството за наука досега нигде не се гледаа дека малку, барем малку ги користат овие пари. Да не кажам и ред други работи, но за крај би рекол уште нешто.

Ние мораме да истакнуваме ако долготрајно планираме дефицитарен буџет без да се размислува за ризикот на инфлаторните последици, практично да ги применуваме политиката на систематскиот дефицит, секогаш верувам дека нема да се покрива дефицитот или нема да ни го покриваат дефицитот некоја меѓународна финансиска институција, туку ние сами треба за некои работи да се грижиме и ангажираме. Но, јасно е дека приватизацијата не е волшебно стапче, особено не е она за остварување без вложување свежи пари во кои не учествуваат странски инвеститори и која не иницира нов, така да речам, менаџмент. Воведување нови технологии и што е најважно отворање нови пазари кои, нормално, треба за нас да бидат адути за преминување од оваа фаза каде што сме.

Благодарам.

IX/1 РД/ПН

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во оваа прилика би се определил јас лично од свој аспект за некои укажувања, имајќи ја предвид и самата расправа, како и карактерот и содржината на текстот во овој случај Буџетот за 19 96 година. Имено, на почетокот сакам да нагласам дека без разлика на сопственото мислење и уверување и убедување на секого се доаѓа до сознание дека основните агрегати кој ги поставивме минатата година се со цел да влеземе во една состојба која ќе биде поурамнотежена за да ја спречиме инфлацијата во овој случај и при концелирањето на овој Буџет ние тие агрегати воопшто не ги критикувавме. ако веќе се тие прифатливи, тогаш нормално е за нас да бидат прифатливи и основните индикативни претпоставки и поставки што се во овој момент поставени и врз основа на кој се темели целиот концепт на Буџетот за 19 96 година. Ако веќе сакаме да направиме соодветна промена или отстапка во сопственото размислување при концептирањето на Буџетот ние мораме да кажеме отворено овде кој од тие индикативни претпсотавки во овој случај не би биле предмет, или не би се користеле како основа за концепирање на вкупниот модел на Буџетот за 1996 година.

Имајќи ја предвид, пред се инфлацијата, а знаејќи дека. курсот на денарот и неговата стабилност практично го крши рбетот на инфлацијата, од тука се извлекува заклучок за сопствено мое убедување, сакам да кажам претпоставените индикативни параметри во оваа фаза на размислување наполно го задоволуваат концептот на Буџетот по сите големини.

Имајќи го предвид ова што го потенцирав, сакам да кажам дека ние пред некој ден го усвоивме и Законот пред се за

ограничување на личните доходи. Ако веќе размислуваме да правиме некоја отстапка, значи мора да го отвориме тој проблем за да видиме кој

елемент по структурата за понатамошниот развој на инфлаторните движења како мерка на антиинфлационата програма веројатно ќе ни биде на сите јасно дека повторно тој индикативен параметар како такво ќе биде за нас прифатлив. Или, веројатно би го отвориле прашањето што би се случило ако не ја ограничиме, односно лимитираме јавната потрошувачка. Веројатно ќе дојдеме во една ситуација што во еден конкретен случај е да имаме вишок на средства би требало да ги пренасочиме секој од нас за своја дејност. Јас на пример би се залагал во делот на стопанството, но .не никако во делот на трговијата, иако знаеме дека и трговијата е стопанска гранка, или угостителството, туризмот итн. Или мора да обезбедиме одговор на прашањето за ставката на инфлацијата дали е прифатлива стапката на инфлација како индикативен фактор од 6% врз основа на што и се концептира овде, или би сакале да имаме друга вредност.

Исто така, би требало да обезбедиме одговор на прашањето што со процесот на санација на гранките или во процесот на долговите, или девизните штедни влогови и тн. Накратко речено ние мора да обезбедиме одговор на прашањето што со овие индикативни параметри како такви што се ставени во самата проекција, врз основа на која се изградени и големината на целиот Буџет.

Ако веќе го поставиме прашањето дали е тој рационален или како таков радикален, тогаш треба да го отвориме прашањето дали корисниците што се во Буџетот треба да останат тие или предлагаме паралелен модел, нови корисници. Ако е тоа добро, треба да се чуе, за

да можеме да воведеме компарација кој од корисниците ќе излезе и како ќе го решаваме него во структурата на функционирањето на општеството на овој пазар на РМ. Или ќе го поставиме прашањето на рестриктивност. Ако рестриктивноста ја гледаме за сите корисници ако ја гледаме работата во структурата на Буџетот, со намалени средства е корисна работа, веројатно ќе се постави прашањето дека нивото, или големината на стимулацијата за поддршка на стопанските активности за стимулирање за извозот 385 милиона за овој општествен производ на ниво на државата, веројатно се многу мали средства. Но сигурно е едно дека ако на овие се ослониме само Буџетот да дава поддршка за остварување на стопанските активности, за стимулирање на извозот, веројатно нашата национална економија подолги години ќе клубури. Значи, излезното решение по мое мислење треба да се бара во делот на даночната политика, во делот на царините, во делот на внесување на нови средства, во делот поттикнувањето на банкарскиот систем, во делот на каматата, штедните влогови и тн. Врз основа на едно такво размислување мислам дека во голема мера ќе придонесеме идната година да разговараме за други индикативни параметри и веројатно би дошле во ситуација да размислуваме поинаку. Сега имаме предлог на Буџетот во кој јас лично мислам дека без разлика што имаме различни мислења во овој случај тој во голема мера ги задоволува интересите и функцијата што треба да ја извршува за 199 6 година. Во прилог на тоа би било добро да вака концепираниот Буџет с,е прифати.

Кога сум веќе на говорницата сакам да потенцирам дека Комисијата за стопанство ги имаше сите аспекти, ги анализираше од повеќе агли, од повеќе сектори и нормално е што се појавија и повеќе

интереси, при што и предлози како прилог на овој Буџет што предложени 2 амандмани кој едниот се однесува пред се за дефинирање на висината на вредноста на берзата, во конкретниот случај агро-берзата и делот на средствата од општата или, мислам дека беше позицијата предвидена за општите служби со одредени големини да се пренаменат едната позиција да остане во функција за развој на земјоделието, во кој облик и со која форма со програмите што произлегуваат од самата Влада, а второто да се даде поддршка на спортот, односно дел од физичката култура. Воедно истакнувам дека Комисијата со едни такви размислувања дала поддржка на Буџетот за 19 9 6 година.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, излегов овде малку зачуден со истапот на последниот дискутант како оваа материја да никој не ја разгледал, како да е нова, како денеска да треба да раcправаме како ученици на училиште, односно како во некоја општина од почеток до крај и да анализираме дали е ова повеќе, или е она повеќе, дали макро или микроекономија, дали трошоците треба да бидат волкави или онолкави дали што е ММФ или Светска банка или не знам што. Интересни работи ни се случуваат. Ние вечерва ќе слушаме сигурно и утре вечер изјави, конференции за печат дека се ова се крадело, се ова не се почитувало, дека се е ова пљачка и пропаѓаме. Јас не би се согласил така. Не би се согласил заради тоа што знам дека овој материјал, Буџетот што е поминат е скоро на сите комисии, тоа е така раздробено, тоа е така разгледано кој знае колку и од каде е, тргнувајќи од една актива и пасива приходи, приходи, приходи

или потреби, потреби, потреби и од каде да се покријат тие потреби. Јас мислам дека така почнува г-динот министер и неговото семејство што таму работи. Семејство во рамките на луѓето што работат кај него, што го опкружуваат г-динот министер.

Денеска слушајќи го ова што се зборува јас доаѓам до зачудувачки) работи, до работи што секој кој прв пат слуша нешто што е оваа работа, пратеници сме или што сме. Навистина, како да не знаеме што сме. Ние мораме да бидеме свесни дека правиме држава. Дека таа држава има четири граници, имаме амбасадорски и дипломатски кор надвор од нашата земја. Ние мораме да се приватизираме. Дали прво треба да се приватизираме. Дали треба прво треба да бидеме членки на ММФ или на Светска банка. Понатаму да одиме и благодетот од она што сме примени во ММФ или во Светската банка ќе го осетиме на пример и годинава и другите години за тоа еве на југот престана таму, натаму иде и оваа година, во БиХ луѓето ставија рака, пазарите ќе ни се отворат и само со поголема продуктивност на трудот, со опширно производство, односно со поевтино производство само така ќе можеме да им вратиме пари на тие штедачи, да ни биде личниот доход наш поголем, и на сите други што работаат и што помалку стечајни работници, што помалку невработени итн. Ако вака одиме да видиме една работна организација или АД итн. кој што работат одлично. Какви се капацитетите таму во однос на вкупната политика на капацитетите во Македонија. Не заради тоа што не сакаат да работат луѓето, меѓутоа тоа е малку завиено кој ќе фати на ујдурма и земи ако можеш да земеш. Затоа и како Собрание и како Влада треба да се отворат очите.

Ние имаме овде без работа и превработеност. Ако некоја машина треба да ја водат 5 работника ја водат 15 работника. Пензионерите ги жалиме како можат тие да живеат. Нема пари во Фондот. Како се создаваат пари во фондот. Дека само со поголем личен доход на вработените издвојувањето нивно за фондовите, со поголема печалба таму и данокот од печалбата, така се создаваат средства за другите општествени потреби, помеѓу кои и за пензионерите, и сите други давања и за развој, меѓутоа не образложуваме а велиме зошто нема. Ние треба да се стегнеме, кога тогаш да го стегнеме каишот. Но јас верувам еден ден за 3-4 години ќе создадеме добра економска положба за да може нашиот работен човек да живее подобро, а не да се расправаме како денеска. Јас мислам да зборуваме еден час, другите точки да ги оставиме за другата година, и толку. Ние досега разговаравме за Буџетот што е тоа разговарање толку илјади амандмани имаме овде. Кој ќе прифати. За да дадеш негде треба да земеш од некаде. Од каде ќе земеш за да дадеш. Тоа е Буџетот, било на микро било на макро план. Јас мислам дека оваа Влада и овие луѓе и овие комисии размислија доволно, дадоа свои предлози.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе се потрудам да бидам краток и нема да се впуштам во некои воопштени и генерализирани изјави по повод Буџетот инаку јас по оваа тема јас сум бил еден од најдолгите и имајќи го тоа искуство во предвид, бидејќи овој Буџет е концептиран на принципот на рационалноста, јас ќе бидам рационален. Јас мислам дека мимо фактот што во образложението на Буџетот е кажано дека при конципирање на овој Буџет главниот принцип кој што се почитувал е

рационалниот принцип и јас мислам дека квалитативно се анализира овој принцип, постојат и поголеми внатрешни резерви кој не се истражувани и кој би требало и при Ребаланс на буџетот или при идно размислување да се имаат предвид, бидејќи јас сум длабоко убеден дека оваа јавна потрошувачка ако и со овој Буџет се предвидува да се остварува е многу поголема во однос на реалните можности што денеска може да ги даде оваа економија што ние ја имаме. За да оваа моја констатација биде аргументирана, јас ќе се потрудам со еден конкретен пример да ја аргументирам. Анализирајќи ја главната ставка во Буџетот тоа се платите на корисниците на Буџетот кој учествуваат со 32,51% во вкупниот Буџет и кога оваа ставка која е предвидена ќе се анализира од аспект на движењата кој ние ги имаме во стопанството, од аспект на бројот на вработените во стопанските дејности и нестопанските дејности, ние ќе дојдеме до ваквата констатација. Од 1993 година до 1996 година, со проекцијата на Министерството за развој се предвидува бројот на вработените во стопанството се намалуваат за 7 6 илјади односно изразено во проценти тоа значи 24% намалување на бројот на вработените во стопанството.

Кога ќе се анализира ова движење во нестопанските дејности кој се да речам, корисници на Буџетот, ќе констатираме дека од 19 93 година до 19 9 6 година на база на истиот документ ќе имаме намалување на бројот на вработените со корисниците на Буџетот за само 0,5%. Е, па, по една анализа, кога, да речеме оваа Влада би го остварила предвидувањето што го даде дека ќе изврши намалување на државната администрација за 10%, а јас би рекол не да оствари намалување на оваа државна администрација за 10% туку за само 6%, во тој случај ние

би добиле нето финансиски ефект од некаде 28 милиони германски марки годишно. Па, сега ве молам, земете ги тие средства за 3 или 4 години, автоматски да кажеме ние ќе дојдеме до сознание дека навистина во корисниците на буџетот постојат внатрешни резерви кој треба да се искористат со цел да се подмират многу потреби, кои многу дискутанти овде многу ги начнаа. Се поставува прашањето зашто оваа работа да кажеме досега не се реализира од страна на Владата бидејќи во образложението истото само се констатира. Но за реализација на оваа работа потребно е донесување на законот за државна управа кој може тој закон да очекуваме во 199 6 година дека конечно оваа Владата ќе го донесе, бидејќи такви закони постојат во многу други западни земји, а не би било тешко во четвртата година на мандатот да се препише еден таков текст, згора на тој текст да се воведат нови критериуми и мерила за вреднување на работните места, односно за трудот, да се извлече таа рационализација од тој вишок на државна администрација, како во државата, така и за корисниците на Буџетот, така да се дојде до една ситуација со единствена цел масата на средствата кој би се добиле би биле една добра основа да се излезе од урамниловката која ние денеска ја имаме во државната администрација, особено кај раководните структури и кај структурите кој се одговорни за водење и креирање на политиката и заштитата на законитоста, со единствена цел да добиеме рационална и добро мотивирана администрација.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Ова го укажувам од едноставна причина, бидејќи начелната расправа јас лично ја сфаќам како расправа во која да кажеме ние што еве, земаме учество исфрлуваме на виделина идеи, даваме визии кои визии сигурен сум дека би требало да се земат предвид и во склоп на реалните можности да се инкорпорираат. Значи во оваа точка прва би завршил дека под итно треба да се донесе тој закон, да се донесат тие нови систематизации по тие корисници на Буџетот да се воведуваат нови критериуми за вреднување и така ние да го добиеме она што го целиме. Значи рационална администрација и добро материјално мотивирана за да ги обавува тие работи кои ги имаат.

Второ, за мене е дискутабилна особено ставката 426 таканаречена договорни услуги, која е квантифицирана во износ од 820 милиони 344 илјади денари, односно над 30 милиони германски марки. Зошто оваа ставка за мене е дискутабилна. Кога ќе се анализира што во суштина се проектира да се реализира преку оваа ставка ќе испадне дека тука се работи за договорени работи со надворешни соработници да кажеме кои изработуваат одредени проекти, одредени визии, одредени согледувања за што за актуелната извршна власт. И автоматски за мене се поставува следната дилема. Имајќи предвид дека тие проекти, тие визии изработуваат висококвалитетните кадри кои ние ги имаме вработени по разни институти, по факултети и на тие работни места ние им плаќаме на тие луѓе, сега можеби бидејќи се таму многу ангажирани истите луѓе наоѓаат за сходно сега вон од работното место се ангажираа, па сходно на тој критериум си земаат и дополнителни надоместоци, односно дополнителни финансиски средства. Јас мислам дека оваа практика би требало еднаш за секогаш да почне) да се запира од едноставна причина, бидејќи јас на база на овие податоци доаѓам до следниот заклучок. Можеби ние немаме само политичка влада, ве молам па ќе

се створи доим дека ние имаме и политичка администрација во која политичка администрација за жал професионалците не ни се вработени, па сега сме приморани да плаќаме луѓе други да ни ги вршат тие тековни работи кои треба да ги вршиме во склоп на тие стручни професионалци кои треба да ги имаме во Владата. Значи се створа ваков доим и во идната кадровска политика и вработување би требало овој елемент да се елиминира со цел за рационализација на овие трошоци, бидејќи јас мислам дека како квантум постои доволен кадар, но како квалитет тоа е веќе ствар на луѓето кои се во егзекутира да се занимаваат со оваа работа.

Трето, мислам дека ставката други оперативни трошоци на конто 427 исто така бележи зголемување, а особено овде би истакнал дека трошоците за репрезентација на ниво на Влада, на ниво на министерства во просек бележат зголемување за над 100%. Значи во оваа ставка принципот на рационалност воопшто не е почитуван.

Четврто, мислам дека планираните средства кои се предвидени особено за казнено поправните домови, а сеќавањата на сите нас се доста свежи од аспект на проблемите кои се појавија во Идризова во текот на 199 5 година. Јас мислам дека треба да се вложат поголеми средства бидејќи таму условите се многу лоши, а во најмала рака да се сведат на некои подносливи состојби.

Понатаму мислам дека имаме предвидено преголеми планирани средства за набавка на инвентар по одделни министерства, а во оваа распределба мислам дека се е запоставено Министерството за образование имајќи предвид дека инвентарот во голем број на школи во Македонија е во никаква состојба. И сега да не должам, јас мислам дека, бидејќи Буџетот, овој Буџет кој денеска ќе треба да го усвоиме е реален Буџет реално се почитувани критериумите на рационалност, но јас сум длабоко убеден дека ќе треба да се направат дополнителни анализи по сите корисници на Буџетот, дека внатрешни резерви постојат, дека треба

да се  заокружи системот кој ги регулира овие работи на нови основи и дека така ние почнувајќи од тој принцип и воведувајќи нови критериуми и мерила во организирање на даночните служби за наплата на јавните приходи ќе допринесеме оваа рестриктивна состојба што ние ја имаме полека да почнеме да ја надминеме.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, јас навистина ќе бидам краток и ќе се осврнам само на еден дел од Буџетот предвиден за наредната година. Ќе се осврнам на делот за Капитални средства кои се предвидени секаде во сите министерства, односно во сите корисници на Буџетот. Ако сте погледале во тој дел ќе видите тоа е Раздел 2, ќе видите дека секаде се троши на тој дел и ако погледате во спецификацијата ќе видите дека се трошат пари за мебел, за опрема, за постројки и за некои други имиња преку кои можат да се набават работи кои веројатно во наредната година не се којзнае од каде функционална потреба. Мислам дека требаше корисниците на Буџетот да имаат поголем осет за состојбата во државата, дека имаме многу проблеми и дека тие средства кои беа предвидени за оваа намена можеа да се усмерат во корисни цели, да намириме некои делови кои се од егзистенционална природа. Друго,сакам да кажам, веројатно тоа и претседателот на Комисијата за култура образложи посебно, сакам да кажам дека средствата кои се наменети во вкупен износ за културата се недоволни. Мислам дека заслужуваше Министерството за култура да добие повеќе средства СОЈ тоа што висината е толкава за да се покријат само трошоците на опстојување на објектите и на луѓето кои работат во културните институции и ништо повеќе. Затоа уште еднаш ќе потенцирам можеби треба веќе да размислуваме друг пат кога треба да предлагаме еден таков буџет да помалку додека траат овие кризни години помалку набавуваме опрема помалку автомобили, помалку некои постројки кои

Х/4.-

не се баш така неопходни, а парите да ги усмеруваме повеќе таму каде што се најпотребни.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и министри, го прифаќам Предлог -буџетот за 1996 година и ќе гласам за него со едно убедување како пратеник дека покрај сигурноста и гаранцијата што приходниот дел на Буџетот ја дава за едно нормално и со зголемен квалитет функционираше на државните функции и служби паралелно со тоа водејќи сметка за некои трансфери кон локалните самоуправи. На пример, меѓу другото и за изградба на водоводи во општините, за изготвување на просторни и урбанистички планови за електрификација на села, за развој на неразвиени подрачја. Сметам дека во прифаќањето на овој Буџет ќе најде решение и во делот на физичката култура финансирањето на спортскиот објект во Кавадарци како и финансирањето на новата хидрометеоролошка станица во Кавадарци. Сметам во исто време дека една работа е запоставена, а неодминливо е да се потенцира, тоа е проблематиката на водоснабдувањето. Така да кажам условно министерскиот буџет на Министерството за земјоделие покрај опфатот на сите области и дејности од земјоделие проблематиката на водоснабдувањето воопшто не ја третира овој Буџет. Мислам дека таа работа неоправдано отсуствува од овој Буџет, а не верувам дека постои Буџет во светот кој не ја третира проблематиката на водата како стратешки фактор за животот и развојот на секоја земја. Постои една популациона структура на неколку општини во Републиката од општините Кавадарци, Неготино, Валандово и Радовиш кои што во 1995 година ги зафати големо невреме со силни поплави и каде што најмногу трпеше земјоделското производство, како и големи оштетувања на земјоделските површини. Решение за водостопанските претпријатија кои се финансираат од водниот надоместок за нивните потреби за одржување и изградба на хидросистемите нема простор извршувајќи ја

Х/5.-

таа нивна основна задача да извршат олеснуваше, или ослободување на земјоделците водокорисници,иако тие не само што го изгубија очекуваниот приход туку и претрпе големи штети. Постои одредена иницијатива и во надлежното министерство во тековната оваа година, а сметам дека и убеден сум г-дине министре за финансии, дека овој Буџет бидејќи отсуствува во позицијата на Министерството за земјоделие интервенција за водостопанството, ќе потенцирам за намена, одржуваше и изградба на хидросистемите за овие четири општини, за тоа население од прилика 100 до 120 илјади претежно земјоделци водокорисници, мислам дека овој Буџет кој што обезбедува живот за голем број на корисници од него, а сите од некаде и основата на живеењето е од земјоделието заслужува да најде позиција 50 до 70 милиони денари да се интервенира до водостопанските претпријатија на овие општини каде што се претрпи со поплавите големо оштетување на земјоделските површини што ќе значи растеретување на нивните обврски за одржување на хидросистемите а со самото тоа и ослободување од пресметаните давачки по однос на воден надоместок, ќе потенцирам за оштетените од поплавата земјоделски површини. Сметам дека јас со моето пратеничко прашање решение за таа работа овој Буџет во резервата може да најде, тоа не се големи пари не се големи средства и една постапност за таа работа со вклученост и на Министерството за земјоделие, на водостопанските претпријатија и на самите земјоделци водокорисници мислам дека со една мала интервенција може да се задоволи таа популација на земјоделци водокорисници со убедување дека ќе се најде решение за овој проблем. Јас уште еднаш повторувам дека го прифаќам и ќе го поддржам овој Буџет.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас навистина ќе бидам краток бидејќи не сум економиста. Го прочитав Предлог - буџетот но верувам тука има луѓе кои можат тоа многу подобро да го оценат. Не сум

економист, па затоа и не можам да дадам објективна проценка што се ни нуди овој Предлог на Буџет за 1996 година. Затоа апелирам до надлежните министерства до разните дирекции па и до Вас почитувани пратеници економисти, а посебно либералите да помагаат ако има некои пропусти во Предлог Буџетот да се ангажираат тоа да се регулира во полза на добробит на сите граѓани на Македонија. не ми е јасно како општината Чаир со мешано население и со многу неразвиени ридско - планински и погранични села вклучувајќи ги тука и сите други албански, македонски и српски села во подножјето на Скопска Црна Гора да биде прогласено како развиена општина кога се знае дека во неа нема никаква индустрија освен "Шутекс", Затворот, "Жито-лукс", Железничката станица и Градските гробишта, ако е тоа индустрија, па нека биде и развиена општина. Затоа како пратеник на овој регион барам оваа општина да биде вклучена во сите програми за развој во идната година вклучувајќи тука пред се водоводната, електричната и патната мрежа, а и помош во изградба, или доградба на училишниот простор. Но крајно време е во општина Чаир да се изградат индустриски објекти каде би се вработиле маса невработени. Ова не го барам само за општина Чаир, туку и за други неразвиени општини во Републикава, бидејќи јас како пратеник не се осеќам комотен во оваа сала кога во салата на општинското собрание во Куманово се онесвестува изнемоштен, болежлив работник во придружба на други кои протестираат со глас, штрајкуваат барајќи елементарни услови за живот бранејќи го достоинството свое и достоинството на своето семејство. Да се има предвид отворање на нови работни места, а ние наместо тоа имаме армија невработени, им додаваме уште стечајци. Јас не знам каде оди помошта што ја добиваме, или кредитите што ги добиваме. Јас мислам дека сето тоа треба да се пренасочи спрема работникот, невработените, пензионерите итн.

X/7.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, сосема кратко мислам дека неспорна е потребата да го поддржиме донесувањето на Буџетот за да може нашата држава нормално да функционира и во текот на следната година. Меѓутоа, неспорен е фактот дека сме доведени во ситуација да ја пееме истата песна како и минатата година, затоа што повторно Буџетот ни се нуди во сосем скратени рокови би рекол во 5 до 12, иако членот 18 од Законот за буџетите на Република Македонија донесен во 199 3 година вели дека Владата е должна најкасно во месец ноември да го достави Буџетот во Собранието на Република Македонија. Исто така, би сакал да се придружам на констатациите и оцените на оние пратеници кои ставија сомнеж врз реалноста на Буџетот на Република Македонија за следната година затоа што мислам дека не постојат реални показатели кои би го потврдиле фактот дека тие проценки се дадени врз основа на некои реални аналитички податоци.

XI/1 ПЈ/ЛБ

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

На тоа го надоврзувам фактот дека и минатата година во истата оваа сала беше ветувано дека во 1995 година ќе имаме не знам колку посто зголемен општествен производ раст на производството индустриско нити ќе се зголеми бројот на вработените во Република Македонија а се случило обратното, оваа година имаме пад на производството, пад на општествениот производ, зголемениот на бројот на невработените и уште поголема социјална цена во остварувањето на реформите, па затоа го поставувам прашањето која е гаранција та дека овие параметри навистина ќе се остварат во текот на следната година. Би сакал како позитивни елементи да ги изнесам следните работи. Прво ја поздравувам определбата на Министерството за градежништво и урбанизам и на Владата за во споредба со минатите години издвои значително поголеми средства за програми за заштита на водите на реките и езерата и за изработка на студии и проекти за заштита на животната средина иако тоа како сума не е кој знае колку голема меѓутоа е доста поголема во однос на тоа што се потрошила во 199 4 во 1995 година и определбата на Владата оваа година да интервенира со значително поголеми средства во изградбата на хидросистемот "Лисиче" во Титов Велес. Меѓутоа, како негативен факт би сакал да ги изнесам следното, кај нас низа години се доцни со вистински реформи во областа на државната управа. Имено, се уште во областа на државната управа сме далеку од доведување на работите во таква ситуација имаме, навистина ефикасна непартиска, неполитичка, професионална, државна администрација, затоа што тие закони се уште не се влезени во собраниска процедура,- Неспорен е фактот дека во услови кога имаме толкав број на невработени, кога имаме толку голем број на технолошки работници, социјални случаи, дури и во последно време штрајкови со

глад да не го исполниме ветувањето што беше дадено и договорено со меѓународниот монетарен фонд до јуни месец за 5% да се намали бројот на вработените во државната управа, а до крајот на 1995 година вкупното намалување да биде 10%. За жал, информациите со кои јас располагам велат дека се случи спротивно, дури и дека имаме зголемување на бројот на вработените во државната администрација. Тоа можеби некој сака да го аргументира со фактот дека како нова држава треба да формираме некои нови служби што не сме ги имале претходно, меѓутоа, мислам дека тој факт не држи и дека Владата сериозно треба да се замисли за овој факт и во текот на следната година да подготви навистина добра програма и реформи во областа на државната управа, а и за намалување на вкупни от број на вработени во државната администрација.

Ја поддржувам дискусијата на г-динот Станковски и јас исто мислам дека има резерви и можности да се намалат ставките од делот капитални трансфери и капитални средства и ќе ги поддржам сите амандмани кои одат во тој правец. И на крајот би сакал да го потенцирам фактот дека во следната година треба да направиме посериозни напори во споредба со изминатите години за поголема контрола на трошењето на средствата од Буџетот ма Република Македонија посебно оние кои се инвестираат во јавниот сектор затоа што еден претходен дискутант се обиде тоа да го објасни информациите со кои јас располагам во врска со изградбата на железничката пруга кон Република Бугарија не ни стојат работите така како што треба и ние како држава треба да имаме многу посериозен и подомаќински однос затоа што суспендирањето на пазарните механизми и критериуми при доделувањето на работите на градежните претпријатија од нашата земја за изведување на градежните работи не доведоа во ситуација цената на чинење на железничката пруга

да биде многу поголема, отколку што навистина би требало да биде. До колку се точни податоците што вчера еден член на Владата ги кажа во Собраниската расправа на комисиите дека тие цени што ги нудат нашите градежни претпријатија дури за некои работи се за три пати поголеми во споредба со европските цени, доволно зборува дека навистина се направени пропусти и дека треба да се направат сериозни напори во последната година да се отклонат сите тие недостатоци.

На крајот да завршам со потребата Владата или надлежните служби на Собранието во што поскоро време да го достават соодветниот закон, кој според членот 55 од Законот за буџетите е должно да го донесе Собранието иако од тогаш поминаа 2 години, се уште не е конституирана независна служба, што треба да ја основа Собранието, која ќе има функција, овластување и одговорност со посебен закон во контролата на трошењето на средствата од Буџетот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Влада, дами и господа!

Моја лична оценка е што овој буџет настапува со еден рестриктивен план, гледано ретроспективно неколку години station наназад а имајќи ги предвид мноштвото на нови функции, кои оваа нова Влада ги предвидува во своите активности нормално распределена по одделните министерства. Во поглед на тоа ценам дека навистина имаме мноштво нови ставки, нови идеи од поодделните министерства, кои идеи, се надевам, ќе се оплодат тек во наредните две години. Ако буџетот во 199 5 година беше наследен во една подготовка од претходната Влада и истиот се одвиваше во една шаблонизирана шема, новите ставки, новите размислувања и идеи кои ги нудат одделните министерства, укажуваат

дека овој буџет во 1996 година, можам да кажам дека е еден од понадежните кој што сме го имале во однос на буџетите на претходните неколку години.

Прво, би се задржал на претходната страна во буџетот и одредена критика до подготвувачот и до изготвувачот на буџетот каде немаме доволно аргументирана и образложена структура на приходниот дел, туку чисто нафрлаше на кои видови на даноци се оние кои би придонеле за вкупното калкулирање на буџетските средства. Додека одредени процентуални износи, како тоа би се одвивало нивниот збир по месеци, по квартали, по интензитет, тоа како пример го немаме. Како посебен пример би го издвоил процентот, мислам ставката за акцизи каде ја имаме во генерализирана форма и генерализиран ИЗЕОС а знаеме дека по законот за акцизи тоа е собир на повеќе видови и форми на акцизи каде што се собираат од повеќе намени. Мислам дека ќе беше добро истите да се дадат по видови и форми на акцизи во однос на остварување на акцизи од продажба на нафтени деривати, по однос на продажба на цигари, алкохолни пијалаци и тн. да се направи една одредена анализа на расходниот дел на токму тие акцизи кои ги имаме како застапен дела од прилика некаде 25 до 28% од целокупниот приходен дел во Буџетот на РМ.

За расходниот дел би се задржал единствено на две ставки, пошто не би се задржувал на некои општи генерализирани забелешки, туку би ви ги дискутирал две ставки. Тоа се ставката за програмата за патишта, која е предвидена со износ од некаде 1.600 милиони денари која ставка гледано процентуално од прилика за 18 до 20% е зголемена во однос на 199 5 година. Но, структурата на оваа ставка ја немаме во образложението кој е процентот на овој износ во однос на процентот кој се добива од акцизата за продажба на нафта и нафтени деривати, што како анализа би било доста добро за да се знае кој дел од тој вид на

акцизи е искористен за фондот за патишта, т.е. СИЗ-от за патишта. Морам да кажам дека овој износ кој е предвиден од буџетот и од акцизите претставува некаде од прилика околу 65% од потребните средства кои се за оваа намена. Така што преостанатите некаде 35 до 40% од целокупната програма во фондот за патишта претставуваат придонеси кои се собираат по други основи, а кои се директно сврзани со потрошувачката на нафта и нафтени деривати и интензитетот на движење на сообраќај низ РМ. Ова го кажувам по повод тоа што иднината на РМ во прибирањето на овој вид на акциза и интересот на РМ и креирањето на политика во оваа област би била што повеќе да овозможиме и создадеме предуслови повеќе за движење на моторни возила низ РМ. Еден вид ги користиме сите можни искуства кои ги имаат и ги имаат неколку европски земји кои претставуваат грубо кажано точилници за гориво на крстопатите кон Европа и до Европа. Со новата функција која ја има, независна функција како држава РМ и својата местоположба на држава на центар на Балкан тие искуства ќе треба и ние како држава да ги искористиме, за да постанеме точилница на нафтени деривати на Балканскиот полуостров и пошироко. Придобивките од тоа ќе бидат зголемениот износ на акцизи добиени по овој осноз, а износот од 1.600 милиони денари кои од прилика квантифицирано претставуваат околу 4 0 милиони долари , а кои директно се инекткраат во македонската градежна оператива е доволен показател буџетот на РМ поточно градежната оператива самоиницијативно сопствените граѓани и пошироко ја кредитираат во нејзината активност. Ова мое укажување би претставувало една форма на градење на политика во оваа област во областа на градба на патишта и заинтересираноста на државата кон оваа проблематика. Ако досега користевме доста скапи кредити од странство за потпомагање на оваа област во РМ, простиот факт да можеме и сами, самоиницијативно од нашите граѓани и со

постигнување на функција на транзитна земја самите странски транспортери не финансираат со самото потрошување на гориво на нашата територија. морам да кажам дека тоа би претставувало соодветно кредитирање во трк до странските транспортери. Така што под оваа проблематика навистина ќе треба соодветните министерства посебно да обрнат внимание.

Втора точка за која што би дискутирал е проблематиката на финансирањето во физичката култура. Тоа е ставка од Министерството за образование, поточно разделот каде што се потенцира улогата, мислам каде што се дава значеше Министерството за физичка култура да го финансира на одреден начин Македонскиот олимписки комитет. Се потрудив од одредени извори во Собраниево и пошироко да дојдам до одредени показатели во овој момент во РМ да нема законски основ за државно финансираше на Македонскиот олимписки комитет. Покрај тоа МОК е формиран на својствен начин и со документи кои до Собранието на РМ не се доставени и навистина немаме ама баш никаков увид во тоа на каков начин функционира истиот. А ни се предлага тука, од ова Собрание,. од овие собраниски клупи да гласаме за функционирањето на ова здружение. Така што за разрешување на оваа проблематика предлагам ова ставка да отпадне од оваа фаза на буџетот на РМ со надеж со донесувањето на новиот закон за спорт каде оваа проблематика на одреден начин е тангирана со одреден ребаланс на буџетот кој би се изготвил во текот на оваа година и оваа функција би била на одреден начин финансирана од буџетската каса на РМ. Дотогаш предлагам овие средства за оваа намена да одат исклучиво во разделот каде се предвидуваат средства за директно помагање во тинижните процеси на спортистите кои ќе ги исполнат нормите за учество на олимписките игри, европските и светските првенства, а тоа се репрезентите на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Зоре Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, расправата за буџетот секогаш е дебата за економската политика на Владата за изминатата година и за изминатиот период, но и читање на мерките за наредната година. Ако минатата година доста дискутанти упатија критика спрема министерството дека ни беше доставен во еден краток период предлогот за буџетот и ни беа посочени притисоците од меѓународниот монетарен фонд и светските институции, сметам дека ваквите критики не држат за оваа година, бидејќи Министерството благовремено ни го достави на увид буџетот и имавме 15 дена доволно да ги согледаме сите ставки во Буџетот. И ако минатата година навистина констатиравме дека некои заради несериозниот третман спрема буџетот и краткото време имаше констатација и на кои мали отстапувања, сметам дека оваа година тие можат да се искристализираат точно со разни дискусии во Комисиите.

Исто така,сметам дека минатата година имавме предлог на еден буџет во кој беше насочено решавањето на социјалниот проблем на државата и видовме дека оваа година имаме показатели и резултати од тој буџет . Имаме резултати, можеби неофицијални од 23-те загубари и јас лично како претприемач и како пратеник имам свое видување и имам некои забелешки спрема предлагачот, а имами некои пофални зборови за надеж дека со овој нов предлог дека се дава една сигурност во макроекономската политика.

Минатата година ние сите знаеме дека донесовме еден буџет во кој заседовме став да ја кредитираме и да ја поддржиме социјата и одделивме околу 150 милиони долари, што јас лично и тогаш дискутирав дека барем и 50 милиони долари од тие 150 милиони долари да се

вложеа во малите и средните претпријатија, денеска ќе имавме намален број на невработеност, или барем истиот број од невработени.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:** (продолжение)

И ќе имавме сигурно „поголеми остварувања на приходите во Буџетот. Затоа и сега апелирам до моите колеги пратеници да не се залагаме драстично со таа социјала, бидејќи помина една година и ги видовме сите резултати, но се залагам и ги поддржувам тие ставки во Буџетот кои што овозможуваат заживување на малите и средните претпријатија. Сите вие знаете дека секаде во светот се заснивaат приходите воглвно на средните претпријатија скоро 70 5 учествуваат.

Друго што имам свое видување во овој Буџет и што ми дава некоја гаранција е дека наредната година ќе имаме поголемо остварување и заживување на малите и средните претпријатија, а тоа е заокружување'1 на законска регулатива, бидејќи ние знаеме дека во 1995 година имаме доста пропусти во законската регулатива пред се имавме пропусти заради ембаргото на двете граници. Без разлика што некои тажеа и плачеа со пуштањето на границата јас сметам дека со ова регулирање на граничниот премин престанува и таа сива економија што некои дискутанти рекоа дека немаме увид за оваа година.

Единствено што сум сакал да поткрепам некои дискусии од моите колеги пратеници е тоа што администрацијата односно државната управа мора да покаже поголема одговорност во тоа кога предлага рестриктивни мерки и порестриктивни политики. Тоа да го видиме ние како пратеници и во нивната администрација со намалување по разни основи. Дали по стручност, дали преврaботеност, и сл. Тоа е една анализа која треба сами да ја направат.

Исто така, се залагам во Разделот 2 , каде што се капиталните трошоци особено за набавка од околу 10.000.000 на намештај и основни средства, да се намали бидејќи 1994 година имало одвоено околу 4.000.000 ДМ, 1995 6.000.000 за да во 1996 година предвидуваме

10.000.000 ДМ.; Сметам и предлагам тука да се намали тој дел, колку што може да се рационализира и да се одвојат во една ситуација кога имаме потреби во разни делови на стопанството, или културата и спортот да се префрлат во тие раздели, бидејќи сметам дека тоа не е нешто најнеопходно што треба да се заокружи во еден континуитет од 3 години и тоа да има постојано еден тренд на пораст и тоа 1996 година во однос на 1995 година е скоро 90% пораст на таа стапка.

Друго, што сама да потенцирам и што ми падна во очи при ч итањето на Буџет е потребата што ја кажува Министерството за земјоделие за агро - берзата. Сметам дека и таа ставка е преголема и преамбициозна во услови на вакво стопанство на Македонија, бидејќи сепак ние знаеме дека со распаѓање на овој систем останаа големи капитални објекти во Македонија кои можат да се стават во функција на земјоделството и тие пари кои што се во разделот од околу 300.000.000 , сметам дека рестриктивно да се намалат и во истиот дел и во истиот раздел да се наменат за поттикнување и покривање на земјоделскиот развој. Трговскиот дел од берзата да се определи една сума за отпочнување на елаборатот која ќе биде доволна само во делот да се изготви како елаборат.

Тоа се моите глобални видувања према Буџетот и сметам дека еден ваков буџет треба да го поддржиме и треба да дадеме целосен придонес и како пратеници и како сопственици во прибирањето на приходите во државата.

Јас сметам, и тука ќе бидам многу критичен, дека имаме се уште администрација или недоволно школувана, или доволно нетрансформирана за новиот период. И тука лежи проблемот што ние имавме некој ребаланс на Буџетот. Не само во законската регулатива на незаокружување на законитостите во системот. Не само на ембаргата.

И затоа сметам и апелирам дека Министерствата што треба да ги собираат треба да извршат прегрупирање и во своите редови, како што инсистираат и надвор во стопанството.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Ќе се задржам на неколку точки од Буџетот кој е предмет на дискусија на оваа седница на Парламентот.

Прво, беше неопходно и навистина мислам дека во излагањето на министерот, или во образложението кое го добивме да беа дадени некои компарации на буџетите на некои земји кои се под број на жители, поразвиеност слични на нашата држава. Пример тоа можеше да биде една Чешка Словачка или една Словенија. Така во многу дискусии ќе бевме во многу поподотворни и ќе имавме едни согледувања буквално и на структурата на она што го содржи Буџетот. Беше спомнато дека ние имаме процент на плати од 305. Би било интересно за мене како пратеник да го видам тој сооднос на структура на еден буџет што го има една таква земја од тие што ги спомнав.

Исто , по рафакањата кои се однесуваат пред се на давачките за придонесите или оптеретувањето на производството. Вакво нешто би ни користело секако во иднина.

Втора работа што сакам да напомнам е Буџетот за 1995 година и Буџетот за 1994 година. Мораме да признаеме дека Буџетот за 1995 година беше премногу оптимистички, но бевме принудени тоа да го пресрчиме со носење на ребалансот и да го сведеме на една реалност со која се соочуваме и денеска. Таква карактеристика носи и овој Буџет.

Во Одделот во кој припаѓа здравството очигледно е дека во овој Буџет се издвоени повеќе средства. Пред се, тоа ќе ги интересира заболените од дијализа и оние средства кои се издвоени за трансплантација на органи, така да прв пат оваа година, овој Буџет издвојува 80.000.000 денари.

Имаме и дел на издвоени средства за набавка на нова опрема, која пред се се однесува за клиниките во здравството, така да и тоа би имало целосна поддршка.

Исто така, има и реформски дел во овој Буџет. Тоа се гледа во дел каде што се средствата издвоени пред се за Агенцијата за развој, за трансформација на селото и еден амандман што е поднесен од страна на Комисијата за стопанство, секако заслужува поддршка доколку ние тоа го прифатиме.

На крајот, убеден сум дека овој Парламент донесе закони кои одат во функција на полнење на Буџетот, а тоа беше Законот за данок на промет и акцизи, кој резултат нормално не може да се очекува 1995 година, туку 1996 година. Донесовме Закон за царини, тарифата ние на ред, па најавен е закон за данок од добивка и Законот за трговски друштва, кои секако ќе придонесат оваа рамка на Буџетот да се исполни пред да истече оваа година, па да се надеваме дека ќе имаме најверојатно и ребаланс, но во позитивна смисла.

**БРАНКО АРСОВСКИ;**

Најдов за потребно да се јавам за Буџетот со тоа што ќе бидам колку што можат порационален.

Целосно го прифаќам г-динот Темелковски кога дискутираше да оваа држава на некој начин прави рационализација во однос на средствата кои се однесуваат за социјалната програма. Меѓутоа и да се согласуваме и да не се согласуваме самата трансформација и

промените  кои настанаа во државата предизвикуваат потреба државата да мора да изнајде механизми за разрешување на тие проблеми. Во таа смисла јас се залагам за следното:

Ставката за социјалната програма е добра, државата добро осмислува, а тука и Владата добро размислува, што ние мора да имаме во Буџетот една извонредна ставка со која ќе ги покриваме обврските што настануваат како проблеми, меѓутоа формите на користење на социјалната програма треба да бидат рационални. Можеби не секогаш ние треба да робуваме на кеш пара, во вид на плата, па можеби тоа како бумеранг се јавува во некоја ситуација. Создаваш навика кај граѓанинот, или кај човекот да во одредена ситуација добива од државата, а да не биде мотивиран да биде комплетно ангажиран во создавање на средства за одржување на своето семејство и лична егзистенција. Тоа се два односа кои ние мораме да ги почитуваме. Меѓутоа што сега во оваа транзиција? Кај мене се создава еден проблем од практична природа. Ние честопати размислувам што значи пазарна економија, што значи потребата лично да се залага човекот за својата егзистенција, меѓутоа се наметнува едно прашање кое на една од наредните седници ќе го дискутираме во рамките на еден од законските проекти кои ги предлагаме во однос на разрешување на одредена практична работа. Мислам дека сведоци сме сите во државата дека со укинување на субвенциите за станарините најголем дел од населението дојде во положба да не може да ги подмирува обврските према станарините а со тоа доаѓа до облигационото право што на некој начин е договорно право -користиш стан, треба да плаќаш кирија и ако не ја платиш го губиш станарското право, односно дава- телот на станот вели од утре не си во стан. Меѓутоа, ние можеме теоретски гледано од тој аспект многу реално да го разрешуваме проблемот, меѓутоа во практична смисла на зборот кога ќе дојде еден пензионер со 3.600,00 денари пензија и е корисник на

социјално право според Законот за социјална заштита, државата да му дава 2.400,00 денари, а треба да плаќа кирија 1.500,00 денари, тогаш што би направиле во практична смисла на зборот. Дали ќе можеме да го разрешиме проблемот. Меѓутоа, во сите министерства, па и во најресорните гледам дека нема ставка за помирување на овие обврски на граѓани кои објективно доаѓаат во таква положба. Сакале или не се се наоѓа во положба да не може да ги подмири. Јас разбирам сега ако ме прашате дали е тоа во функција на економските промени во функција на пазарната економија, тоа ми е многу јасно и чисто, меѓутоа практичната состојба на тие граѓани е сосема друго. Сега се прашувам и една сосема друга работа.

Ние велиме дека во РМ имаме голем број на стечајни работни Сега велиме дека имаме преку 20.000.000. Гледате дека во Куманово имаме стечајни работници кои штрајкуваат со глас. Јас тоа не го прифаќав од принцип заради тоа што проблемите можат да се решаваат на друг начин. Меѓутоа, Законот за вработување на некој начин ги ограничила правата на стечајните работници. Гледано од аспект на она што е н надлежност на Фондот, односно на Заводот за вработување, со ставката која за има не може да ги пдомири обврските спрема Законот за вработување, бидејќи тој закон се проширува со одредени права. Ако во наредниот период некој, или државата, можеби и денеска Министерството за труд и социјална политика кое е многу одговорно разговараат со стечајните работници дојде до заклучок дека треба да се измени Законот за вработување дали не би било пожелно во Буџетот сепак да предвидиме една ставка која ќе биде како резервни средства за подмирување на обврските на стечајните работници, евентуално ако дојде до промена на Законот за вработување. Во таа смисла мислам дека потребно е да размислуваме

XII/7.-

Јас го подржувам колегата Тантаров кога дискутираше во однос на премијата на пченицата. Ние сакале или не премијата на пченицата во овој период мора да ја 'задржиме, ако сакаме на некој начин да ги мотивираме граѓаните да ја одржуваат. И на Комисијата за труд и социјална политика тоа го потенциравме. Дури сите пратеници имавме консензус од сите политички партии дека сепак оваа премија во извесна смисла треба да се одржи, а дали цената ќе ја намалуваме или зголемуваме е друго, меѓутоа премијата како премија мислам дека треба да се одржи заради состојбата што ја имаме во земјоделието.

Она што го предложи Темелковски мислам дека држи. Средствата наменети за таа намена да се пренамента за премија на пченицата

Уште едно прашање барем за мене е дискутабилно . Тоа се однесува за реализацијата на Законот за девизи. Сакале или не тој проблем не притиска сите пратеници. Честопати тоа е најактуелен проблем во државата, веќе Владата во наредната точка има предлог на одреден закон и ние неколку пратеници поднесовме и одредени амандмани во однос на подобрување на текстот на тој закон. Меѓутоа лично сметам дека самите амандмани сепак нудат едно померување на материјални средства односно на средствата во овој дел иако не се тоа малку средства што се определуваат од државата за подмирување на овој закон. Јас предлагам и во таа ставка да имаме нешто подобрување на да можеме да го реализираме оној дел што ние како пратеници веќе го предлагаме во Законот. Ако тоа практично не се преземе дефакто и нашите предложен* амандмани и онаа како закон нема никаква реалност.

На крај мислам дека и ние како пратеници, и јас сега двојно дискутирам во една смисла, меѓутоа од практична смисла дискутирам дека своевремено дискутиравме да отвориме повеќе судови во сите

општини. Тие судови веќе дојдоа во Програмата, Буџетот мора да ги финансира и ние практично ја сечеме гранката на која стоиме сакаме во секоја општина да имаме суд со целата структура, а во друга смисла бараме Буџетот на некој начин да биде пореален и пообјективен.

На крај,во целсот го подржувам предложениот Буџет.

**СТОЈАН АДНОВ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по Предлогот на Буџетот на РМ за 1996 година.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1 во алинејата Изворни приходи и за додавање нова алинеја на член 3 Раздел 2; член 3 Раздел 29, член 3 Раздел 31, член 3 Раздел 37, член 3 Раздел 41, член 3 Раздел 46, член 3 Раздел 49, член 3 Раздел 52, член 3 Раздел 58, член 3 Раздел 62, член 3 Раздел 63, член 3 Раздел 64, член 3 Раздел 65 и на член 3 Раздел 66,. со кои),се' согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на буџетот.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 3 Раздел 14 категорија 2 - Капитални трошоци, поткатегорија 47 и на Раздел 14 категорија 1 - Тековни трошоци, поткатегорија 44 , за кои не се произнела Владата.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 3 Раздел 2701 и на Раздел 5, категорија 2 - Капитални трошоци, ставка 463 по кој Владата не се произнела.

XII/9.-

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандман на член 3 на Раздел 2302, категорија 44, ставка 443 и потставка 44312, по кој Владата не се произнела.

Пратеаникот Вељо Тантаров, поднесе амаднамн на член 3 Раздел 21 ставка 441 потставка 44119 и на ставка 444 потставка 44403 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 3 Раздел 21, категорија 44 потставка 44119 и на Раздел 21 категорија 42, потставка 42608 и на член 3 Раздел 5 категорија 46, потставка 46301 и на Раздел 2302- категорија 42, потставка 42704 по кој Владата не се произнела.

XIII/1.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски, Ристо Николовски и Звонко Каров, поднесоа амандмани на член 3 раздел 12 и на член 3 раздел 3 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ Владимир Соколовски и Слободан Најдовски поднесоа амандман на член 3 раздел 18, категорија 2, капитални трошоци под категорија 47 ставка 472, подставка 47202 и на раздел 5 категорија 2, капитални трошоци, под категорија 46 ставка 44 8 , подствака 40809 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 2 во билансот на трошоците, ставка 402 и на билансот на трошоците од категорија 47 ставка 471, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во билансот на трошоците ставка 402 и на билансот на трошоците под категорија 47, ставка 471, поднесени од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Инаку амандманот сега е поделен.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

При ребалансот на буџетот оваа позиција сосема оправдано ја возбуди целата јавност. Оттука произлегоа многу интервенции на

гранкови синдикати, здруженија и слично, вклучувајќи и иницијативи за воведување постапка пред Уставниот суд на Република Македонија.

Ако тогаш имавме неопходност од рестриктивен ребаланс на Буџетот, во овој амандман предлагам не зголемување на Буџетот, туку изнесување на одредени позиции. Ние и денеска и вчера и завчера добиваме и како пратеници, веројатно и Собранието/интервенции од повеќе институции, буџетски корисници. Сметам дека за една релативно, во Буџетот минорна ставка има шанса да направиме, што би рекле, голема ѓурултија. Затоа ги молам пратениците да овој амандман го усвоиме. Со тоа сметам дека најмала грешка ќе биде и спрема она што го направивме и при ребалансот на Буџетот и при сите наши дискусии. Многу осетливо прашање, особено што ние практично во целата оваа сфера денес ги замрзнуваме сите примања, училишните и другите, а тоа со оглед на инфлација, инфлацијата. значи намалување на реалните примања. Затоа дајте еднаш да бидеме кооперативни, особено да дојде до израз совеста на оние кои го застапуваат образованието, здравството и сите во оваа просторија, повеќе сме се декларирале дека сме професионалци, а тоа значи дека личниот доход го оствaруваме тука во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14 категорија 2, капитални трошоци под категорија 47 и на раздел 14 категории тековни

трошоци пот категорија 44 поднесена од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 14, категорија 2 капитални трошоци под категорија 47 и на раздел 14 категорија, тековни трошоци под категорија 44, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2302 категорија 44 став 443 и подставка 43312 поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2701 и на раздел 5 категорија 2, капитални трошоци стапка 463 поднесен од Комисијата за култура.

XIII/4.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, сигурен сум дека овие 30.000 милиони денари што ги бара културата за да исправи некои односи што и во самиот одел на Министерството за култура и дејностите е алогичен, а тоа е за централното греење да се исплаќа, износ бидејќи централно греење има само во Скопје, а ставката греење на сите институции вон Скопје не е прифатена и ставката осигурување на сите објекти е само делумно прифатена. Оттаму сите оние пукнатини кои се јавија во културата излегоа толку силно на површина со тоа што овие средства бидејќи се законски, бидејќи тие не можат да се избегнат се земаат од програмите на културата. Фактички Министерството за култура финасирање згради и луѓе кои не работат и културата ни изгледаше таква каква што е. некогашните светилишта или храмови на културата што ја презентираа , изгледаат празни и бедни. Ние по втор пат се обидуваме да се случи исто во културата. Има и недоследности внатре, сигурно Законот за култура треба до крај да ги каже правите патишта да се движи интересот државен или јавниот интерес во културата. Меѓутоа вакви нелогичности не смеат да се појавуваат. Ни еден буџетски корисник нема не покриени ставки, а овде се појачува тоа што за институциите од културата во Скопје е предвидена ставка за централно греење, а за сите останати вон Скопје не е предвидено. Исто така

ставката осигурување не е предвидена до крај. Значи тоа ќе оди на уштре на програмите како и оваа година. Ние плаќаме згради плаќаме поединци кои не работат. Нарушена е ситуацијата во балетот, во филхармонијата, во сите театри. Тоа е парадокс кој ни се случува и недозволено е тоа да оди до недоглед.

Јас мислам ставката каде што кажуваме, бидејќи во минатиот Буџет 50.000 милиони се предвидени за мебел и тие се потрошени до крај, мислам дека и оваа година и самите претставници на Владата ќе имаат увид дека ова е неопходно во културата да ставката се намали на 20 милиони, а тие 30 милиони да се стават во прилог и во интерес на заживување на веќе замрената култура која што не повикува на нешто што во овој период зависи дали тотално ќе спадне на некое мртвило што после ни најдобри Буџети, ни најдобра законска регулатива нема да може да ја подигне од мртвилото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59?

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 раздел 2701 и на раздел 5 категорија 2, капитални трошоци, ставка 463, поднесен од Комисијата за култура.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 21 ставка 441 подставка 44119 и на ставка 444 подставка 4043 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман барам од средствата за премија на пченицата да останат и во 1996 година. Причините за кој некој сака да не убеди дека не треба да имаме премија во 1996 година, се недоволни и би рекол не треба да се прифатат. Вистината е на едно место.

Средствата кои досега се предвидуваат аз премија треба да се издвојат за изградба на агроберза. Најавата дека ММФ и Светската банка на Македонија и дадоа жолти картони заради тоа што има премија за пченица, сега на големо влегува пред Нова Година и не треба да ја прифатиме. меѓутоа, мораме да погледнеме во вистината дека овие пари треба да одат за агроберзата. Јас лично не сум против изградбата на еден објект каде ќе се врши класификација на краставици и домати.

Овој објект ако на Македонија и треба сигурно овој што го предлага знае дека и треба тогаш треба нашата држава да бара кредит за да се гради овој објект. Ако пред некој ден носевме одлуки да бараме кредит да градиме поубава аеродромска писта за нашите министри полесно да патуваат низ цел свет, тогаш зошто да не бараме сега кредит да градиме една таква берза, било каде, дали ќе биде во Новаци или во Струмица не е важно.

Јас од ова место барам односно ги повикувам сите пратеници што во овој дом ги бранат интересите на земјоделците д апосмислат како ќе гласаат. Барам да го поддржат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитувани пратеници, јас лично се придружувам кон тоа, премијата за пченицата да остане, не од друго , јас не знам точно дали средствата кои се наменети за агроберзата се за сметка на премијата. Меѓутоа ценам дека имајќи предвид дека лебното жито односно пченицата е стратешка култура, знаеме дека маса култури во земјоделието веќе ги нема тоа се памукот, еве сега тутунот и т.н. а ако пред се се потсетиме на еден период од пред 10 или 15 години, ние ги теравме земјоделците, ако ништо друго да посеат одредена декаража со пченица , ако ништо друго да го прехранат своето семејство. Ако беше забрането за пченицата како таква да не смее да се користи за хранење на стока, јас мислам тоа на некој начин е привидно што би рекле, заради тоа што имаме пченица со ниска цена да нема премија за неа.

Уште еднаш сакам да напоменам, да не се случи после 5-6 години пченицата да ја снема од нашите полиња, а ние знаеме што значи леб насушен, премијата треба да остане како таква, а во таа мерка Министерството да најде начин од кои средства би се откажало од некои работи што се предвидени во земјоделието, а кои средства ќе бидат тие што ќе ги обезбеди да се исплати премија за пченицата.

XIII/8.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, драги пратеници, јас го поддржувам амандманот поднесен од страна на г-динот Тантаров и сум за тоа да остане премијата за пченицата. Да се создадат можности за. тоа;. Оваа берза , сигурно Македонија со влегувањето во Европската заедница ќе има потреба и од ваква берза, меѓутоа, ценејќи ја ситуацијата во земјоделието каде на нашето земјоделие се уште му треба помош, се уште му требаат кредити и други олеснувања, времето ќе покаже по 2-3 го- дини, дека влегуваме во пазарна економија кога земјоделието ќе биде на една таква основа да нема потреба од помош од државата, тогаш мислам дека и помошта и сите работи на земјоделците нема потреба да ги уживаат.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Прашањето односно амандманот што туку е поставен претставува едно од битните прашања во разрешувањето на проблемите на пласманот на земјоделските производи што се јавува во нашата држава. Кога го кажувам ова го имам во вид големото значење што го има подготовката на земјоделските производи за настап на пазарот. Ова мое кажување ќе го поткрепам со податоци кои се познати во светот во однос на тоа колку работници се ангажирани во подготовката на земјоделските производи за настап на пазарот.

XIV/1.- СЈ/МЛ

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Уште во 70-тите години една Америка која има вкупно 5% односно имаше вкупно 5% земјоделско население кое се бавеше директ- но со земјоделско производство, следните 25% од тие работници се бавеа со припрема на земјоделските производи за излегување на па- зар. Од тие причини, велам дека амандманот има доста битни белези кои што треба да бидат поддржани, меѓутоа лично не го поддржувам од причина што агроберзата е многу важен објект и таа како таква треба да заживее.

Ние во стариот мандат донесовме Закон за агроберзата, меѓутоа ништо не направивме и ја оставивме онака како што е. Од тие причини мислам дека агроберзата односно парите не смееме да ги率 земеме и треба да останат, таа треба да заживее бидејќи единствено така ние ќе бидеме во состојба да излеземе на европскиот пазар, кон тоа што стремиме.

Ако ние направиме една ваква грешка парите да ги одземеме од агроберзата, ќе се впуштиме во една длабока грешка и натаму ќе останеме такви какви што сме, дури уште полошо. Свесни сме за состојбите со пласманот на нашите земјоделски производи. Колку се тие спремни да излезат на надворешен пазар. Онака како што сега тие се нудат во никој случај, јас можам да кажам дека можеби со одредена помош за која што јас и не ја сметам дека е помош, заради тоа што таа помош и тие помоши се краткорочни и не овозможуваат ние да се европеизираме и да се однесуваме европски. Од таа причи- на не го поддржувам амандманот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Со оглед дека овој амандман го поднесов, морам предлогот да го бранам.Сметам дека господинот Ајдарага не е во тек што се се работи со

агроберзата. Премијата не се на пари од агроберзата, туку агроберзата зема пари од премијата за пченицата, да се гради оваа агроберза.

Ве молам, треба да се поддржи овој амандман. Повторно велам дека агроберзата се гради со парите од премијата, парите од премијата се отидени и на две други ставки во Буџетот. Има некаде околу 70 милиони одземени пари за Програмата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и околу 40 милиони денари се земени за гаранција за нашава држава, за некое добро време и некој ако ни даде кредит да можеме да кажеме дека и ние имаме пари.

Од тие причини повторно барам да гласате за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 5 категорија 46 потставка 46301 и на Раздел 23.02 категорија 42 потставка 42704 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (31 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 Раздел 5 категорија 46 потставка 46301 и на Раздел 23.02 категорија 42 потставка 42704, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 12, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Беше доста кажано во уводниот дел, односно во општата расправа дека главните рестрикции во Буџетот беа направени спрема стопанството, односно спрема градот. Во таа смисла овде се направени исто така рестрикции во извозните стимулации, што значи дека во оваа ситуација сите извозни субјекти во нашево стопанство ќе бидат оневозможени да извезуваат надвор, односно да имаат стимуланси за извоз.

XIV/4.-

Затоа сметам дека треба да се изгласа поголема сума за извоз со цел да се стимулира извозот, односно стопанството да добие некаков залет во идната година во смисла на подобрување на неговата состојба. Сметам дека овој износ на сума не е голем и мислам дека нема да го поремети односот на Буџетот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник гласа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 Раздел 12, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Звонко Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 21 категорија 44 потставка 44119 и на Раздел 21 категорија 42 потставка 42608, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Овој амандман Комисијата за стопанство го поднесе од следните причини, наиме за што се работи. Се работи за формирање на агроберзата на просторот на Република Македонија. Има три причини од кои мислиме дека како Комисија за стопанство ви било добро да бидат прифатени при гласањето и амандманот да биде прифатен од Комисијата за стопанство.

XIV/5.-

Прво, стопанскиот систем кај нас, во Република Македонија сеуште не е заокружен, имајќи во предвид дека во процедура се уште неколку значајни закони кои можат многу битно да придонесат и за активностите на агрокомплексот, односно на земјоделското производство.

Втора причина, тристате милиони средства се недоволни за да се организира агроберзата на просторот на Република Македонија.

Трето, имаме уверување дека се уште не се во доволна мера елаборирани севкупните потребни инвестициони трошоци вклучувајќи објекти и кадри, па врз основа на тоа предлагам заради одвивање на одредени активности во делот на берзата за потребите за формирање и функционирање на берзата почетно во оваа година од Буџетот се издвојат само 50 милиона, додека другите 250 милиона се наменат за поттикнување и развој на земјоделското производство.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа) .

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника) .

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 Раздел 21 категорија 44 потставка 44119 и на Раздел 21 категорија 42 потставка 42608, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 3^ поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Звонко Каров.

XIV/6.-

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 18 категорија 2 Капитални трошоци поткатегорија 47 ставка 472 потставка 47202 и на Раздел 5 категорија 2 Капитални трошоци поткатегорија 46 ставка 468 потставка 46809, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски и Слободан Најдовски.

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Со оглед на тоа што со изгласувањето на амандманот на Комисијата за култура и црпење, оваа поткатегорија, односно просторот каде бараме зголемување на ставката за феркални канализации и изградба на водоводи, во тек е исправка на нашиот амандман, па молам да биде на крај на седницава или пак да се даде пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Барате пауза?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Не, или да биде на крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па е на крај. Ова е крај, нема.

Тој само најавува бидејќи е изменета содржината на амандманот.

Ве молам да продолжиме.

Пратениците Душан Николовски, Аце Коцевски и Љупчо Мешков поднесоа амандман на член 3 раздел 2 по кој Владата не се произнела.

Видете амандманите тековно се поднесуваат, немаме излез.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 2, поднесен од пратениците Душан Николов&ки, Аце Коцевски и Љупчо Мешков.

Има збор Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

За да не настане забуна, еден амандман веќе е испратен, отпечатен е, но направена е грешка во печатењето, не е предвидено од кои извори треба да се покрие, така да сега е испратена корекција на амандманот, па предлагам амандманот со исправената корекција да биде предмет на дискусија, а претходниот амандман го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекувате?

Го повлекувате овој, а исправен ќе доставите.

Пратениците Илија Каров и Тодосија Паунов поднесоа амандман на член 3 Раздел 21. Овој амандман го повлекуваат пратениците.

Имаме два амандмана во тек на изработка. Ве молам, пауза од пет минути, немој да си одите .

(Паузата започна во 18,35 часот).

XV/1 РД/ПН

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 18 - Категорија, 1, Категорија 2, витални трошоци, поткатегорија 7 ставка 472 потставка 47202 Раздел 5, Категорија II, капитални трошоци, поткатегорија 46, ставка 468, потставка 46809, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани министри. Амандманот кој што го поднесовме јас и колегите Соколовски и Шапуриќ, е сличен, скоро идентичен на еден амандман кој што го имавме поднесено и на Буџетот за годинава што изминува и минатата година не помина за 4 гласа, со едно ветуваше дека во Буџетот за 1996 година ќе се предвиди и една ваква ставка, која што би имала за цел помогнување на изградба на канализациони мрежи во одредени средини.

Имено, амандманот со оглед на тоа што имаше дополнителна исправка се однесува на одделување на една незначителна сума од финансиски средства од Буџетот на Републикава, кој би имал за цел

XV/2

да го потпомогне изградбата на канализациони мрежи во оние средини каде што започнале и ќе започнат да ја градат со средства од месен самопридонес• Имено, во ®вие услови ако имаме предвид дека граѓаните во одредени средини кои започнале да градат едни вакви капитални објекти, ако одвојуваат некаде во просек од 1.500 до 2.000 германски марки по семејство, сепак сметам дека Владата треба да има едно сфаќање и едно добронамерност да го прифати овој амандман да им помогнеме на тие средини, покрај водоводите а кој се одвојуваат одредени средства, да се одделат и за овој дел. Не се работи, уште еднаш повторувам за бог знае колкави средства кој што ги пореметиле било што во Буџетот на Република Македонија, но сепак тие средини би имале голема помош. Јас уште еднаш апелирам до пратениците и со оглед на тоа што минатата година за 4 гласа не помина овој амандман да го прифатиме.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа министри, почитувани министри. Јас само со неколку збора би сакал да го надополнам колегата Најдовски. Имено, се работи за амандман поднесен од причини за едни објекти кои се градат по 20-тина и повеќе години со самопридонес, исклучиво на населението во приградските населби, односно во селските населби. Имаме денеска и во поглед на канализациона, фекална мрежа и во поглед на водоводи катастрофална состојба и тоа само на 4-5 километри од градското подрачје, на пример само во Скопје. Така да 150.000 жители гравитираат, зарем и тие треба со немање на најелементарни услови да ги преселиме во централното градско подрачје и што ќе стане тука. Не се работи за една, две три населби или едно, две - три села. Се работи за многу населби, јас

надополнувам за скопскиот пример кои се во срцето на градот, а немаат елементарни услови. Би ги напомнал тука населбите Пинтија, Лисиче, Драчево, Хиподром, Маџари и некои други, кои веќе 20 години со помошта на Градското Собрание и со помошта на општинските собранија ги градат овие објекти со свој самопридонес, а не можат да ги довршат, а исто така немаше на фекална канализација. Тоа значи извор на заразни болести, се појавија многу заразни болести, за тоа зборувавме и со надлежното Министерство за здравство, токму во овие населби, односно во овие села од таа прегуста населеност и немање на фекална канализација. И не разбирам, бидејќи и минатата година за тоа се расправавме што е водовод, а што канализација. Водовод е довод, а канализација е одвод. Едно без друго не може да функционира. Не знам зошто не се прифаќа првиот дел водовод и фекални канализации.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, само би сакал малку да надополнам, не би сакал да зборувам подолго. Едноставно не се работи само за проблем на градот Скопје, односно на приградските населби на градот Скопје, туку овде се зборува за сите приградски населби и села каде што се изградени или се започнати водоводни инсталации. Навистина несфатливо е кога ќе се изгради еден водовод или водоводна инсталација, да не се води сметка за двор на таа вода, за канализацијата. Значи постојат многу населби каде што веќе се направени тие водоводи, а не постои одвод на таа вода, така што тие граѓани, жители на тие градови и села, мора таа вода едноставно да ја

истураат по улиците. Тоа е практично извор на заради, извор на болести и сметам дека еден ваков предлог треба да се прифати сеедно дали се работи за мали средства кои се бараат, кои ќе се распоредуваат од друго место од Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (46)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (20)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, Раздел 18, категорија II - капитални трошоци, поткатегорија 47, ставка 472, потставка 47202 - на Раздел V, категорија II, капитални трошоци поткатегорија 46, ставка 68, потставката 46809, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски и Слободан Најдовски.

Има збор г-динот министер Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Барам пауза 5 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 5 минути.

Минуваме на **<u>8 точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кој во своето работење искажуваат загуби, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуба.

Кој е за, молам да крене рака. (80)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. ((80)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Еден дел од сопственото искажување за содржината целите и карактерот на овој закон од времето на донесувањето до денеска да го искажам ќе го приложам како готово мислење. Воедно сакам во оваа прилика да потенцирам и неколку значајни моменти за овој закон, невпуштајќи во тоа што сакав претходно да го кажам, бидејќи ќе го приложам со напишан текст. Но во овој закон да не се задржи никаква можност акциите за преструктуирање да се држат до бесконечност, добро би било овие акции да се претворат како што се предвидува во законот во обични акции, при што ќе се создадат можности самите доверители во продажбата на кациите формираат управувачки и раководна структура. Мислеше и на Комисијата за стопанство се потенцира за таа цел треба да се прифати даденото решение во измената и дополнувањето на Законот кој стои по престанокот на важењето на овој Закон, акциите за преструктуирање да се претворат во обични акции, освен за влогови на банки во случај во стечај чиј акции за преструктуирање преминуваат во Агенцијата за санација на банките како обични акции. Со ова решение мислиме дека ќе се овозможи пред се престанување на функционира постојниот закон до 31.12. дека доверителот ќе си ги обезбеди своите одземени права, така да кажам со донесувањето на законот во претходниот период од минатата година, се дава шанса да нема вакум, односно празен простор, при што и се создаваат услови за воведување на управувачка структура, воедно во самото работење се забрзува и процесот на трансформација на капиталот, при што еден таков амандман е и даден ако има потреба во

подоцнежната расправа ако треба би се јавил.

(Приложена дискусија)„

Како што ни е познато Владата на РМ донесе посебни програми за преструктуирање на 25 претпријатија таканаречени загубари, односно усвои 24 програми без електростопанство. Мислењето на Агенцијата за трансформација на општествениот капитал одигра значајна улога за побрзо донесување на посебните програми, но не и за реализација на истите, поготово ако се има во предвид карактерот, содржината и техниката на специјалната програма.

Точно е дека благовремено беше објавен повикот до доверителите да си ги пријавата своите побарувања но за жал веќе кога се при крај спроведувањето на Законот, се уште се пријавуваат доспеани, а не евидентирани обврски. Прашањето на решавањето на технолошкиот вишок кој се очекуваше да биде сложен и тежок проблем за решавање,);се реши неочекувано брзо, но последиците останаа несогледани, ако се имаше во предвид неговата сложеност за решавање последиците барем за дел од загубарите предизвикани по тој основ не беа благовремено согледани.

Ако проблемот беше решаван на начин утврден со сложеноста на програмата за преструктуирање, односно се решаваше со соодветни мерки на организирано и финансиско преструктуирање, сигурно е дека последиците уште на самиот почеток во доволна мерка не беа согледани па и совладувани. Во прилог на ова зборуваат барањата за повторни нови вработувања што и претставува убава грешка со последици на репродукцијата.

Владата за поддршка на овој проект, загубар или како што е наречена специјална програма преку Комисијата за следење на проектот има издадено преку 15 милиони долари, а со донесувањето на Законот беа создадени услови за користење на уште преку 25 милиони долари, вклучувајќи ги и готованското плаќање кај поедини претпријатија. Може да се каже дека програмата беше поддржана со преку 10 милиони долари иако може да се забележат на неучеството на компензациониот фонд, но беше присутен и фаре поддршката иако имаше создадено и други услови, тие не беа искористени Но немаше ни пријава ни инвестиции. Но ете, накусо речено без разлика на бројните недостатоци проблеми можеби и друго, сепак може да се каже дека Законот во извесна смисла го оправда своето постоење. Но, имајќи ја во предвид неговата важност, застапеност на промената, застој во доспеаното ниво на остварување на ефектите добро би било да се прифати решение кое е дадено со предлог-законот за преструктуирање на дел од претпријатијата, кои во своето работење искажуваат загуби, но не основното решение, туку со измената и дополнување, кој закон е и предмет на оваа седница.

Но ќе има и последици, но сега ќе бидат помалку, бидејќи степенот на заинтересираност на работите треба да е поголема, ако не го изгубат сосема.

XV/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1, став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по текстот на амандманот на член 1 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Бидејќи амандманот овозможува допрецизирање на управувачката функција, во случаите кога во одредени банки има отворено стечај, со овој амандман само се надополнува основната идеја да се добие после престанување на законот управувачка структура во секое претпријатие и да се знае одговорноста за одлуките што се носат каде лежат. Затоа, амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (80)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување за преструктуирање на дел од претпријатија кои работат со загуба.

Одиме понатаму. Продолжуваме со работа, се навраќаме на Буџетот.

Пратениците Душан Николовски, Аце Коцевски и Љупчо Мешков поднесоа амандман на член 3, два посебен дел, Раздел II, потставка 42204, потставка 42106, потставка 42302, потставка 426(13, потставка 42707 , потставка 42706, потставка 46801, потставка 42 703, по кои Владата «е се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев, Ристо Трајков и Борис Павлов, поднесоа амандман на член 3, раздел 21, категорија 1, тековни трошоци, поткатегорија 44, тековни трансфери, потставка 44119 и на член 3 Раздел 11, категорија I, тековни трошоци, пот- категорија 42, потставка 42608, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Начевски, поднесе амандман на член 3, Раздел 2 и 3, 02, категорија 42, ставка 427, потставка 42704, ставка 427, потставка 42713, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, II, посебен дел, Раздел II, потставка 42104, потставка 42106, потставка 42302, потставка 42613 и потставка 42707, потставка 42706, потставка 46801, потставка 42703, поднесен од пратениците Душан Николовски, Аце Коцевски и Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа, меѓутоа, ни дадоа и исправки Ве молам и исправките да се земаат предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 21, категорија 1, тековни трошоци, поткатегорија 44 и тековни трансфери, потставка 44119, и на член 3, Раздел 21, категорија 1, тековни трошоци, поткатегорија 42, потставка 42608, поднесена од пратениците Драган Горѓев, Ристо Трајков и Борис Павлов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, заради тоа што нема средства веќе со претходниот амандман се исцрпени средствата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? Амандманот го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 23 - 02, категорија 42, ставка 427, потставка 42704, ставка 427, потставка 42713, поднесен од пратеникот Маријан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-динот Миљовски

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Се надевам дека овие критериуми, Министерството за здравство ги имало во предвид при утврдувањето на програмите за специјализација и при отворање на нови работни места за лекари по општа пракса во јавното здравство. Се плашам дека при операционализацијата на критериумите ќе се утврди дека не е земен во предвид кадарот од приватното здравство, па ќе бидат раскинувани договори со лекари специјалисти и со општи лекари од приватното здравство.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 1996 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Господинот Љубомир Поповски има процедурална забелешка

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би замолил бидејќи амандманот од Владата се уште не е стигнат, ние треба да се изјасниме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот се изјасни, нема амандман.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Тогаш во името на Пратеничката група барам 5 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 5 минути бара Пратеничката група на СДСМ.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 1996 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

Инаку, еден од говорниците овде зборуваше колку нема пари, нема пари. Нема пари, но сепак и има пари и главните работи на државата ќе функционираат. И затоа ве молам да го поздравиме овај акт со аплауз.

(Аплауз)

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1996 година со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на. Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

Кој е за, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

XVI/3.-

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 13 за додавање нов став 2, за менување на член 22 и за додаваш нов член 28 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 3 и на член 7 став 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман за менување на член 22 кој е ист со амандманот на Комисијата за финансирање и буџет со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николоски поднесоа амандмани на член 6 став 3, член 12 и на член 21 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Бојков поднесе амандман на член 11 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 3 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

XVI/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Иван Бојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мислам многу често зборувавме за рационализација во органите на управата и овој амандман овозможува да нема нови вработувања, односно да има нови вработувања само под услов на оние работници кои што се затечени на 31.12, од нив да се намали бројката за да се примат нови. Со прифаќање на еден ваков амандман се овозможува да најголемата бројка на вработени најголем број да биде она што е затечено на 31.12. Значи да не може да се вработуваат работници без оглед што ќе се обезбедат средства од Буџетот,над бројот на утврдените работници на 31.12.

XVI/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков Петар Талимџиоски и Ристо Николоски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

XVI/7.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1996 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, од- носно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1996 година.

Кој е за, молам да крене рака?

84 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1 и на член 6 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев и Ристо Трајков поднесоа амандман на член 6 за додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Силјановски и Димитрија Вревезовски поднесоа амандмани на член 2 став 2 точка 2. Член 3 за менување на став 2 и за бришење на член 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е аз, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менуваше на став 2 поднесен од ЗПК:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов 3 поднесен од пратениците Драган Георгиев и Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Десет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6, за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Драган Георгиев и Ристо Трајковски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, точка 2, поднесен од пратениците Благоја Силјановски и Димитрије Вервезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа и тоа не само заради тоа што го менува односот по општините, туку и ја надминува вкупната сума наменета за оваа намена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

г-дин Силјановски бара збор.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, ова Собрание на први ноември го донесе Законот за локална самоуправа. Тој стапи на сила на 16 ноември. Во него во членот 62 пишува: "единиците на локалната самоуправа се

финансираат од сопствени извори на приходи утврдени со закон.

а) даноци

- дел од данок на промет на стоки и услуги утврдени со закон. Владата се определи овој закон за локална самоуправа да не го почитува.

Мојот амандман е доставен во широка консултација со општините во РМ и ние инсистираме да ни се овозможи правото дадено со законот за локална самоуправа.

Предлагаме да се зафатат само 0,68% од вкупната сума на данокот на промет на стоки и услуги. Во пари изнесено тоа прави 130 милиони денари. Воопшто не го менуваме соодносот на буџетите на општините, туку го зголемуваме плафонираното ниво на општинските буџети. Зошто доаѓаме до ваква состојба? Вие гледате во материјалите дека каде вели дека буџетите во РМ имаат пораст од 8%. Јас ве уверувам дека буџетите на општините во РМ во 1996 година се пониски од оние во 1995 година. Зошто? Затоа што ние донесовме измени во законот за комунални такси и таму рековме дека го внесуваме како комунална такса износот што дотогаш на друг начин се обезбедување за подмирување на трошоците за улично осветлување на општините. Тој износ сега е ставен да ги товари општинските буџети. И тоа е лошо пресметан. За дел од годинава е пресметан, а идната година треба целата да ја покриеме со овие износи. Според тоа, доаѓаме во состојба да не можеме да ги подмириме основните потреби на општините.

Понатаму, со законот за локална самоуправа предвидени се и нови работи, нови надлежности во општините во РМ. Јас само ќе потсетам една обврска. Не само да го спроведеме законот, туку затоа што мораме така да се однесуваме во општините во почетокот на идната година треба да формираме, да основаме да конституираме инспекции, комунални инспекции. Тоа значи нови вработувања. Нешто подоцна ќе

XVII/3

дојде по изборите и други нови вработувања, имавме и главен архитект и такви слични работи. Според тоа, јас ве молам да имаме разбирање и да се вратиме иа она што пред четири години го имаа општините, дури поголем од овој процент малку , тогаш беше 0,7%, сега 0,68%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Прво, оној текст кој што е во законот за локална самоуправа само генерално ја отвора вратата, а не дава веднаш пак да се зголеми, поготово не со овој закон, туку само со менување на Законот за данок на промет.

Второ, се работи за погрешно информирање на Собранието и јас морам да ви кажам дека некој погрешно ве информира. Имено, она што беше во 1995 година за општините зголемено е за 8,5% и на тоа е додадено уште комунална такса за улично осветлување и на тој начин е дојдено до овој број. Тоа значи тврдењето дека е смалено е апсолутно неточно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Триесет и четири пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, точка 2, поднесен од пратениците Благоја Силјановски и Димитрија Вревезовски.

Господин Силјановски бара збор.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Јас молам поддршка од 10 колеги и поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, тој изразува сомневање од исходот во утврдувањето на гласањето. Се гледа дека веќе има 14 гласови кои го поддржуваат.

Господинот, Спировски, секретарот на Собранието ќе спроведе поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Прилог список

XVII/5

# СПИСОК

**на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | воздржан |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не гласа |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | против |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | не е тука |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | ме е тука |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | против |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | воздржан |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | против |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

XVII/6

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | за |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | против |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | не е тука |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | против |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | против |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | за |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | воздржан |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | не е тука |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | воздржан |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | воздржана |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | воздржан |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | воздржан |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | не е тука |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | за |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | против |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | против |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | воздржан |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | воздржан |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈ КОВСКИ | против |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | не е тука |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 104. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 105. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | воздржан |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | не е тука |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 111 . ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | против |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | не е тука |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 116. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Дали има некој да не гласал? (нема)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 7 9 пратеници.

31 пратеник гласале за.

19 гласале против.

29 се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, став 2, точка 2, поднесен од пратениците Благоја Силјановски и Димитрија Вревезовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 2 поднесен од пратениците Благоја Силјановски и Димитрие Вревезвоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ме известуваат дека го повлекуваат амандманот на член 6 исто така од дваесетте пратеници е повлечен.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор, никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1996 година.

XVIII/1.- НН/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за гаранција на РМ по договорот за заем за проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија.

Минуваме на **точката 6** - Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем за набавка на опрема за јавното претпријатие "Електростопанство" на Македонија погон РЕК Осломеј.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

Не

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој,

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по договорот за заем на набавка на опрема за јавното претпријатие "Електростопанство" на Македонија Погон РЕК - Осломеј.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

XVIII/3.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Сакав една принципиелна забелешка во врска со Предлогот за донесување на законот.

Мислам дека е ред да се прекине практиката понатаму прво да се бараат краткорочни кредити, да се поделат тие краткорочни кредити,а потоа да се претворат во долгорочни. Таа практика е лоша заради тоа што се ставаат во одредена привилегирана положба оние кои што имале смелост, или оние кои што знаеле дека ќе се претворат во долгорочни овие кредити за да ја користат оваа можност да земат кредити а да се оштетат оние кои што можеби имале повеќе потреба, но не можеле да сметаат на таква евентуална многу корисна можност кредит од една до две години да се претвори во 25 годишен кредит, со многу мала камата, дури би можело да се каже и бесплатно бидејќи се движи од 1,5 до 2,5%. Сега се прашувам. Можеме ли ние да добиеме барем, засега и корисниците барем, не само банките, туку и крајните корисници на овој кредит за да можеме да опсудиме каква е општествената поука од ваквата трансформација и од оваа потреба.

Јас молам ако поголемиот број на пратениците што се однесуваат ова да помине, мислам дека е лоша пракса и никогаш повеќе да не се повтори.

Инаку лично мислам дека би било добро овој закон ако не е толку итен и неодложен од оваа седница да се одложи да добиеме поширока информација до каде се стасани крајните корисници овие пари каква е општествената полза, а потоа Собранието со поголем морален дигнитет да одлучува за ваков нешто.

(Седницата продолжи да раководи Тито Петковски)

XVIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој бара збор?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас се согласувам со г-дин Рамадани со тоа што го рече тука, меѓутоа можам да го уверам дека во овој случај не се работи за вакка работа за која што тој говореше.

Имено, пред една година веќе се донесе одлука воопшто да се забрани финансирањето преку примарна емисија од Народна банка. За таа цел Буџетот на РМ на Народна банка и издаде обврзници кои што стасуваат 2002 година. Тогаш за да се премости оваа ситуација во која што беа донесени претпријатијата од Аграрот, да веќе не можат да рачунаат на никакви кредити од примарна емисија, сега истите услови кои што ги дадовме према Народна банка само ги проширувame према претпријатијата. Тука е усвоено ова што вие викате никогаш веќе нема да се повтори. Ова е фактички крај, како резултат на еден епилог.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Можеби беше добро министерот, бидејќи има повеќе дискутанти на крајот да земе збор. Јас во основа целосно се согласувам сепак со ова што г-динот Хисен Рамадани го кажа на почетокот. Од образложението можеме да видиме дека овде се работи од прилика за 1/45 од Буџетот кој го донесовме пред половина саат. Значи ако Буџетот ние нас 46.000.000 , ова ни е од прилика 1,1 милијарда денари. Мене, искрено да ви кажам, ме зачуди фактот дека Владата ни го понуди овој закон. Особено ме зачуди образложението од кое произлегува дека конверзија се врши само на 3.000.000 од прилика кредити, или 3,3 кредити кои се земени до 1993 година. Значи, огромниот дел од кредитите на кој вршиме конверзија се кредити кои се земени од септември 1992 година наваму, односно 1993 и 1994 година во најголем дел.

XVIII/5.-

На што сакам да укажам.

Сакам да укажам краткорочни селективни кредити во износ од 658.000.000 денари. Тоа е половина на пример земени во периодот 31 март 1993 до 31 март 1994 година. Тоа е едно од таквите случајности што ги погледав сега. Инаку, сакам да укажам на следното.

Владата бараше и доби во еден подолг временски континуитет и првата политичка и втората политичка Влада на РМ која во суштина има поддршка од истите парламентарни или политички сили во РМ, и таа е исто дел од тие политички сили и на примерот на Буџетот неколкупати г-динот Миљовски сосема во право од негов аспект гледано упатуваше на строга дисциплина. Во реформскиот курс кој оваа Влада го презема по однос на бројни мерки на економската политика, вклучувајќи ја и кредитно - монетарната политика. Сега одеднаш ни се понуди еден закон со кој се сложувам дека ова Собрание се наоѓа повеќе пред морална, меѓутоа и суштинска дилема знаете како викаат "еднаш - секогаш". Кога еднаш ова Собрание ќе реши дека можеме на ваков начин да ги претвори односно ако зборуваме со еден поопримерен јазик ние не расправаме за конверзија на овие кредити, со оглед и да ја задржиме ставката од 6% годишно, која е за наши услови фантастична, која ја проектира Владата во 1996 година, под услов таа да се задржи до 2020 година, во наредните 25 години. Таа инфлација до таа мера ќе ги испробаме овие кредитни средства, идеална инфлација од 6%, кое за наши услови мислам дека е фантастично достигање, да дефкто овие не се конвертираат, туку се опростуваат завршувајќи со крајните корисници.

Исто така, видовме дека многу буџетски позиции нашата Влада ги отфрла заради строги договори со меѓународниот монетарен фонд во сферата на јавната потрошувачка, ограничување на јавната потрошувачка, ограничување на кредитите на монетарната маса итн.

за да одеднаш сега една не мала сума ни ја презентира како нешто што и она се помирила. Како што гледаме министерот ни вети дека ова веќе нема да се повтори, меѓутоа јас исто така паметам дека политичкиот претходник на г-динот Миљовски кој исто така кога ни ја нудеше таа програма за стабилизација во 1993-1994 година, која и г-динот Миљовски ја поддржуваше ни кажа дека веќе таа работа се затвора. Зошто ова го зборувам.

Јас се плашам за една работа,за која веќе неколкупати укажувам на овој Парламент. Ние сега за 5 минути, јас верувам дека нема пратеник кој сериозно проучи што направивме последните 15 минути Нема пратеник кој сериозно проучи што направивме. Дадовме гаранции за некаде 60 милиони ДМ од државата, нешто на Електростопанство, нешто на Банките во Македонија. Ги дадовме гаранциите без можност техничка да проучиме што тоа правиме. Не би сакал да се случи кога ќе почнат роковите некој од банките пропаднала, некој од банките ги повлекол влоговите, не можат да ги вратат средствата, почнува процес државата да ги претвора своите гаранти во буџетски зафаќања итн. Овој пример ни покажува дека дефакто ние не можеме да опстоиме така цврста политика кога ги издаваме гаранциите од страна на државата и на овој пример, или пак можеби е мој впечаток. Ние сме цврсто убедени како што биле многу луѓе цврсто убедени дека секој кредит што го земаме брзо ќе го исплатат оние кој го земаат. Меѓутоа веднаш после таа точка баш на тие истите кој ќе им се прелеат сега им ги опростуваме претходните кредити.

Јас би сакал да верувам дека овој Закон е последен од овој тим, не заради мое лично уверување, туку заради тоа што застанав ме на тој пат и нели се надеваме дека ќе го браниме тој реформски курс кој Владата ни го презентираше и како што се сеќавате беше многу горда кога премиерот во своето тогашно експозе го соопшти тоа дека се завршува

со такви кредити.

Јас во основа немам ништо лично против овој закон па мислам дека не е лошо би предложил до Владата да се размисли предлогот на г-динот Хисен Рамадани ако не смета за еден месец да се оддолжи донесувањето на овој Закон, Парламентот да го донесе Предлогот за донесување на закон, меѓутоа по Предлог-законот да се изјасни во една од првата или една од наредните седници која веројатно ќе биде на почетокот на 1996 година, да има време да имаме дополнителни сознанија и Владата малце поубедително да ни укажи зошто ова целото го правиме.

Јас ја разбирам и Комисијата за земјоделие чиј извештај не го видов се извинувам во вербална комуникација ме соопшти претседателот на Комисијата дека го поддржала ова, логично е дека ќе го поддржи, логично е затоа што најголем дел од тие кредити се однесуваат во сферата која ја покрива таа комисија, меѓутоа тука ние имаме 20 собраниски комисии сега пред малку усвоивме Буџет во кој Владата ни укажа дека во однос на 1995-тата година во 1996 година нема да имаме толку повластена позиција на примарното земјоделско производство во однос на другите сектори во производството на РМ. Сега одеднаш со овој Закон ние примарното земјоделско производство го ставаме во малку на поповластена позиција во однос на некој други затоа што кредитите пласирани во сферата на земјоделието одеднаш стануваат многу поевтини или стануваат неповратни, значи ги доведува ме имаме една флуктуација јас би сакал да ја сфатам дека таа флуктуација некаков вид на пеглање или некакво банализирање за да се доведеме во ситуација во која ќе можеме она што сме го зацртале или како што Владата најчесто сака да ни го престави што го зацртала со монетарниот фонд, како да сме ние управниот одбор на наиме место

XVIII/8.-

пред нас да ги поднесува законите за усвојување и усогласени, ние сме Парламент на оваа Држава и нас на основа не би требало да ни се настапува со такви аргументи. Од тие причини токму заради доследноста, з^ради која Владата често не уверуваше нас дек треба со доверба кон нејзе да проследиме некои закони во Собраниево во многу брзи постапки и да имаме една доверба на долг рок, токму заради тоа јас мислам дека е добро Владата ако има ингеренции во отсуство на премиерот да размисли за повлекување и одложување на оваа процедура во рок од 30 - 40-тина дена, за наредна седница на Собранието. Ако не да добиеме сериозни и образложенија од страна на Владата зошто токму сега сме принудени да го носиме овој закон. Зошто треба да го донесеме, ама со сериозно образложени .

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, сметам дека предлогот за донесување на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити треба да се прифати. Не се согласувам со претходните пратеници што бараат одлагање на оваа точка за некое друго време да ја гледаме. Мора да кажеме дека сите овие кредити се користени во текот на 1993 година и нешто 1994 година. Се користени од страна на Аграрот. Денес мораме да признаеме дека бившиот систем како така водеше некоја сметка за аграрот и од примарната емисија издвојувања по некој динар за организирања на нашето селско стопанско производство. Меѓутоа, последниве години ние се претворивме во единствена земја во Европа која што не издвојувавме ниту скршена пара од примарната емисија за организирање на производството на храна

Со една ваква монетарна политика не може да издржи ниту една најнапредна земја со аграрот во Европа, а камо ли ние отепани сиромаси во овој дел.

XVIII/9.-

Предлагам денес да се донесе овој закон, меѓутоа јас користам прилика сега да го прашаме министерот во прегледот на селективните кредити по банки се*ставени само 7 банки од Скопје, дали другите банки надвор од Скопје не користеа вакви кредити, или пак на тие банки овие кредити нема да ги претвориме во долгорочни, односно на тие аграрни организации. Ние пред малку донесовме закон за гаранција каде што исклучиво корисници на тие кредити од 30.000.000 марки се скопски банки. Ние имаме банки и внатре во Македонија. Ако некој смета дека само скопските банки ќе треба да бидат носители на овие кредити, тоа е друга работа, како и сега само скопските банки треба да бидат носители на овој благодет што треба да му го дадеме односно овие кредити од аргатот да се враќаат после 20- 22 години.

Инаку, овој Закон денес ако не го донесеме, сметам дека посебно ќе има негативен одраз врз претстојниот откуп на тутунот. Инаку сигурно дека најголемиот дел од овие кредити се користени во тутунските претпријатија во нашата Држава и ако сега и понатаму ги оставиме да должат на банките вакви кредити сметам дека нема кој да го откупи и така отепаното производство на тутун оваа година. Значи предлагам овој закон денеска да го донесеме.,

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас морам да се извинам на г-динот Поповски што моето образложение му изгледало несериозно. Немав намера да бидам несериозен и обично ме навредува кога некој ми вика дека сум несериозен. Се обидов со малку зборови, ценејќи го вашето време, да кажам за што се работи. Мене ми е жал ако било несериозно. За што се работи?

XVIII/10.-

Се работи дека Македонија направи крупна монетарна реформа во 1993 година во март месец. Тогаш се донесе конечна одлука да се запре со секакво финансирање на аграрот од примарната емисија. Пак заради сериозност да потсетам,порано

IXX/1.-ДВ/ОМ

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ**:(Продолжение)

...Цела низа децении главниот извор на инфлација, нека не се лути тука никој јас немам намера никого да го навреди тоа, главниот извор на инфлација беа токму примарните емисии од кои се даваа кредити за земјоделските стопанства и тие постојано се перфектираат, стануваа се поголеми и поголеми. Тогаш, токму во тие преговори со меѓународните институции донесовме една мерка што тогаш во момент земјоделието воопшто не беше , да кажам, со голема радост поздравена, меѓутоа мораше да се оди во стабилизација, резултатите ги гледаме и тогаш се пресече, конечно се запре секакво финансирање од примарна емисија. Она што остана беа кредити дадени, за кои немаше шанси да бидат вратени. Тие кредити Народна банка на Македонија им ги даде на банките во Македонија. Ние со Законот за реформа на банкарскиот систем што го донесе ова Собрание, тој дел практично го опростивме или го репрограмиравме на истиов овој период. Тогаш истото тоа Собрание не задолжи нас како Влада, ни даде задача експлицитно , од оваа говорница ова да го направиме и кон комбинатите затоа што инаку ќе се јавеше Буџетот на Република Македонија како заработувач, сега да наплатува од комбинатите или да ги блокира, а од друга страна Буџетот на Република Македонија спрема Народна банка си го репрограмира долгот, им го презеде на банките и нив им олесни. Оттука јас би рекол само заради тоа што се обидовме да бидеме сериозни, сериозни кон тоа што ова Собрание ни го даде како задача, Ви го предлагаме овој закон.

Што се однесува до распоредот, ако погледнете не само скопски банки, туку една скопска банка, Стопанска банка А.Д.- Скопје е со 627 илјади, а ако ја погледнете вкупната сума што се репрограмира е 628,

што значи најголемиот дел е Стопанска банка. Меѓутоа, да Ве потсетам Стопанска банка почна да се дели пред некој месец. Тоа значи овде се сите банки во Републиката, само јас не знам дали Ви промакнало дека сите тие беа здружени во една банка која се викаше Стопанска банка - здружена банка. Токму овие на таа здружена банка ги репрограмираме.

Ако сакате понатаму да Ве потсетам Македонска банка- АД- Скопје е банка која има филијали низ цела Република во секој град. Истото беше и со Југо банка. Тоа значи не се работи за скопска ујдурма туку се работи, напротив, јас мислам дека филијалите по другите градови имаа многу повеќе дадено вакви кредити и не се работи значи за концентрација туку централите на тие банки се во Скопје, такви им се фирмите. Јас немав сила да им го сменам седиштето за повеќе да Ви се допадне, да ви биде по шарено.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници. немав намера да се јавам за збор после министерот, меѓутоа претходно се јавив, не знаев дека ќе се јави министерот.

Лично сметам дека законот треба да се поддржи, ние го разгледувавме и на Комисијата, бидејќи веќе две конверзии се извриени ова е последна конверзија од средствата од примарната емисија од средствата кои се давани аз аграрот и тоа за производство на посебни култури кои се стратешки за нашата Република.

Николче постави прашање зошто баш денес треба да го донесеме законот. Јас мислам дека денес треба да го донесеме затоа што овие доспеваат до крајот на годината и треба да се блокираат сите организации , доколку не се донесе овој закон денеска. Токму затоа е н

неопходно денес да се донесе овој закон. Инаку што се однесува до тоа дали скопски банки или поинаку, кредитите, без оглед каде се наоѓа земјоделието, може да се наоѓа во Битола, а да зема кредит од скопска банка и т.н. Тука се опфатени сите кредити кои од примарната емисија кои се дадени во аграрот, за сите организации Така да тука не се работи за никакви скопски и надворешни банки. Меѓутоа, сметам и Ве повикувам сите да го изгласаме овој закон, бидејќи со ова после укинувањето на примарната емисија организациите се најдоа во многу тешка состојба и доколку ова денес не го изгласаме ќе ги ставиме во уште потешка состојба и ќе треба да ги блокираме после Нова Година.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само накратко ќе укажам на една реченица за која мислев дека треба да се даде сериозно образложение,а мислам дека не го добивме.

Целиот закон се заснована една единствена аргументација: " наплатата на селективните кредити во утврдениот рок би довела до натамошно влошување на ликвидноста (се мисли на тие што ги користеле кредитите) и ограничување на и онака стеснетиот обем на работење".

Господа пратеници ако Парламентот ја прифати формулацијата за оној кој треба да враќа кредити, кога ќе се наоѓа во ситуација на натамошно влошување на ликвидноста и ограничување на стеснетиот обем на работење, секој кредит што се зема, кога се враќа влијае на ликвидноста, повеќе или помалку. Секој кој земал кредит, во моментот кога ќе почне да го враќа ја намалува својата ликвидност затоа што ги враќа парите. Ако ова е аргументот со кој Парламентот дозволува да ги

бришеме кредитите, на она што укажав за кога ние се задолжуваме, оваа аргументација ќе важи за сите тие кредити. Секој кредит странски кога ќе дојде, во моментот ќе ја влоши ликвидноста на тој што треба да го врати, повеќе или помалку. Таа аугментација не може да биде аргументација со која овој Парламент ќе ги опростува кредитите. Не се работи за земјоделието. Се работи аз принципот кој го установив. Ние не можеме заради влошување на ликвидноста да ги опростуваме кредитите со закон. Многу закони носиме со кои се задолжуваме. Секој од нив во одреден момент ќе ја влоши својата ликвидност. Тоа не е доволна аргументација. Доволна аргументација би било расправа зошто земјоделието треба во овој момент да се потпомогне со овие една милијарда денари или оној дел од земјоделието за кој зборуваше Хисен Рамадани кој бил по храбар во одреден период. Во одреден период Владата се изјаснила дека веќе нема да го прави тоа, меѓутоа некои изземале и сега ги повластуваме. Тие што воделе по домаќински однос, што не сакале да се задолжат со краткорочни кредити заради тоа што веќе мислеле дека изјавите на Владата за неопростување се сериозни, сега губат и односот дека ликвидноста е навистина аргументација која за секој кредит важи не само за овој. Ако е некој многу повеќе влошен или помалку влошен тоа е тема за друга расправа.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, со сета почит кон последниот дискутант и кон првиот дискутант кои дадоа одредени забелешки по однос на овој закон. Ги почитувам сите забелешки односно сите тие работи што ги кажаа, меѓутоа мислиме дека Законот треба да го донесеме и не осеќам за потребно многу да Ве убедувам од причина што состојбите во нашето земјоделство се такви какви што се. Ако ние сакаме нешто да спасиме од она што веќе пропаѓа, нас ни се намалуваат сите бројки во

земјоделството, тогаш треба да најдеме начин и храброст ова да го изгласаме.

Инаку за забелешките, реков дека ги прифаќам , но состојбите на нас ни се такви во земјоделството. Не можеме друго да правиме Ако сакаме нешто да гласаме, треба сега да гласаме, да го поддржиме овој закон. Инаку друго нема. И тоа што го имаме, и тоа ќе ни отиде.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Мислам дека отидовме малку настрана тврдејќи ја потребата за донесување на овој закон и потребата вечер да се изгласа законот.

Прво да се потсетиме. Со законот за санирање на банките е извршен дел од оваа обврска затоа што токму овој износ е конвертиран спрема деловните банки, токму за овој период е конвертиран тој износ, во функција на санирање на банките во Република Македонија.

Во што е логиката, трајните корисници на овие кредити од примарната емисија да. ги враќаат форсирано како краткорочни, а банките кои се задолжени кај Народна банка да ги враќаат во овој дол период.

Второ, имате два квалитети на средства кои се конвертираат со овој закон. Собранието во другиот состав, кога изврши монетарна реформа на монетарниот систем на Републиката и дефинитивно се определени да стави точка кај кредитите од примарната емисија за земјоделието и се што беше до определен критичен ден тогаш ги конвертира на 10 години. Преостанаа само 1993 година не покриена со тој закон заклучно со првиот квартал од 1994 година, тоа е новиот квалитет.

IXX/6.-

Сега со овој закон се опфаќа, да се конвертираат и тие што се конвертираа на десет години , до крајот на две илјади и втората година како е предлогот и тоа во иста мерка како што конверзијата е извршена на релација Народна банка - деловни банки, во функција за санирање на деловните банки и сега продолжува патот со иста мерка конвертирање на овој дел на кредити кои веќе не се емитуваат во оваа земја од 1 април 1994 година наваму нема. Тогаш беа и сукубите во земјоделието, кои по правило беа корисници на средствата од примарната емисија. Сега што се случува. Фактички со крајните корисници на овие средства,краткорочни од примарната емисија кај земјоделските комбинати и други организации кои ги користеа тие средства од примарната емисија, тие во овој момент имаат обврска во краток рок да ги враќаат обврските спрема деловните банки, а деловните банки во еден подолг период затоа што им се конвертирани обврските нивни спрема Народна банка, да ги враќаат тие обврски.

Посебна е приказната какви се состојбите во земјоделието и дали ова не значи импулс, своевиден, во една ситуација во која се наоѓаат аграрниот сектор, да му се излегува во сусрет на овој начин, тоа е посебна приказна. Но, мислам дека треба да се затвори кругот за сите кредити пласирани од примарната емисија преку деловните банки не да застане од Народна банка кај деловните банки, туку да продолжува и од деловните банки , ви-зави крајните корисници за да има полн ефект, а не да застанува на пола пат. Ова е функцијата на овој Пред- лог закон и веројатно итноста е во тоа што билансите се прават за 1995 година, а следствено на тоа и обврските пресметани по кредитите пласирани, дали ќе се пресметаат како краткорочни обврски, што е еден износ, или како конвертирани во еден друг период, што е друг износ, што треба крајните корисници да го враќаат спрема банките. Имајќи ги предвид овие работи

дилемите треба да бидат помали за потребата од донесување на овој закон вечерва. Мислам дека се прави едно мешаше на работите , се говори во одредени моменти како да , што би било кога кредитите што ги добиваме од надвор со еден период, па утре са ни текне да ги продолжиме. Дајте да правиме разлика. Ова се кредити од примарната емисија, не се ни од надвор ни од потенцијалот на деловните банки. Ако ви е познат системот на кредитирање, тој всушност беше следниот:

Да речеме за пченицата што е одредено во кој процент примарната емисија учествува, тој дел се обезбедуваше преку примарната емисија преку НН Деловна банка за еден краен корисник. Разликата д:о стопостотниот износ ја обезбедуваше Деловната банка од сопствените средства од сопствениот потенцијал, подвлекувам разликата. Делот што беше утврден со одлуките на советот на Народната банка за користење на примарната емисија за селективни кредити, за секој производ имале процент, до кој процент се кредитира од примарната емисија, разликата од средствата на деловните банки. Ова не се средства од деловните банки, овие средства се од примарната емисија. Не се средства од надвор. Сега би била долга приказната да ја објасниме суштината на примарната емисија, мислам ги надминува и рамките на ова што вечерва е на дневен ред на Собранието.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас го поддржувам овој закон за претворање на краткорочните во долгорочни кредити. Всушност тоа е последна инекција во смисла да се подобри ситуацијата во земјоделските комбинати и во другите задруги и слично

каде што овие краткорочни средства се претвораат во долгорочни кредити. Ние знаеме дека со краткорочни кредити земјоделието многу малку располага, а тоа најдобро можеме да го видиме за последните две до три години , воопшто никаква механизација во комбинатите и во другите објекти кои се занимаваат со земјоделие, не е влезен. Тоа е знак дека не располагаат доволно со средства, а ова претворање доста ќе им помогне, бидејќи еве при донесувањето на Буџетот премијата како премија се укинува и слично. Со ова земјоделието ќе се најде барем во една почетна заживувачка ситуација. Сметам дека законот треба да се прифати и ќе гласам за.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас не очекував дека по овој закон ќе се води една ваква расправа,очекував дека сите ќе го поддржиме едногласно, очекував дека некој од нас господо ќе каже дека покрај тоа што овие кредити треба да се претворат во долгорочни, да се намалат и тие . Нашите аграрни претпријатија ги платија во 1993-1994 година према банките, а тие се многу големи.

XX/1.- CJ/МЛ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Исто така, прашање е дали во член 8 треба да се поддржи ова што се вели дека крајните корисници на кредитите во  член 7 на овој закон и плаќаат на Агенцијата, односно на банките провизија по стапка од 2,5% годишно. Зошто? Сега кажа господинот Жута дека овие пари се од Народна банка, народни пари. Како сега овие да плаќаат по 2,5% годишно камата.

Повторно ве повикувам да гласаме за берзата.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Опростете, јас сум должен да излезам, се извинувам, ве молам за уште малку трпение, од проста причина што мислам дека сум лошо разбран. Воопшто, мојa интенција не беше да бидам против тоа да се даде помош, односно да се поддржи земјоделието, ниту комбинатите. Меѓутоа, јас не знам кој ги искористил тие пари. Простете, јас имам овде листа на банки кои што тие пари ги добиле за свои обртни средства. Тие понатаму се користени. Јас сите сакав да ги ставам во рамноправна положба. Тоа ми беше прашањето, и зошто сега се става во контекст или во поттекст како да сум бил против тоа, односно дека се залагаме за тоа да не се помага земјоделието.

Извинете ве молам кога една ваква трансакција се прави, нормално е да се раѓа помислата тој што имал смелост да земе ваков кредит, под тие услови, што биле во тој закон, а не знаеле дека ќе сели овој закон, како се осмелиле да го земат тој кредит. Јас не знам дали сум јасен. Сакам да кажам дека ќе беше добро фирмите да ни беа дадени, крајните корисници да беа дадени на листа кои што биле корисници на ова. Ништо друго не барав и јас ќе го поддржам законот. Само, сакам да кажам дека ова создава можност за сомневање, за манипулации со

ваквите средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

(59 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Не).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник) .

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

XX/3.-

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 2, член 3 став 2 и на член 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој ).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(60 пратеници гласа за).

Дали има некој против? (Нема) .

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити.

**Точка 9** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за царинската тарифа.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претресе.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот .

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(66 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за царинската тарифа.

**Точка 10** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизно влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни

влогови на граѓаните во 1993, 1994, 1995 година.

Кој е за, молам да крене рака?

(65 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака.

Благодарам.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 2 и за додавање нова алинеја 8-а и на член 2 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Тодосија Паунов поднесе амандмани на член 1 и за додавање два нови члена 1-а и 1-6, по кои Владата не се произнела.

XX/7.-

Пратеникот Рами Туда поднесе амандмани на член 2 за додавање два нови члена 2-а и 2-б, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот заради тоа што се проширува намената, не постои таканаречен семеен туку само штеден влог на поединец и со тоа би се создал одлив на неконтролиран начин на средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потпретседателе, дами и господа, овој амандман се однесува на Законот за гаранција на девизните штедни влогови односно за исплатувањето на штедните влогови на граѓаните. Разбирливо е дека средства нема доволно за исплатување, меѓутоа разбирливо е дека граѓаните не можат веќе своите побарувања кои ги имаат државата не им дава гаранција, така да без гаранција не се убедени, уверени дали средствата и кога ќе им се вратат. Јас и порано побарав од Владата да направи една програма како и на кој начин би се вратиле средствата и како би добиле граѓаните гранација дека средствата ќе бидат вратени. Меѓутоа, до таква програма не дојде, па поради тоа Законот се однесува да се исплатува на граѓаните по 100 ДМ противвредност во денари или

во марки по член на семејството. Обезбедување на средства.

Прво е со гаранцијата, до колку има гаранција државата да даде гаранција на граѓаните, девизните штедни влогови ќе се зголемат.

Второ,обезбедување на средства од Буџетот.

Трето, обезбедување на средства од помошта од странство.

Четврто, обезбедување на средства од продажба на деловниот простор, продажба на становите, продажба на претпријатијата со трансформација на претпријатијата и други средства како би се ублажила ваквата состојба.

Мислам дека овој амандман ако Владата, односно државата Македонија даде гаранција на граѓаните, јас сум убеден дека средствата ќе бидат дуплирани во наредниот период затоа што има граѓани на кои што средствата не им се потребни во моментот за користење, само бараат да имаат гаранција и сигурност во средствата, а мислам дека државата Македонија треба и мора да им гарантира на граѓаните дека средствата ќе им бидат вратени.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(9 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б, поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(7 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б, поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(Нема ниту еден).

XX/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 2 и за додавање и нова алинеја 8-а, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа ни овој амандман затоа што ова апсолутно ги надминува сите граници на средства што ги имаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас мислам дека овој амандман е многу поблаг, односно сите други поднесени амандмани, она што јас го предлагав како закон, тогаш предлагав јас да се измени материјалниот статус на семејството, да избегнеме низа конфронтации, да не речам малтретирања на граѓаните и во таа смисла имав намера, тоа се однесуваше за семејството, не се однесува за сите членови, меѓутоа ме убеди министерот дека не може да ги контролираме девизните книшки, па така ќе имаме проблем во повеќе банки и затоа го повлеков.

XX/11.-

Сега предложив само да додадеме за ученици и студенти кои живеат надвор од местото на живеење заради тоа што посебно се работи за одредена категорија граѓани кои навистина немаат услови да ги школуваат децата кои се во Скопје, на пример од Тетово во Скопје, од Куманово во Скопје и студенти заради, да не речам, доста оптоварени материјални работи за издржува&е на тие деца, односно на студенти.

Практично родителите имаат пари во банка, меѓутоа не можат да извадат заради некој цензус кој се однесува да кажам на двајца професори или двајца наставници околу пет-шеснаесет илјади денари и заради тој цензус тие практично не можат да ги користат средствата. Макар да јас предложив на некој начин и Владата, односно Министерството за труд и социјална политика кое е надлежно да ја носи одлуката за критериумите за користење на овие девизи, сепак малку да ја прошири заради тоа јас лично сум убеден бидејќи ја следам таа проблематика, најголемиот број на лица кои имаа многу малку заштедено, да не речам, она што значи најголемиот број тие веќе ги искористија заради тоа што се работи три. Останаа оние што имаат големи пари, меѓутоа тие големи пари можат да ги користат во другите форми, она што значи купување на деловен простор, да не кажам плаќање на царинските обврски и тн. и тн., а останува оној, да не речам загрозениот дел кој на некој начин има можност.

Ако Владата мисли дека може да го покрие овој амандман нека го прифати. Пратениците нека гласаат по своето убедување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за додавање нова алинеја 8-а, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

По некоја инерција, можеби заради замореност министерот така кажа, го прифативме Буџетот изменивме многу сериозни ставки да го пореметиме Буџетот, а овде се работи за една практичност. Јас ќе ви кажам, бидејќи ја следам работата дека она што го обезбедуваме на граѓаните, крајно при користење на средствата, тие се изложени некој да ги експлоатира со 5% до 10%, заради тоа што треба сега за умрениот човек да оди во чистоќа таму да земе една фактура а тие велат 5% провизија. И така заробените пари овој треба да ги даде. Исто тоа се однесува и за други работи. Јас овдека проширив само. Владата се определи за смртните случаи да дава во готово, мислам дека тоа е позитивно, ќе ја надминеме оваа проблематика. Јас го проширив тоа и за свадби. Во Законот таа форма постои меѓутоа, тоа да се плаќа на фактура. Но, сиромашниот слој кој прави свадби, а има некоја заштедена

девиза, не е во можност да прави свадби во кафани. Практично со фактури ние ги тераме граѓаните да прават свадби во кафани, а не да ги прават дома за што мислам дека е поевтино. Јас заради тоа поднесов еден ваков амандман да може на овие луѓе да им се плаќа во готово и мислам дека Владата може да го поднесе, меѓутоа гледам дека и психофизичката наша на следење не ни е доволна, па можеби Владата сега по една инерција еве вака не прифаќам, не прифаќам, меѓутоа, се работи за граѓани. Така да ве молам овој амандман има место да се поддржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

28 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2,став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ако имам поддршка од 10 пратеници барам повторно да се гласа, бидејќи не се знаеше кој како гласа»

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема поддршка.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 2-а и 2-б поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

XXI/3.-

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

двајца гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 2-а и 2-6, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот пс текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Кој е против? (еден)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за гаранции на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993,1994 и 1995 година.

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за станбени односи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Влагата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам му предлага на Собранието да не го усвои Предлогот за донесување на овој закон од причините наведени во извештајот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за станбени односи.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

Благодарам.

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

XXI/5.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 12 за менување на новиот член 61-б.

Пратеникот Рами Туда, поднесе амандман на член 3 во новиот член 12 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Србиновски поднесе амандман за додавање два нови члена 10-а и 10-б по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на новиот член 61-б поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 12 став 3 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 во новиот член 12 став 3 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 10-а и 10-б поднесен до пратеникот Јован Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Кој е против? (еден)

Кој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет.

Минуваме на **<u>точката 13</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за трансформација на претпријатијата и за- другите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон,при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и укажувањето на комисиите да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок,молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Кој е против? (4 пратеници)

Кој се воздржува до гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 14</u>** - <u>Предлог на одлука за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1996 година.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизна та политика и платниот биланс на Република Македонија за 1996 година.

Минуваме на **точката 15** - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1996 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласањето? (двајца)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика за 1996 година.

Минуваме **на точката 16** - Предлог на одлука за дополнува=>е на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот пс текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на кокисите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **точката 18** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен,

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Кој е против? (никој)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје.

Минуваме на **точката 19** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган, декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој).

XXI/11.-

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Сакам на крајот да Ви ја честитам Новата година на сите присутни пратеници и министри, да ви посакам добро здравје и многу среќа во идната година. (Аплауз).

(Седницата заврши во 23,00 часот)